БИБЛИОТЕКАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ НА МАКЕДОНИЈА

# БИБЛИОТЕКАРСТВО



ВОЛУМЕН 37 (2021) БР. 1-2 СКОПЈЕ 2021 ISSN 1409-9357

Почитувани,

Најсрдечно ве информираме дека списанието „Библиотекарство" и оваа година излезе од печат со помош на Министерството за култура на РСМ. Пред вас е најновиот број исполнет со разновидни содржини од библиотекарската теорија и практика со надеж дека ќе ги исполни вашите очекувања, желби и потреби за нови сознанија од областа на библиотекарството. Редакцискиот одбор на списанието „Библиотекарство" ги разгледа пристигнатите текстови и го оформи истото содржински и тематски. Редакцискиот одбор ги поканува и понатаму сите заинтересирани автори и колеги од областа на библиотекарството активно да придонесуваат за збогатување на содржините на списанието „Библиотекарство". За повеќе информации за работата на Библиотекарското здружение на Македонија и нови информации, посетете ја нашата интернет-страница www.bzm.org.mk

*Од Редакцијата*

**СОДРЖИНА**

м-р АНИЦА ГЛИГОРОВА МИЛЕВА - ПРОМЕНИ - ПРЕМИНИ - ПОВРЗИ - ПРИМЕНА НА НОВИ СТАНДАРДИ ВО РАБОТЕЊЕТО....................5

м-р ЕЛМЕДИНА АБДУЛАХИ - ВО ЧЕКОР СО ВРЕМЕТО - БИБЛИОТЕКАТА МАКС ВАН ДЕР ШТУЛ.........9

ГАБРИЕЛА КРСТЕВСКА - ВИЗИЈА ЗА БИБЛИОТЕКА НА ИДНИНАТА....................15

ГОРДАНА КРОТКОВА - ПОГОЛЕМА ДОСТАПНОСТ НА МИКРОФИЛМОТ ПРЕКУ ДИГИТАЛИЗАЦИЈА ВО НУБ "СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ - СКОПЈЕ ....................18

ГОРДАНА ПЕШЕВСКА - СОВРЕМЕНОТО БИБЛИОТЕКАРСТВО КАКО ПРОФЕСИЈА ....................21

ИЛИНА СМОКОВСКА - БИБЛИОТЕКИТЕ, БИБЛИОТЕЧНИОТ МАТЕРИЈАЛ И ДИГИТАЛНИТЕ ПЛАТФОРМИ НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ: СОЗДАВАЊЕ И РАЗВОЈ ....................25

ИВОНА ЏАМТОВСКА ЈАНКУЛОВСКА - ИДНИ ПРЕДИЗВИЦИ И УЛОГИТЕ НА БИБЛИОТЕКИТЕ....................30

ЈУЛИЈА СИМОВСКА-ДИНКОВСКА - БИБЛИОТЕКАТА И НОВОТО ВРЕМЕ... ....................35

ЛЕНЧЕ Т. АНДОНОВСКА - БИБЛИОТЕКАРСКАТА ПРОФЕСИЈА - ПРЕДИЗВИК ЗА НЕЈЗИНА ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА И ЗАШТИТА....................37

ЛИДИЈА МИРЧЕВСКА - ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА НА БИБЛИОТЕКАРСКАТА ПРОФЕСЈА....................40

Д-р ЛИЛИ БОШЕВСКА - АНАЛИТИЧКО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА ВО УЧИЛИШНАТА БИБЛИОТЕКА, ПРЕДИЗВИК ЗА СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК-БИБЛИОТЕКАР ПРИ ПОТТИКНУВАЊЕ НА АКТИВНОТО ЧИТАЊЕ....................42

МАГДАЛЕНА КОЧОВСКА-САЛТИРОВА - ИНОВАЦИИ ВО БИБЛИОТЕКИТЕ - ОСВРТ КОН НОВИ ПРОЕКТИ, НОВИ УСЛУГИ, РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ, РАЗВОЈ НА КРЕАТИВНИ ПРОГРАМИ И СЛ....50

МАРИАНА ПАЛАШЕВСКА - ИНОВАЦИСКИ МЕНАЏМЕНТ ВО БИБЛИОТЕКИТЕ (Q-theke)....55

м-р МАРИЧЕ БОЗДОГАНОВА - ПРОМЕНИ, ВИЗИИ ВО БИБЛИОТЕЧНОТО РАБОТЕЊЕ....61

м-р МИЛКА КОТЕВСКА - ИЗДАВАЧКАТА ДЕЈНОСТ НА БИБЛИОТЕКАРСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ НА МАКЕДОНИЈА....64

РУМЕНА ТОДОРОВА - ИНОВАЦИИ ВО БИБЛИОТЕКИТЕ - ОСВРТ КОН НОВИ ПРОЕКТИ, НОВИ УСЛУГИ, РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ, РАЗВОЈ НА КРЕАТИВНИ ПРОГРАМИ И СЛ....75

м-р ТОМИСЛАВ КАРАНФИЛОВСКИ - КРЕИРАЊЕ ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА БИБЛИОТЕЧНИ ФОНДОВИ....83

м-р ЖАКЛИНА УГРИНОСКА - ПРОМЕНИ - ПРИМЕНИ - ПОВРЗИ: ИДНИ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА БИБЛИОТЕКАРИТЕ....88

БИЛЈАНА АЏИОВСКА-ПАНЏАРОВА - ВИЗИЈА ЗА БИБЛИОТЕКАТА НА ИДНИНАТА ....94

м-р ЕЛЕНА СТАНКОСКА - ПОЧЕТОЦИТЕ И ВПЕЧАТОЦИТЕ ОД ВОВЕДУВАЊЕТО НА КОБИСС ВО ОХРИДСКАТА БИБЛИОТЕКА "ГРИГОР ПРЛИЧЕВ....99

м-р СЛАВИЦА ПЕТРОВИЌ-ТОДОРОВА - БИБЛИОТЕКАТА КАКО ДЕЛ ОД ИНКЛУЗИВНАТА СРЕДИНА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИТА ....103

м-р Аница Глигорова Милева, библиотекар-советник
ЛУБ „Благој Јанков Мучето“ Струмица

# ПРОМЕНИ – ПРИМЕНИ – ПОВРЗИ ПРИМЕНА НА НОВИ СТАНДАРДИ ВО РАБОТЕЊЕТО

Апстракт

Библиотеките отсекогаш играле значајна улога во споделувањето на знаењата преку давање сигурни и секогаш точни информации. Во дигиталниот свет, преку интернетот и информатичката технологија податоците станаа подостапни, но во исто време опадна и веродостојноста на овие податоци. Стандардите се метод што им овозможува на библиотеките одржување на квалитетот на податоците и на услугите коишто им ги бараат корисниците. Само со правилна примена на стандардите во библиотеките, како основна алатка за полесно управување со квалитетот на големи количини податоци, како хартиени, така и дигитални, тие ќе можат да го задржат своето место во глобалното информатичко општество. Персоналот на библиотеката во дигиталниот свет треба да се труди да собере корисни информации од доверливи и проверени извори со цел да им понуди брзи и точни одговори на своите корисници. Точните и навремени информации се шират благодарение на посветеноста на вработените во библиотеките кои им овозможуваат на корисниците да ја изберат вистинската насока на автопатот од милиони информации.

Клучни зборови: библиотека, информатичка технологија, стандарди, квалитет на услуги.

Квалитетот на услугата е тој што го одредува статусот и идниот раст на една институција. Во време на информатичко-дигитално насочување на работите, библиотеките треба да се фокусираат на квалитетот на услугата како бренд по кој сите би ги препознавале. Со новата технологија, нејзината лесна достапност и глобализацијата, библиотеките добија силна конкуренција – интернетот, социјалните мрежи, е-книгите. Иако социјалното влијание на технологијата е огромно, самата технологија не предизвикува општествени промени, туку нив ги формира заедницата. Фокусираноста кон корисниците, нивните потреби и очекувања преку истражување на јавното мислење е само еден од начините да се обезбедат повратни информации. Библиотеките ги претвораат добиените информации во корисни активности за подобрување во работењето, притоа создавајќи една општа слика за институцијата којашто постои за граѓаните и којашто обезбедува квалитет, доверба и задоволство.

Денес библиотеките се фокусирани кон развивање и воведување нови улоги и модели на услуги коишто вклучуваат нови вештини преку вложување во постојаниот развој на персоналот. Вработените во библиотеката треба добро да ги познаваат своите корисници за да ги подобрат библиотечните услуги. Треба да си поставиме мерливи и остварливи цели за да се обезбедат подобри услуги и стратегии. Библиотеките треба да ги формулираат јасно своите цели, приоритети и услуги, во согласност со потребите на заедницата. Промената е континуиран процес, а не непосреден чин, којшто бара посветеност за да се овозможи културна трансформација заснована на квалитет. Квалитетот не е случајност, тој е резултат на искрен напор, намера, интелигентно управување, способно анализирање и извршување, тој е паметен избор од многу алтернативи. Аристотел рекол: „Квалитетот не е дело, тоа е навика“.

За да ја подобриме услугата во библиотеката, треба да ја ревидираме нашата методологија, да бидеме поактивни, иновативни, флексибилни и фокусирани кон квалитетот како фактор што ја дефинира секоја организација.

Библиотеката е систем на многу услуги што се целосно интегрирани меѓусебно и заедно извршуваат јасно дефинирана функција. Крајниот корисник ги добива потребните информации заради кои ја посетил библиотеката. Сè што правиме произлегува од давањето точни и издржани информации за некој да ги користи. За да ја обезбедиме најдобрата можна библиотечна услуга, треба да ги разбереме врските помеѓу различните функции на библиотеката и да почнеме да ја гледаме како систем којшто е подложен на стандардизација. Стандардизацијата ја олеснува работа, воведува ред, поедноставува, појаснува, помага во ширењето на знаењето преку информатички и комуникациски технологии.

Стандардите ја определуваат рамката на системот во кој точно се наведуваат влезните, излезните и функционалните параметри, детално објаснети во секој сегмент од системот.
Општи цели на стандардизацијата:
- олеснување и јасно дефинирање на комуникацијата во работниот процес кој, кога, зошто и како;
- континуирани обуки на персоналот;
- задоволни корисници;
- цели и планирање;
- ресурси;
- тек на работата;
- евалуација на постигнатите резултати;
- раководење (менаџирање) на промените;
- осигурување на квалитетот на услугата;
- следење на работата преку показателите за квалитет;
- користење методи веќе докажани за анализа (SWOT; GAP);
- преиспитување на функционалноста на системот.

Една од придобивките на стандардот е што во својата рамка одредува точни процедури, формулари за текот на процесот, на пример раководење (менаџирање) со промените која јасно го дефинира текот на процедурата од почеток до реализација за една нова услуга да почне да се применува во библиотеката.

**Процедурата за раководење (менаџирање) со промените во себе треба да содржи:**

**1. ЦЕЛ**

Да се дефинира начинот на развој на нова или модификација на постоечка услуга. Да се дефинираат одговорностите и овластувањата, распределбата на задачи, текот на активностите и контролата при развојот.

**2.ПРИМЕНА И ОДГОВОРНОСТИ**

Одговорноста за примената на оваа процедура ја имаат:
- директорот на библиотеката;
- одделението за развој на нова услуга;
- членовите кои ќе учествуваат во развојот на нова услуга.

**3.ОБЈАСНУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ**

**Иницијатива за нова или модификација на постоечка услуга**

Инцијатива за развој на нова услуга, или модификација на постоечка може да пристигне како резултат на:
- задолжение добиено од директорот;
- барање на корисниците – испитување преку анкета;
- интерна идеја од вработените;
- невладини организации, група граѓани, здруженија.

**Одобрување и избор на тим за развој**

Врз база на анализата, директорот има одговорност за прифаќање или отфрлање на иницијативата за развој на нова или модификација на постоечка услуга.
Доколку иницијативата биде отфрлена, за неа се доставува информација до предлагачот.
Доколку иницијативата биде прифатена, директорот одредува тим за спроведување на развојниот проект.

**Изработка на план и дефинирање одговорности**

Планот за развој во зависност од обемот на проектот треба да содржи информации за потребните активности, планирани рокови и одговорности за нивно спроведување.
Директорот го прегледува и го одобрува планот.

**Верификација на новата услуга**

Директорот врши анализа на информациите добиени од примената на новата услуга. Од анализата може да произлезе потреба од измени во документацијата. Позитивниот резултат од анализата преставува верификација на услугата. Новата услуга се испитува согласно со поставените

барања (дефинирани со стандардот) врз одредена целна група.

**Одлука за користење на новата услуга**

Доколку добиените резултати од анализата врз целната група се охрабрувачки, директорот носи одлука за користење на новата услуга во работата на библиотеката.

**Инвестициски активности**

Доколку за воведувањето на новата услуга се потребни инвестиции, директорот има одговорност да ги оствари сите потребни активности.

**Архивирање**

Документите од фазите на развој на новата или од измената на постоечката услуга се архивираат во досие. На овој начин документацијата преставува подлога за идни проекти и за обука – пренесување на знаењето на вработените. Архивираната документација преставува организациско знаење, коешто треба да:

- им биде на располагање на вработените кои имаат овластување за пристап до неа;
- биде заштитено од лица кои немаат овластување за пристап до неа.

**Карактеристики на стандардот**: кохерентност и доследност;постојано се подобруваат;имаат референтен статус;меѓународно и национално препознатливи;достапни (со помош на акредитирани тела).

**Според нивото, стандардите може да бидат**: меѓународни стандарди; регионални стандарди; државни/национални стандарди.

Стандардот ИСО 9001:2015(Е) којшто се користи во индустријата за управување со квалитетот, но не се мисли само на квалитет на производот, туку се мисли на квалитетот на целиот процес, можеме да го промениме, примениме и поврземе со работата во библиотеките за намалување на грешките и подобрување на квалитетот на услугата за корисниците. Сите барања на овој меѓународен стандард се генерички и се применливи за која било организација, без оглед на нејзиниот вид или големина, или производите и услугите што ги обезбедува.

**Принципи за управување со квалитетот на ИСО 9001:2015(Е) се:**

- фокус на клиентите;
- лидерство;
- ангажман на луѓе;
- пристап на процес;
- подобрување;
- донесување одлуки засновани на докази;
- управување со комуникациите.

Повеќето од сегашните стандарди во областа на библиотекарството со појавата на современата информатичка технологија и новите медиуми не ги покриваат сите активности во современото библиотечно работење, затоа се чувствува зголемена потреба за вклучување нови стандарди во работењето.

Библиотеките имаат потреба од стандарди коишто ќе дефинираат: средства, обработка на материјали (традиционални и електронски), дигитализација на записи, библиографски пребарувања, простор за дигитално складирање, стручен кадар, комуникација, протоколи. Потребата за прецизен опис на сите постапки, коишто се изведуваат во еден процес, меѓународна координација и соработка меѓу библиотеките, јасно формулирана политика, дефинирани цели, приоритети и услуги, во согласност со потребите на локалната заедница.

Едно ново согледување чија крајна цел би било унапредувањето во работењето. Современите текови на модерното општество одредуваат воведување модерен начин на работа преку воведување одредени стандарди во институциите и со тоа тие се унапредуваат. Ако ние не ги следиме новите текови и начини на работа и примена на одредени методологии за да се унапредуваме, библиотеките полека и едноставно ќе згаснат. Секоја јавна или приватна организација што ѝ е посветена на својата работа се труди да обезбеди квалитет, ефикасност, одржливост и примена на најдобрите практики.

Стандардите можат да помогнат да се постигнат најдобри резултати, да ја подобриме нашата работа, овозможувајќи постојано подобрување на услугите, но и на репутацијата во однос на

општествените промени како реалност на секојдневниот живот.

Подигањето на лествицата во нашето работење ќе ја постигнеме со нови методи и начини на работа преку минимизирање на работниот напор на вработените во библиотеката и максимизирање на потребите на корисниците, при што вработените би работеле повеќе паметно отколку напорно.
Сето тоа можеме да го исполниме само преку строго придржување кон стандардите и исполнување на нивните услови и работење според одредени правила:

- Менаџментот препознава и обезбедува посветеност и поддршка за воспоставување успешен систем на управување.
- Процесот на спроведување е планиран правилно и им е соопштен на сите вработени во институцијата.
- Персоналот на сите нивоа во институцијата е квалификуван, компетентен за извршување на своите должности, обучен и мотивиран.

Воведувањето на информатичката технологија во библиотеките ги смени традиционалните библиотечни алатки и услуги и ги заменети со нови коишто работат според критериумите за дигитални библиотеки. Информациската писменост и дигиталното опкружување бараат усвојување стандарди коишто поддржуваат ефикасно стекнување, размена, истрајност и евалуација на збирката на дигитална библиотека и услуги. ИСО 27001 е меѓународен стандард. Овој стандард се однесува на заштита и безбедност на информациите. Причината за примената на ИСО 27001 се одразува во идентификацијата и анализата на ризикот за безбедност на информациите, како и нивното адресирање. ИСО 27001 се однесува на безбедноста и заштитата на информациите за работната организација и вработените, а од друга страна ја обезбедува примената на правилата за безбедност на податоците за крајниот корисник. Со ИСО 2700 може да се подигне безбедноста на информациите на повисоко ниво преку дефинирање на интегритетот, доверливоста и пристапот до информации.

Интегритетот се однесува на доверливоста на информациските ресурси. Го вклучува концептот на „податочен интегритет“, што значи, податокот не бил сменет несоодветно, што може да биде случајна или намерна активност. Вклучува исто така оригинален или изворен интегритет каде што податокот активно доаѓа од личност или ентитет на кој може да му веруваме. Интегритетот гарантира дека информацијата е вистинска, точна и комплетна. Обезбедува сигурност дека информацијата може да биде безбедно искористена. Терминот „интегритет“ обично се користи кога најголем акцент се става на безбедноста на информацијата.

Доверливост значи дека пристапот на лицата кои не се овластени за пристап до информациите што треба да се заштитат во организацијата е затворен, информациите се доверливи и треба да бидат заштитени. Или да се спречи откривањето на оваа информација од страна на неовластени лица.

Достапноста на информации значи дека информациите веднаш им се достапни на сите секогаш кога тоа е потребно. Она што е од суштинско значење е дека информациите треба да бидат достапни и подготвени за употреба, дури и ако организацијата доживува проблем. Достапноста гарантира дека системите коишто се одговорни за испорака, складирање и обработка на информации, секогаш ќе бидат достапни кога ќе им бидат потребни на корисниците.
Овој стандард ИСО 27001 се темели на:

- менаџирање со генералните безбедносни ризици;
- заштита на крајните корисници;
- одржување на достапноста на мрежата;
- безбедност и интегритет на личните податоци.

Библиотекарите играа значајна улога нудејќи поддршка за откривање и пристап до информации, преку подобрување на соработката и комуникацијата со други институции – особено служејќи како неформален „културен преведувач“. Истражувајќи ги ресурсите – од речник на медицински термини, до информации за промена на законите и новини заради пандемија, библиотеките можат да соберат најкорисни информации за да ги задоволат потребите на својата заедница.

Новиот слоган на јавните библиотеки би требало да гласи „Заедно сме посилни“. Тоа е одлична порака за сите нас, бидејќи соработката со другите институции може да произведе интегрирани услуги коишто ги бараат корисниците. Библиотеката треба да организира серија активности коишто

ќе придонесат за поттикнување и развивање на свеста за образованието, писменоста и културата помеѓу младата популација, за нивно поактивно вклучување во современите образовни и културни програми и процеси во државата. Соработката е важна алатка преку која библиотеките ќе ги постигнат своите цели. Ова се однесува не само на интерконекција на податоци, туку и на мрежно поврзување на библиотеките, организации, поединци, текови и односи преку синергии, заради меѓусебна корист и поопшто, за развојот на секоја земја – затоа што на овој начин стануваме поефикасни. На јавните библиотеки не се гледа само како на капацитет или инфраструктура што им е достапна на граѓаните, туку како на активна институција којашто треба да работи на исполнувањето на севкупната цел за сите граѓани.

Користена литература:

1. ISO 9001:2015(E)
2. ISO 27001:2013
3. file:///C:/Users/PC/Downloads/ISO_9001_2015_09e%20(1).PDF
4. Prirucnik izabranih sistema upravljanja.pdf
5. ZBORNIK-Standardizacija-i-kvalitet-biblioteckih-usluga1.pdf
6. MR - Zahtevi standarda ISO 27001 za bezbednost informacija i upravljanja rizikom primenom standa.pdf
7. https://hrcak.srce.hr/file/317111
8. Закон за електронско управување „Службен весник на Република Македонија" бр. 105/09 и бр. 45/2011.
9. O-standardima-u-bibliotekarstvu-Minic.pdf

(стручен труд)
м-р Елмедина Абдулахи, раководител на библиотека
ЈИЕУ „Макс ван дер Штул“ – Тетово

# ВО ЧЕКОР СО ВРЕМЕТО - БИБЛИОТЕКАТА МАКС ВАН ДЕР ШТУЛ

Апстракт:

Ова истражување е емпириски преглед на функционирањето на Универзитетската библиотека „Макс ван дер Штул“ којашто секогаш е спремна за усовршување или ажурирање на услугите со цел да обезбеди погоден амбиент за учење и иновативни алатки за истражување со кои на директен начин би придонесла за подобрување на квалитетот на образованието.

Повеќето од библиотеките денес нудат електронски ресурси, што значи полесно управување и пристап до ресурсите, користење е-алатки за референции и истражување и многу други бенефиции. За таа цел, библиотеката „Макс ван дер Штул“, за успешно работење на сите библиотечни операции има изготвено посебни политики, односно Библиотеката користи софтвер PMB којштo е интегриран библиотечен систем со отворен пристап. Таа редовно се синхронизира со податоците од централната база на податоци на ЈИЕУ и автоматски создава кориснички сметки. PMB исто така има и каталог со отворен пристап (OPAC). Во каталогот на Библиотеката се наведени детални информации за сите книги во нашата библиотека, како и електронските бази на податоци. Од големо значање е отворениот пристап до репозиториумот на сите тези и дисертации коишто се истражувани во ЈИЕУ.

Клучни зборови: библиотека, универзитет, истражување, студии, магистерски и докторски тези, електронски извори на податоци.

Abstract:

This research is an empirical overview of the functioning of the Max van der Stoel University Library which is always ready to refine or update services in order to provide a suitable learning environment and innovative research tools that will directly affect quality improvement. of education.

Libraries today are largely online, which means managing access to resources, using online tools for reference and research, designing websites and more.

Most of the libraries today offer electronic resources, which means easy management and access, use of online reference and research tools and many other benefits. In this regard, the Max van der Stoel library has developed special policies for the successful operation of all library operations, ie, the MBDS library uses PMB software which is an integrated open access library system. It is regularly synchronized with data from the SEEU central database and automatically generates user accounts. The PMB also has an Open Access Catalog (OPAC).

The Library Catalog provides detailed information on all books in our library, as well as electronic databases. Of particular importance is the open access of Repositories to all theses and dissertations researched at SEEU.

Key words: library, university, research, studies, thesis and dissertations, electronic data sources

**Цели на студијата**

– Начинот на функционирање на современата библиотека;
– Улогата на Библиотеката во поддршката на научната истражувачката дејност на Универзитетот;
– Соодветно пренесување инфомациите до корисниците на Библиотеката;
– Поволностите коишто се нудат со интегрираниот библиотечен систем;
– Репозиториум на тези и дисертации;
– Показатели коишто придонесуваат за подобрување на услугите;
– Препораки.

Методологија на истражување

При истражувањето се употребени методите соодветни за постигнување резултати коишто ја одразуваат реалната состојба во Библиотеката. Покрај емпириски опис, направена е анкета и се употребени

[1] Hoover, J. (2018). Gaps in IT and Library Services at Small Academic Libraries in Canada. Information Technology & Libraries, 37(4), 15–26. https://doi.org/10.6017/ital.v37i4.10596

статистички податоци од библиотечната апликација. Анкетирани се 30 корисници на Библиотеката, студенти и вработени во Универзитетот. Во истражувањето има е применет и компаративен метод, како и анализа на содржината.

**Хипотези**

Главна хипотеза на истражувањето е:

– Ажурирање на библиотечните услуги следејќи ги новите трендови за да се задржи/привлече интересот на корисниците;

Помошните хипотези на истражувањето се:

– Информациската технологија има голем придонес за подобрување на услугите;

– Современите алатки поттикнуваат интерес кај корисниците;

– Потреба за пренесување визуелна информација до студентите;

– Потреба за презентации и обуки за новите корисници.

**Библиотечна колекција и читалници**

Библиотеката „Макс ван дер Штул“ е институционална библиотека во служба на научно-истражувачките и образовни цели на Универзитетот на Југоисточна Европа. Централната библиотека е погодно лоцирана во објектот 702 на Кампусот на УЈИЕ; зафаќа вкупно простор од 565 квадратни метри, вклучувајќи ги и простории за читање, простории за состаноци (или места за групно учење), простории за компјутери и простор за дебата. Филијала на Библиотеката има и во кампусот на ЈИЕУ во Скопје, којашто ги нуди сите потребни услуги. Независно од централната библиотека, ЈИЕУ има и библиотеки ограноци на факултетите и добро организирана библиотека во Центарот за јазици.

Физичкиот простор во библиотеките освен што е наменет за читање, за складирање книги и други испечатени материјали, е и пригодно место за интеракција со новите технологии, визуализирање на податоците, место за поддршка за истражување и други иницијативи за дигитално истражување. Начинот на функционирање на библиотеките е сменет драстично со текот на годините. Како и другите помали универзитетски библиотеки, така и нашата библиотека, се борат да ја поддржат зголемената потреба за ИТ-услуги обидувајќи се да ги понудат потребните услуги.

Читалници и компјутеризација

Во Библиотеката има 200 места за читање:

– 20 места за групна работа;

– 20 места за работа на компјутер;

– 160 места за индивидуална работа.

Просторијата 702 е целосно покриена со безжичен интернет.

**Работно време за** изнајмување, враќање книги и работа на читалниците е од понеделник до петок од 8.00 до 21.00 ч. и во сабота од 10.00 до 14.00 ч.

**Библиотечна апликација ПМБ**

Систематизацијата и организацијата на книгите во Библиотеката е направена со софтверот ПМБ којшто е од типот ИЛС (Integrated Library System – ILS), во чии рамки функционира и ОПАЦ (Online Public Access Catalog).

Најлесен начин да добиете информации за работата на библиотеката или да пребарувате материјал е да го користите е-каталогот на Библиотеката преку врската: http://library.seeu.edu.mk



Слика I. Интерфејс на е-каталогот на Библиотеката

[2] https://www.sigb.net/

На левата страна се контактите и информациите за работното време на Библиотеката.
Со запишувањето на УЈИЕ, вие сте член, односно имате сметка за користење на Библиотеката. Вашето корисничко име и лозинка се исти со студентската сметка каде што се вашите лични податоци, како и другите информации за услугите што може да ги користите од Библиотеката. На пример:

- од позајмените наслови, ако имате **заостанати книги;**
- **тековни позајмувања.** Во делот каде што се заведени тековните позајмувања, вие имате можност да го продолжите рокот на позајмената книга со само еден клик на врската, или да контактирате со Библиотеката преку електронска пошта;
- список на **сите наслови позајмени** за време на вашите студии;
- **насловите коишто сте ги резервирале;**
- вие може да ѝ предложите наслов на Библиотеката со пополнување на формуларот наведен во овој дел; и
- да **составите список со книги** коишто сакате да ги прочитате.




Слика II. Интерфејс на е-каталогот на Библиотеката (My account)

**Како можам да го најдам потребниот материјал?**

За да им обезбеди пристап на студентите, Универзитетот е претплатник на меѓународни и национални електронски бази на податоци. Насловите на електронските бази на податоци се наведени на горниот дел на страницата. За пристап до овие електронски бази на податоци, Библиотеката ви проследува сметка за користење или треба да бидете присутни во Кампусот. Некои од базите на податоци се специјализирани за одредени полиња и може да имаат отворен пристап. Покрај редовните презентации од Библиотеката, се нудат и индивидуални упатства за начинот на користење на базите на податоци.

Информациите за книгите и електронските ресурси што ги има Библиотеката се автоматски наведени во каталогот. Вие можете да пребарувате книга или материјал којшто ви е потребен само со пишување податоци во опцијата за брзо пребарување или во опцијата за напредно пребарување. Можете да ги напишете насловот, авторот, полето / темата, издавачката куќа итн., дури и само дел од зборот со кој пребарувате заменувајќи го другиот дел со „*“ (на пр. за „менаџмент“ може да напишете само менаџ*).

Со цел да се добие најточен резултат: предлозите, придавки, сврзниците не треба да се користат на ниту еден од јазиците на кои пребарувате. По пребарувањето ќе имате точни информации за насловите со кои располагаме коишто во самиот текст го содржат зборот означен за време на пребарувањето. Вие ќе имате информации и за бројот на примероците, повикувачкиот бројот на книгата според кој е на полицата, локацијата и статусот на книгата. Ако материјалот што ви е потребен е на македонски јазик, треба да пребарувате со кирилично писмо. Доколку книгата што ја барате е позајмена, можете да ја резервирате со кликнување на врската: *(Place a hold on this item)*. По враќањето на резервираната книга во Библиотеката, вие ќе бидете известени преку вашата електронска пошта.

За да добиете повеќе информации како да пребарувате во каталогот, можете да кликнете на копчето за помош *(Help)*. За поспецифично или напредно пребарување користете ги Буловите оператори за кои може да се информирате на врската *(Boolean expression)*.

Во е-каталогот исто така има информации за сите тези и дисертации коишто биле успешно одбранети на УЈИЕ. Насловите што имаат зелена точка на крајот се тези / дисертации коишто имаат и електронска копија со отворен пристап. Сѐ што треба да направите е да кликнете на зелената точка или да кликнете на врската за електронска копија и ќе имате пристап до целиот материјал.
Подолу во каталогот се наведени најновите наслови на Библиотеката коишто се подготвени за позајмување.

**Како да најдам книга на полица?**

Редоследот на книгите на полиците се врши врз основа на предметна класификација. Секој материјал (книга) има повикувачки број, врз основа на кој може полесно да се најде.
Исто така, книгите се одделени по јазик, книгите на посебни јазици се ставаат на посебни полици. На секоја полица имате табли за упатство за полесна ориентација.



Слика II. Полици

Студентите на додипломски студии имаат право да користат истовремено до три книги за 14 дена, додека студентите на постдипломски студии имаат право да користат истовремено до пет книги за 90 дена и да ги продолжат уште за два рока ако никој не ги резервирал однапред. Материјалите што не можат да се позајмат, можат да се користат само во просториите на Библиотеката.

Библиотеката нуди детални обуки / презентации за тоа како да пребарувате преку е-ресурси. Доколку сакате да учествувате на овие обуки или доколку ви се потребни дополнителни информации, побарајте не преку е-пошта, по телефон или директно во просториите на Библиотеката на Кампусот во Тетово или на Кампусот во Скопје. Исто така, може да ја посетите веб-страницата на Универзитетот за да добиете одговори на најчесто поставуваните прашања.

**Резултати од истражувањето**

Колку често ја посетувате Библиотеката?

– 50% дневно;
– 28,6% неделно.

Зошто ја посетувате Библиотеката?

- 71,4% за позајмување книги;
- 14,3% за индивидуално читање.

Дали го уптребувате е-каталогот на Библиотеката?

- 91,4% да;
- 1,3% не.

За што најчесто го употребувате е-каталогот?

- 56,5% пребарување;
- 25,3 % продолжување на рокот на позајмени книги;
- 18,2% резервирање.

**Заклучок**

Бидејќи живееме во глобализиран свет каде што со помош на современата технологија најоддалечените земји можат лесно да се достигнат, кога видеоконференциите и постојаната достапност станаа секојдневие, дефинитивно се потребни усовршувања и следење на трендовите во секоја сфера.

Како библиотека, за да бидеме во чекор со времето, потребни се иновативни решенија коишто ќе привлекуваат интерес кај помладите генерации. Во ова време, универзитетските библиотеки се соочуваат со повеќе предизвици: студентите денес имаат други очекувањата во однос на библиотеките како места за учење и независна достапност на медиумите. Истото важи и за времето и локацијата. Тие читаат и истражуваат дигитално, со еден клик и честопати се презаситени од изобилството информации. Покрај тоа, универзитетските библиотеки постепено станаа поддршка и советници за истражувачите кога станува збор за академски публикации, односно истражувања – и двете области што подлежат на динамични промени.

Количината на информации расте како лавина секој ден, така што е многу важно за образовните институции да им помогнат на учениците да научат како да управуваат со протокот на информации и квалитетот на изворите на информации.

**Библиографија:**

1. Hoover, J. (2018). Gaps in IT and Library Services at Small Academic Libraries in Canada. Information Technology & Libraries, 37(4), 15–26. https://doi.org/10.6017/ital.v37i4.10596
2. Berisha, I. (2018). BOOKS, LIBRARY, SOCIETY: KOSOVO CASE. Vizione, (29), 73-80.
3. Fortunati, L. (2002). THE MOBILE PHONE: TOWARDS NEW CATEGORIES AND SOCIAL RELATIONS. Information, Communication & Society, 5(4), 513.
4. Muhammad, A. Mikkonen, T. Pinjamaa, N. (2014). How Will Digital Media Impact Education?. 141-159.
5. Evans, W. Baker, David. (2011) Libraries and Society: Role, Responsibility and Future in an Age of Change

[3] Yakovleva, E. (2011). Проблемы повышения эффективности и качества вузовской библиотеки.

(стручен труд)
Габриела Крстевска, виш библиотекар
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје

## ВИЗИЈА ЗА БИБЛИОТЕКА НА ИДНИНАТА

**Апстракт**

Модернизацијата на услугите ја претставува способноста на библиотечните организации, постоечките услуги да ги унапредат и да им го подигнат квалитетот. На овој начин библиотеките ќе ги елиминираат воспоставените форми и ќе внесат новитети во работата, коишто ќе предизвикаат внимание кај корисниците. Приспособувањето кон промените претставува процес во континуитет, тоа е предизвикот со кој се соочуваат библиотеките во современите услови на работење. Прифаќањето на одговорноста за новата улога во општеството подразбира доследност во вршењето на својата функција и спроведување на целта на библиотечната организација. Целокупните општествени промени бараат и промени во организацијата и во работењето на библиотеките и воведување современи методи на работење.

Почетниот чекор е формирање долгорочна визија на развој во работењето на библиотечната организација. Визијата пренесува јасна порака кон вработените и кон средината, за тоа како треба да работи библиотеката во иднина (Шуловиќ-Цветковска, 2011: 29).

Следниот чекор е одредување на мисијата на библиотеката – што работи и кому е наменета. Во тој случај е потребно да се дефинираат целите и задачите на библиотечната организација (Шуловиќ-Цветковска, 2011: 29).

**Клучни зборови**: модернизација, новитети во работата, приспособување кон промените, долгорочна визија, одредување на мисијата.

1.Вовед: Создавање услови за успешно функционирање на библиотеките

Приспособувањето на промените претставува значајна карактеристика на секој тип библиотека и претставува способност на библиотеките за следење на општествениот развој и за одговарање на потребите на корисниците. Во општество со брзи промени се менува и животниот стил на корисниците и нивните потреби стануваат се покомплексни и поразновидни. За да ги исполнат своите функции и да создадат услови за успешно фукционирање, потребно е библиотеките да ја прифатат својата нова улога и одговорност (Крстевска, 2020: 23).

Во работењето на библиотеките, приспособувањето кон брзите промени на општественото живеење претставува непрекинат процес на кој делуваат различни услови. Тие услови можат да се разграничат на внатрешни и надворешни. Внатрешните услови имаат најголемо влијание и зависат од самите библиотеки и вработените лица во нив. Од множеството на овие услови најзначајни се оние коишто придонесуваат кон ефективност, односно крајниот резултат изразен преку бројот и задоволството на корисниците (Крстевска, 2020: 23).

Со цел да се обезбеди успешно функционирање на библиотечните организации, преку обезбедување квалитетни услуги и успешно да се задоволат современите потреби на бројните корисници, потребно е да се елиминира отпорот кон промените. Позитивното делување на вработените во библиотеките претставува клуч којшто води кон напуштање на традиционалното работење и прифаќање на современите модели на работа. Човечките ресурси, како носители на работата од замисла до остварување, се пресудни за работата на библиотеките во 21 век (Џонс, Џорџ, 2008: 456-457).

Во развиените земји му се посветува големо внимание на управувањето со човечките ресурси, каде што во центарот на современиот начин на работење на библиотеките е вработениот и неговиот талент. Квалитетни, талентирани кадри значајни се како никогаш досега, во која било област на работење, па според тоа и во библиотечно-информациската дејност (Мартин, 2014: 129-132).

Следен значаен внатрешен услов претставува синхронизираната тимска работа. Современото работење има потреба од добра организација во сите служби во библиотеките, функционална поделба на работата, конкретен придонес и одговорност на сите учесници во извршувањето на работата и

согледувањето на резултатите, како исход на квалитетната тимска работа (Џонс, Џорџ, 2008: 593-594).

Исто така, како еден од условите којшто придонесува за успешното работење на библиотеките е усвојувањето и примената на правила за професионално однесување. Овие правила не ја ограничуваат работата, напротив тие доведуваат кон подобро уредување на работата, поттикнуваат инвентивност, креативност и иницијатива. Во време кога многу професии имаат усвоено вакви слични правила, неразбирливо е библиотекарската професија да не применува правила, коишто потврдуваат дека кон процесот на професионализација на професијата е постапено сеопфатно (Петровски, 1999: 88-92).

Континуираното стручно усовршување на библиотекарите претставува императив за исполнување на комплексните задачи во развојот на библиотеките. Постојаното информирање за добрите примери од практиката и размената на искуства претставуваат едни од условите коишто обезбедуваат добри резултати (Караџоска, 2011: 76-80).

Стимулацијата за успешно остварување резултати и иновативните решенија се многу важни во успешното функционирање на современите библиотечни организации, па според тоа би требало да бидат регулирани со одреден правилник. Охрабрувањето и наградувањето за остварувањето на новите идеи коишто ќе го осовременат работењето на библиотеките го отвораат патот до нови корисници и помагаат за пронаоѓање позитивни решенија (Стојменовиќ, 2011: 379-393).

**2.Подобрување на флексибилноста на библиотеките**

Покрај стандардните работи коишто ги вршат библиотеките, како што се:

- набавување, истражување, собирање, стручно обработување и проучување, заштитување, чување, објавување, информирање, презентирање и давање на користење библиотечен материјал;
- промовирање и афирмирање на библиотечниот фонд преку изложби, предавања, литературни читања, семинари и курсеви, прикажување филмови и други форми на дејствување;
- обезбедување услови за користење и за научно и стручно проучување на библиотечниот фонд;
- издавање стручни публикации, каталози, водичи и друг информативен материјал;
- позајмување и размена на библиотечен материјал со други библиотеки и сродни установи и сл.

(„Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04, 89/08. 116/10, 51/2011, 88/15, 152/15 и 39/16), библиотеките се повеќе стануваат „третото место" во животот на поединецот.

Тоа значи дека библиотеката претставува:

- местото каде што корисниците го поминуваат своето слободно време;
- местото за самообразување и доживотно учење;
- местото за сервисни информации.

Приспособувањето кон потребите на новата генерација корисници го елиминира стереотипот во работата, а традиционализмот го сведува во рамките на неопходноста во професијата. Хармонизацијата помеѓу современите и традиционалните модели во работата во библиотеките претставува неминовност и реалност (Крстевска, 2020: 26-27).

Брзината на приспособување на библиотечните организации кон брзите промени на општественото живеење, е видлива најмногу преку услугите и организација на работата. Тоа се однесува на:

- формирање нови услуги;
- обезбедување услуги надвор од библиотечната зграда (алтернативни библиотеки);
- осовременување и збогатување на постоечките услуги;
- дигитализација на библиотечниот фонд и обезбедување е-услуги на корисниците коешто е особено значајно во време на ковид-19 и евентуални други вонредни околности;приспособување на работното време кон потребите на корисниците.

Развивање нови услуги во бибиотеките ја зголемува актуелноста и го привлекува вниманието на корисниците и поширокато јавност. Услугите можат и потребно е да бидат разновидни, па според тоа библиотеките треба да:

- ги следат општествените промени;помогнат во зачувувањето на културата, историјата и традицијата;поттикнуваат културен и уметнички развој на луѓето од различни старосни групи;организираат состаноци на поединци и групи;
- спроведуваат едукација и обука;

- придонесуваат за информирање на граѓаните;развиваат програми наменети за младите.

**3.Заклучок**

Во денешни услови библиотечните организации имаат потреба од приспособување кон константните промени во опкружувањето. Во новата ера каде што знаењето по својата важност се наоѓа на врвот во секоја организација, најуспешни се оние организации коишто се богати со невидлив имот, т.е. информации и знаење коешто го поседуваат. Во дваесет и првиот век, успехот на секоја библиотечна организацијата зависи исклучиво од нејзината способност да се приспособи на таквото динамично работење. Како фактори на успех коишто ќе ја определат иднината на библиотеките се квалитетот, иновацијата и кративноста. Луѓето и понатаму ќе имаат централна улога во развитокот на библиотечните организации, па затоа е потребно човечкиот потенцијал постојано да се развива. и унапредува.

**Summary**

Service modernization represents the ability of library organizations to enhance existing services. In this way, libraries will eliminate the established forms and will introduce innovations in the work, which will cause attention among the users. Adapting to change is an ongoing process, it is the challenge that libraries face in modern operating conditions. Accepting responsibility for the new role in society implies consistency in performing its function and implementing the purpose of the library organization. The overall social changes require changes in the organization and operation of libraries and the introduction of modern methods of operation.

The initial step is to form a long-term vision of development in the operation of the library organization. The vision conveys a clear message to staff and the environment about how the library should work in the future. The next step is to determine the mission of the library - what it does and for whom it is intended. In that case it is necessary to define the goals and objectives of the library organization.

Key words: modernization, work innovations, adaptation to change, long-term vision, mission definition.

**Користена литература:**

1. Караџоска, Н. (2011). „Менаџмент во библиотеките", Прилеп: Градска библиотека „Борка Талески"
2. Крстевска, Г. (2020). „Воведување на современиот менаџмент во библиотеките : стручна монографија", Струмица: ЈУ Библиотека „Благој Јанков Мучето"
3. Петровски,Д. (2011). „Библиотечен менаџмент", Битола: Педагошки факултет
4. Петровски, Д.Ј. (1999). „Менаџмент на библиотечните промени и професионален развој на кадрите" Битола: Факултет за учители и воспитувачи
5. Мартин, Џ. (2014). „Клучни концепти во управувањето со човечки ресурси", Скопје: Арс студио
6. Гоцевски,Т. (2007) „Образовен менаџмент", Скопје: Филозофски факултет
7. Џонс, Г.Р.; Џорџ, Џ.М. (2008). „Современ менаџмент", Скопје: Глобал комуникации
8. Ињац, В.; Црногорац, В. (2011). „Стандардизација и квалитет библиотечких услуга : зборник радова за меѓународне научне конференције", Београд: Библиотекарско друштво Србије
9. Шуловиќ-Цветковска, Н.П. (2011). „Стратегиски развој на јавните библиотеки во Република Македонија : магистерска теза", Скопје
10. „Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04, 89/08. 116/10, 51/2011, 88/15, 152/15 и 39/16

(стручен труд)
Гордана Кроткова,
ваш библиотекар
НУ Национална и универзитетска
Библиотека „Св. Климент Охридски“ - Скопје

# ПОГОЛЕМА ДОСТАПНОСТ НА МИКРОФИЛМОТ ПРЕКУ ДИГИТАЛИЗАЦИЈА ВО НУБ СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ – СКОПЈЕ

Апстракт

Микрофилмовите претставуваат копии од документи со намалена големина што се користат за зачувување на оригиналните материјали. Дигитализација на микрофилмот претставува процес во кој филмот се пренесува на дигитални слики. Особено во време на светска пандемија, каква што владее во изминатиов период во целиот свет (ковид-19) дигитализацијата како процес е неопходна. Во минатото, микрофилмувањето се користело за зачувување на материјалите и нивно складирање како архивски документи. Денес дигитализацијата на микрофилмот во светот се прави за зачувување на микрофилмот од евентуално ошетување и поголема достапност за корисниците. Дигитализација на микрофилмот претставува суштинска и неодложна потреба како за библиотеките, така и за корисниците.

Клучни зборови: дигитализација, микрофилм, НУБ „Св. Климент Охридски“ Скопје.

## Збирката на микрофилмови во НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје

Збирката „Микрофилм“ се состои од многу значајни микрофилмувани материјали на ракописи, ретки и старопечатени книги, весници, списанија и други видови библиотечни материјали. Од нејзиното формирање до денес се собрани неколку илјади наслови (позитив и негатив). Од целокупниот материјал што се состои во оваа значајна колекција за особено одбележување се ракописите со македонска редакција што се чуваат во големите библиотеки во Санкт Петербург, Москва, Загреб, Белград, Софија и други значајни библиотеки. Микрофилмот овозможи комплетирање на одредени фондови со многу значајни библиотечни материјали, за кои не постоела можност да се набават во оригинална форма.

Сите тие ракописни материјали, старопечатени и ретки книги, весници и списанија и други видови библиотечни материјали во најголем дел не се во сопственост на НУБ во хартиена или изворна форма, па поради тоа е неопходна нивна дигитализација, бидејќи во случај на оштетување на микрофилмот сепак ние како институција би се соочиле со недостаток на тој библиотечен материјал.

Предноста во дигитализацијата на микрофилмовите е тоа што би се овозможил поширок пристап до документи преку дигитализација и избегнување на ризикот од нивно оштетување.

На пример во Националната централна библиотека во Рим (Biblioteca Nazionale Centrale di Roma) којашто претставува една од двете италијански национални библиотеки се користи бесконтактен скенер и опасноста од оштетување на материјалот е речиси невозможна.

Во една прилика, при посетата на директорот на Централната национална библиотека на Италија од Рим, Андреа де Пасквале во НУБ, тој изјави дека успешната дигитализација на библиотечниот материјал во нивната библиотека е направена благодарение на договорот за дигитализација што го имаат склучено со „Гугл“. Потпирајќи се на тој договор, „Гугл“ им обезбедил соодветна и потребна опрема за дигитализација на целокупниот фонд вклучувајќи ги и микрофилмовите за кои кажа дека процесот на дигитализација е екстремно брз, безбеден и ефикасен.

## Стандарди и стратегии за дигитализација во НУБ

Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје како централна институција од национално значење се стреми кон следење и унапредување на развојот на библиотечниот систем на државно ниво. Нејзината основна законска обврска е да набавува, да истражува, да собира, стручно да обработува, да проучува, да заштитува, да чува, да презентира и да дава на користење библиотечен материјал, а истовремено, согласно со Законот за библиотеките како матична библиотека покрај другите функции, е надлежна да организира, да координира и да врши

дигитализација на библиотечни материјали и библиотечни добра според меѓународни и национални стандарди, критериуми и технологии.
За поголема достапност на библиотечните добра и на микрофилмот како библиотечен материјал до пошироката јавност, како и заштита во однос на неговата употреба, препорачливо и корисно би било да се набави соодветна опрема за дигитализација на микрофилмовите во НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје.

Во рамките на проектот АСО (Austrian Science and Reaserch Liaison Office), под раководство на Националната библиотека во Љубљана, Словенија и Универзитетската библиотека во Грац, Австрија, како партнерки во проектот, подготвена е „Стратегија за дигитализација на Специјалните збирки во НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје за заштита и пристап до македонското пишано наследство 2008-2011“ со што може да се каже дека е започнат процесот на дигитализација во НУБ, но во практиката сè уште не се опфатени библиотечни материјали од овој тип медиум.
Во текот на 2010 година, преку скенирање обработка и поставување на дигитализираните колекции на дигиталната веб-страница dlib.mk, е започнат и техничкиот дел на дигитализацијата, меѓутоа засега е опфатен само библиотечниот материјал на хартија. Водени од натамошните потреби, создадена е „Стратегија за дигитализација, дигитално архивирање и управување со дигиталните објекти“ следејќи ги процесите опфатени со претходната стратегија којашто верувам нема да биде последна во унапредувањето и остварувањето на овој процес. Главна компонента во просецот на дигитализација во НУБ претставува соработката со фондацијата „Еуропеана“ – Европска дигитална библиотека којашто го внесува НУБ во семејството на европскиот дигитализиран свет на рамноправни основи со сите европски и светски библиотеки и држави.

Фокусот на овој труд е да се претстави дигитализацијата на микрофилмовите како доста значаен процес во секојдневното работење. Тие претставуваат копии од документи со намалена големина што се користат за зачувување на оригиналните материјали.

Дигитализација на микрофилмот претставува процес во кој филмот се пренесува на дигитални слики. Употребата на библиотечниот материјал дигитализиран од микрофилм би бил полесно достапен од аспект на своите корисници со што би се намалила потребата од користење на аналогниот микрофилмчитач преминувајќи кон употреба на дигитализираните ролни како достапен материјал и полесен за ракување од страна на корисниците. Достапноста на дигитализираниот материјал го зголемува бројот на евентуални корисници. Особено во време на светска пандемија, каква што владее во изминатиов период во целиот свет (ковид-19), дигитализацијата е процес којшто е неопходен за нормално функционирање како во истражувачкиот дел, така и во нормалното извршување на секојдневните обврски.

## Користење на микрофилмот и соодветна опрема за дигитализација

Користењето на микрофилмот бара посебна специјализирана опрема. Може да се користи аналоген микрофилм читач, каков што имаме за потребите во НУБ, но истовремено може да се користат и скенери коишто би го дигитализирале микрофилмот, со што би се обезбедила поголема достапоност до читателите и истражувачите од различни области.
Во минатото, микрофилмувањето се користело за зачувување на материјалите и нивно складирање како архивски документи. Федералните агенции или владините агенции во САД се главните корисници на овој вид складирање на медиуми. Од пишани документи, медицински документи, до историски весници или други архивски трудови, сите се архивирани на микрофилм или микрофиши за долгорочно зачувување. Денес дигитализацијата на микрофилмот во светот се прави за зачувување на микрофилмот од евентуално оштетување.
Работејќи на едно мало истражување за дигитализација на микрофилмот дојдов до сознание дека процесот на дигитализација на микрофилмот не е тежок, меѓутоа не е ни најмалку лесен процес. За да се дигитализира еден микрофилм се потребни неколку ставки, и тоа:

– Микрофилм што треба да се дигитализира;
– Дигитален читач или опрема за скенирање микрофилм;

– Софтвер за скенирање микрофилм за подобрување на сликата;
– ОЦР-софтвер за слики (по избор);
– Хардвер за складирање (или cloud account).

Постојат повеќе достапни форми на микрофилм, но во НУБ ја имаме само величината од 35 мм, којшто претставува микрофилм со висина од 35 мм и има различна должина и се спојува во ролна.
Националната библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје има илјадници уникатни трудови на микрофилм коишто мора да бидат заштитени од можно уништување. Ова бара економично решение за дигитализирање историски важни документи. Целта не е само да се зачува македонското културно наследство, туку и да се направи достапно за што поголема корисничка маса.
За да се зачува од евентуално несовесно користење, но и користење исклучително застарени микрофилмчитачи, сметам дека евентуалната дигитализација на микрофилмовите во НУБ ќе придонесе за поголема заинтересираност за материјали во кои се опфатени разновидни теми за историскиот разој на Македонија, приватни писма од еминентни лица, како и разни материјали. Од ракописите би ги издвоила ракописите на Добромирово евангелие и Слепченскиот апостол. Двата ракописи датираат од XII век, а нивните оригинали се чуваат надвор од Македонија. Пишувани се во рамките на Охридската книжевна школа, на пергамент.

Дигитализацијата исто така го олеснува споделувањето на овие историски богатства. Ова би било голем придонес во културата, дигитализираниот микрофилм да стане подостапен за секого. Во ера на голема и брза трансформација на општеството и економијата, од суштинско значење е да се осигура дека секторот за културно наследство има најдобри инструменти, ресурси, знаења и вештини за да се искористи максималното од дигиталната транзиција.

Summary

Microfilms are reduced-size copies of documents used to preserve original materials. Microfilm digitization is the process by which film is transferred to digital images. Especially in a time of global pandemic, as it has been in the past in the whole world (COVID 19), digitalization as a process is necessary. In the past, microfilming was used to preserve materials and store them as archival documents. Today, the digitization of microfilm in the world is done to protect the microfilm from possible damage and greater availability for users. The realization of the digitization of the microfilm is an essential and urgent need for both libraries and users
Keywords: digitization, microfilm, NUB "St. Kliment Ohridski" Skopje

Користена литература:

- Закон за библиотеките. // „Службен весник на РМ“ бр. 66/04, 89/08, 116/10, 51/2011, 88/15, 152/15 и 39/16
- Калајлиевска, В. (1994), Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје : НУБ „Св. Климент Охридски“
- Рангелов, А., Кумев Д. , Ивановска М., Манеска Е. (2017), Стратегија за дигитализација, дигитално архивирање и управување со дигиталните објекти [Официјален документ во НУБ]. Скопје : НУБ „Св. Климент Охридски“
- 2010 - Билтен (2011), Скопје : НУБ „Св. Климент Охридски“

(стручен труд)

Гордана Пешевска, библиотекар-советник
НУУБ „Св.Климент Охридски“-Битола

# СОВРЕМЕНОТО БИБЛИОТЕКАРСТВО КАКО ПРОФЕСИЈА

**Апстракт:**
Основни предуслови за подобрување на социјалниот статус и професионализација на современото библиотекарство се високата професионална самосвесност, самопочитување и одговорност заснована врз разбирањето и ценењето на заедничките човечки, професионални и лични вредности и идеали. Само во однос на овие вредности и идеали, може да се оствари оптимистичката визија направена пред дваесет години од Ли Финкс во едно од највлијателните дела од областа на библиотечната аксиологија: „Направете ги библиотекарите среќни во среќни библиотеки, тоа не е невозможен сон.“ (Финкс, 1989)

**Клучни зборови:** библиотека, библиотекарство, професија, занимање, професионализација

Колку библиотекарите го имаат заслуженото место во денешното време на живеење и колку всушност се знае за нивниот начин на работа. Тоа е посебен предизвик којшто мора да се негува од најмала возраст, но и да се спремат соодветни кадри коишто во иднина на вистински начин ќе ја работат оваа професија. За библиотекарите отсекогаш биле карактеристични дилемите меѓу ентузијазмот и професионализмот, помеѓу прагматизмот и идеализмот. Дали навистина постојат фундаментални разлики помеѓу старите и новите вредности во библиотекарството, или дали е тоа јадрото на професионалната мисија што не се менува и покрај промените во технологијата?

Со оглед на сè поголемите промени во библиотечната професија под влијание на технолошките иновации, биле спроведени испитувања за потребите и видот на библиотекарското образование во 21 век. „Покрај традиционалното знаење и вештината, идентификувани биле и нови услови: флексибилност, доживотно учење, технолошки вештини, маркетинг, стратешко планирање и управување“ (Stačin-Rošić, 1998: 155). Истражувањата во Германија покажале дека потребите за усовршување на тамошните библиотекари биле разновидни, а се однесувале пред сè на обучување за работа со новите технологии, менаџментот, градење односи со соработниците, обука за работа со корисниците, т.е. за работа во јавниот сектор, обука на корисниците, комуникација на работното место, реторика, англиски јазик, развој на личните предиспозиции.

Во минатото, како извори на информации најчесто се сметале печатените (книжните) материјали. Во денешно време, во библиотеката, корисникот може да дојде до информации со користење покрај книжен, и разновиден некнижен материјал. „Современата технологија овозможи нови, главно дигитализирани извори. Такви информации наоѓаме на медиумите ЦД и ДВД и интернетот (електронски книги, енциклопедии, речници, лексикони, филмови, музиката итн.). Пристапот до овие извори на информации им е достапен само на информатички писмените лица“ (Galić N. Školska knjižnica, “XIX. Proljetna škola školskih knjižničara RH. Šibenik 2007”, стр. 140).

Под современа библиотека денес не мислиме само на опременоста и богатството на библиотечниот фонд (тоа се подразбира), туку мислиме и на различните активности коишто таа може да ги понуди. Библиотеката треба 40% да поседува книги, а 60% од нејзината работа да е поврзана со другите услуги коишто ќе им ги понуди на корисниците.

Библиотекарството и покрај тоа што ги содржи сите потребни елементи за основање професија, честопати се смета за полупрофесија. Затоа за библиотекарството, прифатлива е социолошката дефиниција што ја толкува професијата како занимање со висок степен на кохезија и самоконтрола и постоење на идеологија. Професионализацијата тогаш може да се толкува како процес на стекнување контрола над занимањето. Во библиотекарството отсуствува самоконтролата заради отворениот пристап на оваа професија за непрофесионалци, факт дека образованието за оваа струка го организираат и го спроведуваат припадници на други професии. Комплетна

професионализација на библиотекарската струка е возможна ако се пронајдат соодветни одговори на клучните прашања во врска со идентитетот и иднината на библиотекарството и библиотекарите и односот кон модерната технологија и нејзината примена. Во овој контекст библиотекарството ги има за пример вистинските, идеални професии, коишто се пример и прототип за сите останати занимања што тежнеат да станат професии.

Според Данкерли, професијата задолжително мора да ги содржи следниве карактеристики:

- дејноста што ја извршува струката мора да биде општествено неопходна и различна од дејноста што ја вршат други групи луѓе,
- поединците кои ја вршат оваа дејност мора да се организираат во здруженија и мора да утврдат строги критериуми со кои се одредува кој може да биде член на тие здруженија,
- мора да постојат критериуми за прием во професијата; понекогаш критериум е положен стручен испит, но почесто се потребни универзитетски квалификации,
- професијата мора да развие етички кодекс со кој се регулира однесувањето на членството, но кој исто така служи како основа за добивање дозвола од општеството за таа професија да се занимава со специјализирана активност. Етичкиот кодекс ѝ е познат на јавноста и му овозможува на корисникот соодветна услуга,
- општеството го поддржува барањето од професијата за професионална независност и обично тоа го прави со обезбедување правна поддршка.

Првите три наброени карактеристики се неопходни за професијата, но се карактеристични и за занимањата. Последните две карактеристики јасно ја покажуваат разликата помеѓу професијата и занимањето.

Причината зошто е тешко библиотекарството да се конституира како професија понекогаш е поврзана со карактеристиката на знаењето на библиотекарите што е скриено од корисниците, бидејќи тие (корисниците) најчесто не ја гледаат работата на библиотекарите што се прави зад „сцената“ (стручната библиотекарска работа). Меѓусебната поврзаност на работењето на библиотеките во поголемите библиотеки каде што има поделба на трудот ја оневозможува проценката на работата на поединецот и утврдувањето на неговата вредност. Не е можно да се одделат одделни акции на поединци во финалниот производ на дело во библиотеката. Квалитетот на ова зависи од премногу индивидуи. Со други зборови, библиотекарот не може да го види производот на својата работа, затоа што тој не е само негов производ. Додека во малите библиотеки, каде што работат едно или повеќе лица, библиотекарот мора да ги врши сите работи, вклучително и оние што лесно може да се извршат од страна на парапрофесионалец. Затоа тој смета дека овие работи се товар што го спречуваат постојано да и се посвети на креативната работа. Асхајм го дефинира овој конфликт како постојан конфликт помеѓу бирократската организација на библиотеките и можноста на индивидуалниот библиотекар да функционира како креативен професионалец во неговата организација. Според тоа, кандидатот за библиотечна професија може да влезе во оваа професија или со полагање стручен испит или со завршување додипломски студии или завршување постдипломски студии. Правните или институционалните одредби го изедначуваат стручниот испит со диплома и магистерски студии по библиотекарство како стручни квалификации. Усвојувањето одредени законски регулативи во институциите на системот не секогаш имаше доволно стручна и финансиска поддршка при нивното спроведување. Соочени со големите предизвици со кои се соочуваат библиотекарите, а чие остварување бара искусни и стручни тимови луѓе и голема финансиска поддршка, тие исто така поставија нови барања за библиотекарите. Човечкиот фактор, како традиционална вредност во библиотекарството, е на крстопат помеѓу можностите, знаењето и примената на новите технологии. Библиотекарството, коешто се засноваше врз традиционалните вредности со децении, полека се движи кон нови форми на работа. Класичната работа и традиционалните вредности стануваат основа врз која модерното библиотекарство сè уште се потпира. Тие сè уште мора да бидат доволно присутни во оваа професија за да можат да започнат нови трендови и да им одговорат на денешните задачи со кои се соочува општеството. Овие процеси мора да одат заедно со големата вклученост на професионалните здруженија, поединци и релевантни владини институции.

Библиотекарската професија денес се соочува со избори. Таа мора да се одлучи како ја

замислува библиотеката и библиотекарите во блиска иднина и да даде аргументи за својот избор. Таа треба да ги знае и аргументите на другите за да може да се брани од своја страна. Доколку библиотекарството сака да биде професија, а тоа значи занимање што самото себе се контролира, тоа мора да стекне знаење за себе и за социјалното опкружување. Стекнувањето на ова знаење е предуслов за целосна професионализација.

Во светот денес универзитетите нудат програми за образување стручњаци кои ќе можат еднакво да управуваат како со традиционалните, така и со хибридните или дигиталните библиотеки, односно стручњаци кои своето знаење ќе можат да го користат во кое било подрачје од човечкото делување, во кое се бара способност за пронаоѓање, организирање и посредување со информациите (Kovačević, 2004: 63).

Во современиот свет незамисливо е успешно функционирање на образовниот систем и целокупниот научно-истражувачки процес без целосен синхронизиран и комплементарен развој на современото библиотекарско работење и развој на современи библиотеки како вечни храмови на мудроста и знаењето. Библиотекарството не е само издавање книги. Тоа е посебен вид наука којашто мора да се негува и да се практикува на соодветен начин. Затоа, на педагошките факултети постојат и посебни одделенија за изучување на библиотекарството, коешто е од огромно значење за секоја нација, како и за зачувување на блискоста со книгата. За развој на современото библиотекарство, од неопходна важност е профилирањето соодветен едуциран кадар во рамките на институционалното образование и затоа Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје ја прошири својата дејност со отворање нова студиска група за библиотекарство, чиешто научно–истражувачко подрачје се хуманистичките науки. Задачата на студиите по библиотекарство е подготвување современ профил на библиотекари - профил којшто е целосно дефицитарен во нашата држава. Новиот профил на дипломираните студенти, во голема мера, ќе биде условен од современите трендови во библиотекарството, од новите светски стратегии за развој на библиотеките, од потребите за развој на дигиталните библиотеки, од современиот менаџмент на библиотекарското работење, од Манифестот на УНЕСКО за народните библиотеки, Манифестот на УНЕСКО за училишните библиотеки, Етичкиот кодекс на библиотекарите и многу други меѓународни и национални документи, неопходни за успешно и современо библиотекарство.

Ако концептот на професија вклучува корпус на знаење и вештини произлезени од него, призната професионална обука, услужна ориентација, постоење здруженија за унапредување на професијата и јавно признавање на професијата, тогаш практиката на библиотекарство опфаќа широк спектар на активности од образование, преку сервисни, организациски и комуникациски процеси, до иновативни и проектни ангажмани. Класичната работа и традиционалните вредности стануваат основа на која и понатаму се потпира современото библиотекарство. Традиционалната улога на библиотеките во изборот, собирањето, синтезата, дисеминацијата, толкувањето и архивирањето на информациите неминовно се менува, но библиотекарите нема да го изгубат својот идентитет. Библиотекарот во суштина станува библиотекар на следната генерација, научник, информациски стручнак, библиотекар на 21 век.

Императив за професионализација на библиотекарската струка е стимулирањето на младите библиотекари да се вклучат научно, ангажирање научници за решавање на проблемите во професијата, активно работење на професионалните библиотекарски здруженија, награди, методи за проценка и сл. Само со образовани библиотекари и нивно стручно усовршување може да се промени сликата и да се зголеми угледот на професијата. Значи постојаното стручно усовршување на библиотекарот во денешно време не е оставено како можност, туку станува егзестенционална потреба за опстанокот на професијата и нејзина еволутивна трансформација во новото опкружување.

**Користена литература:**

1. Петковски, К. и Алексова М. (2004) Водење на динамичко училиште, Скопје: Биро за развој на образованието;
2. Петровски, Д. (1998) „Библиотекарство", Битола: Универзитет „Св. Климент Охридски" - Битола: Друштво за наука и уметност;
3. Петровски, Д. (1996) „Трансформација на библиотеките во Р. Македонија", Битола: Друштво за наука и уметност
4. Прентон, К. (2009) „Настава и учење на 21-от век", Скопје: Проект за основно образование
5. Sikavica P. (2008) "Temelji menadžment", Zagreb: Školska knjiga
6. Stačin-Rošić, D. (1998) "Permanentno obrazovanje i kompetentnost stručnogosoblja u školskoj knjižnici";
7. Dunkerley, David. Occupations and society. London : Routledge & Kegan, 1975.
8. Goode, William J. The librarian : from occupation to profession. // Library quarterly 31(1961), 306-320.

Илина Смоковска,
виш соработник за библиотечно работење
Филозофски факултет – Скопје

# БИБЛИОТЕКИТЕ, БИБЛИОТЕЧНИОТ МАТЕРИЈАЛ И ДИГИТАЛНИТЕ ПЛАТФОРМИ НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ: СОЗДАВАЊЕ И РАЗВОЈ

Научна конференција на тема: „Иновации во библиотеките – осврт кон нови проекти, нови услуги, реорганизација на просторот, развој на креативни програми и сл.“

**Резиме**

Со основањето на Филозофскиот факултет, во 1920 година се основа првата библиотека којашто била прва јавна библиотека во градот. А денес, во 2020 година, на 100-годишнината од основањето на Филозофскиот факултет – Скопје како најстара високообразовна институција и библиотеки на сите институти, соработниците од Одделението за библиотечно работење се јавуваат како лидери на промените и иновациите во библиотечната дејност со примена на знаење, вештини и компјутерска технологија. Одделението за библиотечно работење е тим предводен од деканот проф. д-р Ратко Дуев, кој ги отвора вратите на сите љубители и истражувачи на библиотечниот материјал, но овојпат преку електронскиот виртуелен свет на cobib.mk, дигитална форма на Порталот за научна и академска периодика на ФЗФ и Ризницата на научни и уметнички трудови на УКИМ. Филозофскиот факултет инвестира во технологија и овозможување простор со читалници во библиотеките на институтите, сè со цел да се достигнат светските трендови коишто овозможуваат за краток временски период да дојдеме до саканата иформација и нашиот библиотечен материјал да е достапен на глобално ниво.

**Клучни зборови**: Филозофскиот факултет во Скопје, библиотеките на Филозофскиот факултет во Скопје, создавање, развој, Репозиториум на УКИМ, Порталот за научна и академска периодика на ФЗФ, cobib.mk, библиотечен материјал, дигитализација.

Зракот на древниот Охрид и неговите просветители нè осветли сите нас, ги разви чувствата за развој на писменоста, науката и националните чувства на сите словенски народи. Водачи во тој процес се светите Кирил и Методиј, Климент и Наум Охридски, Теофилакт Охридски и Прохор Пчински, Јован Кукузел, Андреј Дамјанов и Дичо Зоографски, Глигор Прличев, браќата Миладиновци, Крсте Мисирков, Кочо Рацин и многу други кои ја градеа македонската писменост и македонската култура.

Со основањето на Филозофскиот факултет во Скопје како прва високообразовна институција се поставија темелите за градење на нашата национална култура, наука и образование, како и поставување и развој на низа други врвни институции од посебно национално значење.

Во далечната 1920 година на Филозофскиот факултет во Скопје започнале со работа 10 катедри на следиве отсеци: филозофски, филолошки и историски, односно бил објавен оглас за упис на следниве струки: книжевност, лингвистика, историја, филозофија и педагогија. При секој семинар на Филозофскиот факултет постоела библиотека. Постоела заедничка факултетска библиотека и две читалници, едната за професорскиот кадар, а другата за студентите. Читалницата за студентите била од отворен тип и неа можеле да ја користат и граѓаните. Факултетската библиотека се користела и од надворешни лица и така станала првата библиотека од отворен тип, всушност првата универзитетска библиотека во Скопје.

Првата историско-археолошка збирка била сместена на Филозофскиот факултет во 1920 година, во наредните години до 1927 година биле организирани и етнографската, зоолошката и геолошко-петрографската збирка.

Со формирањето на Скопското научно друштво во 1925 година, истата година излегло во печат и згаснатото антикварно списанието Гласник Скопског научног друштва во кое биле објавени научни трудови на автори од целата тогашна Југославија.

Во март 1928 година бројот на книги се зголемил на околу 60 000. Книжевениот фонд, за кој во целиот период од основањето на Филозофскиот факултет се водело грижа за неговото збогатување,

[1]Филозофски факултет во Скопје : 1920-1946-2006, Филозофски факултет, Скопје, 2006, стр. 28-29

подоцна претставувал база за почетокот на работата на Националната библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје. За време на Втората светска војна фондот бил преземен, но останал достапен и на располагање на сите студенти.

На Филозофскиот факултет се развива и издавачката дејност. На десетгодишнината од основањето на Филозофскиот факултет во Скопје, во 1930 година, излегол првиот број на списанието Годишник на Скопскиот филозофски факултет во кој биле објавени научни трудови не само од професорите на Факултетот, туку и од научни работници од другите универзитетски центри на Југославија.

Новата ера на Филозофскиот факултет започнува по завршувањето на Втората светска војна, како прва единица на првиот македонски универзитет во 1946 година со закон на Владата на НР Македонија. Првите предавања биле одржани на 16 декември 1946 година. За првиот работен ден на Филозофскиот факултет, но и за групата по историја, весникот „Нова Македонија“ на 17 декември 1946 година објавил статија за првиот одржан ден на Факултетот, впечатоците и радоста на студентите и исполнувањето на желбата за студирање на својот мајчин јазик, македонскиот.

По Втората светска војна, Филозофскиот факултет во Скопје бил составен од неколку наставни групи и катедри (вкупно 21), коишто ги сочинувале неговите два оддела: историско-филолошкиот и природно-математичкиот. Во историско-филолошкиот оддел започна наставата на групите за македонски јазик, југословенска литература, историја со историја на уметноста, филозофија, педагогија, класична филологија и романска филологија, додека во природно-математичкиот оддел на групите математика, физика, хемија, биологија и географија со етнологија. За природните струки биле создадени лаборатории и библиотеки. Библиотеките почнале да се создаваат при секој семинар и тие се основа на денешните големи и значајни библиотечни фондови на Филозофскиот факултет и неговите библиотеки коишто од семинари и катедри прераснаа во библиотеки на институтите. Книгите и списанијата биле набавени во земјата и во странство по пат на купување, размена и подароци.

Од 1948 година, до денес, редовно излегува Годишниот зборник на Филозофскиот факултет. Списанието Жива антика е основано во 1950 година при Катедрата за класична филологија на предлог од професорот Петрушевски, коешто излегува непрекинато до денес. Во катастрофалниот земјотрес на 26 јули 1963 година целокупниот богат книжен фонд на семинарската библиотека, како и фондот „Жива антика“ се најдоа под урнатините. Последните ормани со книги беа откопани во една акција од 20 до 23 јануари 1964 година. Книжниот фонд се наоѓал во лоша состојба и не можел да биде подреден и користен, а неговото средување започнало со преселувањето во новата зграда на Филозофскиот факултет.

Исто така, и семинарската библиотека на Катедрата за историја располагала со мошне голем библиотечен фонд, распореден во три подрачни библиотеки:

– Библиотеката за општа и национална историја, со околу 22.000 наслови на книги и околу 10.000 броеви од списанија,

– Библиотеката за историја на стариот век и археологија, со околу 4.000 наслови, и

– Библиотеката за ориентални јазици, литература и историја, со околу 450 наслови.

Катедрата водела огромна грижа за библиотечниот фонд и неговото сместување во библиотеката во новата зграда. Се настојувало да биде среден и достапен за студентите, наставниците и за научната јавност.

По земјотресот, Македонија, колку и да била неразвиена и сиромашна, таа им помагала на своите студенти и научници за нивен развој и напредување, но очекувањата и нивниот придонес за развој на државата биле од големо значење. Првите наставници на Филозофскиот факултет во Скопје биле мошне значајни научни работници во своите струки. Професорот Михаил Д. Петрушевски, дипломец и доктор по класична филологија се истакнал во светски размери со оригиналното толкување на ракописот на Аристотеловата „Поетика“ којашто подоцна ја превел на македонски јазик, како и античкото дело „Илијада“ и др. Со Филозофскиот факултет се поврзуваат и други големи имиња на македонската наука: Блаже Конески, Михаил Петрушевски, Харалампие Поленаковиќ, Ѓорѓи Шоптрајанов, Љубен Лапе, Јован Трифуновски, Ѓорѓи Страделов, Павао – Вук Павловиќ и многу други.

Во 1974 година Филозофскиот факултет се вселил во новата зграда во рамките на Универзитетскиот комплекс, каде што се наоѓа и денес.

[2] Филозофски факултет во Скопје : 1920-1946-2006, Филозофски факултет, Скопје, 2006, стр. 28

Во 1976 година, по повод триесетгодишнината од животот и работата на најстариот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Филозофскиот факултет во Скопје, издадена е првата монографија „Филозофски факултет 1946-1976“ под редакциски одбор составен од Ристо Кантарџиев, Христо Андонов-Полјански и Димитар Димевски. Истата година Филозофскиот факултет е добитник на наградата „11 Октомври“ за придонесите во науката и образованието. На 16 декември 2006 година е издадена Монографијата по повод 86-годишнината високообразовна дејност и 60-годишнината од основањето и почетокот на работата на Филозофскиот факултет во Скопје, кога претседателот на Република Македонија, Бранко Црвенковски, го одликува со орден Филозофскиот факултет во Скопје. 2020 година е јубилејна година за Филозофскиот факултет – Скопје, „Еден век високо образование еден век државотворност“, 100 години од неговото основање. По повод стогодишнината од животот и работата на Факултетот се одржа интернационална конференција во Охрид, септември 2019 година, од која произлезе и Зборникот на трудови „On the cross-path of cultural ideas: Macedonia, the Balkans, Southeast Europe – Heritage, management, resources“ и монографијата „...................................................“

Во издание на Филозофскиот факултет – Скопје, во периодот од 1978 до 1985 година било објавено списанието Филозофска трибина, потоа и списанијата: Историја, списание на сојузот на историските друштва на СР Македонија (1965), Социолошка ревија (1995), Дефектолошка теорија и практика (1997), Folia Archaeologica Balcanica (2006), Ревија за социјална политика (2008), Безбедносни дијалози (2010), Македонска историска ревија (2010), Филозофија (2013), Психологија: наука и практика (2015) и студентските списанија: Внатрешен патник првпат излезено во печат во 1994 година со самото официјално конституирање на новиот Сојуз на студентите со свое собрание со претставници од сите институти на Факултетот и новосозданото студентско списание на Институтот за семејни студии VOX (2019). На сите списанија во издание на Факултетот се вршела размена, а се врши и денес. Списанија во издание на Филозофскиот факултет – Скопје можат да се најдат во дигитална форма на порталот за научна и академска периодика на ФЗФ, односно на следнава врска:

http://periodica.fzf.ukim.edu.mk/godzb/GZ19(1967)/gz19.html

Денес, во 2020 година, сто години на Филозофскиот факулулет, студентите, наставно-научниот кадар и надворешните истражувачи на библиотечен материјал можат да истржуваат во 12 библиотеки на слединиве институти: педагогија, филозофија, историја, класични студии, социологија, психологија, безбедност, одбрана и мир, социјална работа и социјална политика, специјална едукација и рехабилитација, родови студии, семејни студии, историја на уметноста и археологија, сакајќи да ја зачуваме традицијата на претходните генерации и втемелувачите на трајните вредности којашто е наша мисија и сакаме да ја исполниме и да ја продолжиме како Одделение за библиотечно работење со обучен тим од соработници за библиотечно работење координатори. Целта е да помогнеме и да олесниме во достапноста на целиот библиотечен материјал којшто се наоѓа во библиотеките на Филозофскиот факултет – Скопје на голем број млади истражувачи, а со тоа ќе придонесеме кон создавањето голем број квалитетни високообразувани луѓе коишто ќе создаваат високо напредна држава. Веруваме во знаењето како највисока доблест коешто може да се стекне од професорскиот кадар на Факултетот.

Библиотеките во состав на Филозофскиот факултет се високопрофесионално организирани. Изминатите децении книгите ги набавувавме, ги сместувавме, ги обработувавме, ги каталогизиравме, дел ги дигитализиравме и ги промовиравме изложбено на разни манифестации и годишнини на институтите и Факултетот. Исто така, воведена е практика за организирано посетување саеми на книги во регионот и набавка на најнова литература.

Вкупниот библиотечен материјал на Филозофскиот факултет според инвентарните книги изнесува над милион наслови.

Започнавме со трансформација на нашите библиотеки во модерни централизирани библиотеки. Со оглед на потребата од обработка на библиотечен материјал и негово внесување во cobiss.mk, Филозофскиот факултет во соработка со НУБ „Св. Климент Охридски“ од Скопје со договор за полноправно членство во cobiss.mk на 21.11.2018 година април 2018 година, кога за првпат студентите од генерацијата 2018/2019 година од Филозофски факултет се здобија со студентски членски легитимации за неограничено користење на библиотечниот материјал во НУБ „Св. Климент Охридски“.

[3]Филозофски факултет 1946-1976, Филозофски факултет, Скопје, 1976, стр. 50

[4]Филозофски факултет 1946-1976, Филозофски факултет, Скопје, 1976, стр. 42.

По успешно поминати обуки на дел од соработниците за библиотечно работење и добивање потврди и лиценци за нив, се вклучивме во локалната база на Кооперативниот библиографски систем и сервис (COBISS.MK), односно преземање библиографски записи од локалната база cobib.mk, подготовка на локални бази на податоци (каталози) на библиотеките од Филозофскиот факултет и преземање записи од базите на податоци од националните библиотеки на Словенија, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Бугарија, Албанија, Косово, односно од cobiss.net.

Библиотеките на Филозофскиот факултет се опремени со современа информациска опрема, што овозможува пребарување преку cobib.mk во библиотеките на саканиот библиотечен материјал. Пребарување информации се врши преку Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Скопје во заемната библиографско-каталожна база на податоци cobib.mk на Филозофскиот факултет, односно на следнава врска:

https://plus.mk.cobiss.net/opac7/bib/search/advanced?db=nubsk

Го обработивме библиотечниот материјал во библиотеката на Институтот за родови студии кој брои над 750 наслови. Таа е една од поновите библиотеки на Филозофскиот факултет којашто е формирана во 2011 година. Исто така, е обработен и библиотечниот фонд во библиотеката на Институтот за семејни студии со над 240 наслови и над 1050 примероци, којашто исто така е нова библиотека формирана во 2016 година.

Во процес на обработка се библиотеките на институтите за педагогија со над 6500 наслови и 15 800 примероци, одбранбени и мировни студии коишто располагаат со над 1700 наслови и над 9700 примероци, исто така во тек е обработката на библиотечниот материјал од библиотеката на Институтот за историја со над 9600 наслови и над 30 000 примероци и библиотеките на институтите за социјална едукација и рехабилитација, социјална работа и социјална политика, социологија и класични студии којашто располага со голем библиотечен материјал.

Со самото внесување на библиотечниот материјал во базата cobiss, Филозофскиот факултет – Скопје, односно библиотеките на Факултетот се централизираа и добивме централизирана библиотека достапна за сите корисници.

Од 2019 година, соработничкиот кадар од Одделението за библиотечно работење на Филозофскиот факултет се членови во Библиотекарското здружение на Македонија и учествуваат на неговите годишни собранија и бројни работилници.

Дигитализиран библиотечен материјал во издание на Филозофскиот факултет, односно збирките и записите за научниот и уметнички опус, благодарејќи на Комисијата на ИКТ и професорскиот кадар на Факултетот, којштo го дигитализира и го постави на дигиталната платформа Ризницата на научни и уметнички трудови на УКИМ, односно на следнава врска:
https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/18?locale=mk

Со оглед на фактот дека станува збор за скоро создадена дигитална платформа, Ризницата на научни и уметнички трудови на УКИМ претставува дигитална архива на збирки записи за научниот и уметничкиот опус на Универзитетот, но истовремено овозможува и отворен и контролиран пристап до достапните содржини, нивно пребарување и понатамошна лесна обработка. Главна цел на ризницата е трајно да се складираат метаподатоците за трудовите на стандардизиран начин, којшто овозможува лесна обработка, размена и пребарување, а воедно ќе го подигне нивото на видливост на Универзитетот во целина. Ризницата овозможува и трајно складирање на трудовите, како и индексирање на целите текстови во нив, заради лесно пребарување по клучни зборови. Контролата на пристап е високогрануларна и дозволува дефинирање различен пристап кон секоја дигитална архива, но и кон секој труд индивидуално.

Моменталната состојба на автори кои ги поставиле своите трудови на Репозиториумот на УКИМ е 8981 автори, односно 1144 автори од Филозофскиот факултет, 1574 наслови на учебници, монографии, статии итн., но постапката е во тек и промените се на дневна основа, односно бројот на дигитализираниот библиотечен материјал постојано се зголемува.

Електронските ресурси создадоа многу предности за корисниците, олеснувајќи им го значително процесот на учење, но формирање услуги за оние корисници кои немаат можност за физичка посета на

[5]Илина Смоковска, Придобивки и значење на cobiss за развој на библиотеките на Филозофскиот факултет – Скопје и нивната библиотечна дејност, „Библиотекарство", вол. 36, 1-2, Скопје 2020, стр. 104-111

библиотеката или не сакаат да ја користат библиотеката во традиционална смисла.

За нашиот тим, Одделението за библиотечно работење на Филозофскиот факултет – Скопје, дигитализацијата има најголема улога во сферата на културното наследство, односно зачувување (дигитализација) на старите ретки книги коишто постепено се уништуваат и се распаѓаат и се разбира нашата цел е да се миниманизира времето за истражување на библиотечниот материјал. Како резултат на овој процес, ние работиме на создавањето дигитални архиви каде што сите видови медиумски содржини ќе бидат дигитализирани со цел да се презервираат, но и да бидат достапни за сегашните и идните генерации. Овие ресурси имаат трајна вредност и значење, а со тоа претставуваат наследство коешто треба да се чува и да се заштити за идните генерации.

**Користена литература:**

1. Нова Македонија, Скопје, 1946,
2. Филозофски факултет 1946-1976, Филозофски факултет, Скопје, 1976,
3. Филозофски факултет во Скопје : 1920-1946-2006, Филозофски факултет, Скопје, 2006,
4. Илина Смоковска, Придобивки и значење на cobiss за развој на библиотеките на Филозофскиот факултет – Скопје и нивната библиотечна дејност, „Библиотекарство“, вол. 36, 1-2, Скопје 2020,
5. https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/18?locale=mk
6. http://periodica.fzf.ukim.edu.mk/godzb/GZ19(1967)/gz19.html
7. https://plus.mk.cobiss.net/opac7/bib/search/advanced?db=nubsk

**Summary**

With the founding of Faculty of Philosophy, the first library is founded in 1928 which was the first public library in the city. Today, in 2020, on the 100th anniversary from the founding of the Faculty of Philosophy – Skopje as the oldest higher-educational institution and libraries in all the institutes, the associates from the department of librarian work are coming as leaders of the changes and innovations for the library work with the use of knowledge, skills and computer technology. The department of librarian work is a team lead by the head of the faculty, professor Ratko Duev, who opens the doors for all the sympathizers and researchers of librarian material, but this time through the electronic virtual world on cobib.mk, digital form of the website for scientific and academic periodica of FZF and the repository of scientific and artistic works of UKIM. The faculty of philosophy has invested in technology and providing space with reading rooms in the libraries of all the institutes, with one goal, to reach the global trends which allow in short span of time to get the information we want and our library material to be available on a global scale.

**Key words:** Faculty of Philosophy in Skopje, libraries of the Faculty of Philosophy in Skopje, creating, development, UKIM Repository, A portal for Academic periodicals bu the Fakulty of Philosophy of Skopje, cobib.mk, library material, digitalization.

(стручен труд)

Јулија Симовска-Динковска,
виш библиотекар
ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ – Скопје

# БИБЛИОТЕКАТА И НОВОТО ВРЕМЕ

**Апстракт**

Не толку одамна, за книгите се сметало дека се порти на универзумот. Секој што сакал да помине низ таа порта, морал прво да оди во библиотека. Библиотеките собирале знаење, го уредувале и го овозможиле неговото користење. Тие биле и останале чувари, заштитници на книжното богатство, народното творештво и култура. Денес, во ерата на „Гугл“, „Википедија“ и милиони дигитални книги и списанија, се чини дека ни се достапни сите знаења од овој свет: неколку кликнувања на паметен телефон, пренослив компјутер или електронски читач се доволни за да го достигнат тоа.

Имајќи го тоа предвид, многумина се прашуваат дали улогата и значењето на библиотеките се минимизирани, при што дури и нивниот опстанок се доведува во прашање. Дали библиотеките и библиотекарите наскоро ќе останат во историјата, исто како читањето преку библиотечните услуги и занимања, или во спрега со дигитализацијата и новите информатички технологии ќе ја продолжат и ќе ја збогатат својата понуда и ќе станат мултимедијален културно-информатички центар?

Клучни зборови: универзум, Гугл, Википедија, дигитални книги, ентузајизам, предизвици, пренослив компјутер, библиотеки.

**Библиотеките во фокусот на промените.**

Со доаѓањето на интернетот, за првпат во историјата, библиотеките делумно го изгубија статусот на единствен и најдобар трезор, чувар на книжното богатство, информации од секаков вид, но и покрај тоа тие сè уште преживуваат, опстојуваат.

„Овер драјв“ (Over Drive) е најголемата дигитална библиотека во светот, којашто успеа да „објави“ вкупно една милијарда книги на крајот на 2017 година. Можеби вака ќе изгледа иднината на зајмување книги, но и понатаму библиотеката останува „физички простор“ којшто не и припаѓа само на една заедница и каде што луѓето не доаѓаат само да разменат информации, туку напротив преку меѓусебна интеракција, дружења и комуникација го збогатуваат својот професионален и секојдневен живот.

Во својата последна публикација „Книга за библиотека“, Сузан Орлеан вели дека библиотеката е добро место каде што можете да ја ублажите вашата осаменост и простор каде што чувствувате дека сте дел од разговорот којшто трае стотици и стотици години, дури и кога сте сами. Ако ништо не трае, вели таа, тогаш ништо не е важно. Ова значи дека сè што доживуваме се одвива без никаков образец и дека животот е само дива, случајна и збунувачка појава како расфрлани ноти без мелодија. Меѓутоа, преку книгите, можете да научите да гледате на вашиот живот како одраз на сите претходни животи и искуства и одеднаш да почнете да чувствувате дека сте дел од една поголема приказна којашто има форма и цел. Читањето, велат многумина, е всушност заробено слушање на оние што за жал не сме биле во можност да ги слушаме во живо .

Постојат околу 10.000 јавни и научни библиотеки во Германија и тие се многу разновидни. Додека суштинската улога на научните библиотеки, коишто екстремно добро се посетуваат, сè уште е стекнување и производство на знаење, бројни градски и општински библиотеки сè повеќе се обидуваат да им понудат на корисниците пријатна атмосфера и можност за социјална интеракција. Некогашниот нагласен функционален ентериер, во кој сè му беше подредено на најефикасното изнајмување книги, се повеќе му дава начин на пријатен амбиент со удобно седење, а често и со шармантни кафулиња. Понудата е надополнета со литературни вечери и разновидна културна програма.

**Чувари на традицијата и двигатели на промените**

И покрај сето тоа, задачите на библиотеките во меѓувреме не се намалија, тие станаа уште побројни и поразновидни. Покрај книгите, тие долго време им нудат на корисниците електронски

материјал: музика, игри, филмови итн. И бидејќи денес можеме да добиеме сè на интернет, насекаде и во секое време, библиотеката веќе не може да го оправда своето постоење само со тоа што ќе ни обезбеди пристап до информации. Таа, има нови задачи, коишто ги бара новото време, новата информатичко-дигитална технологија. Библиотеките се спремни да ја „одиграат" оваа улога, но тие можат да ја преземат само доколку имаат доволно материјални ресурси и соодветна опрема, како и ако тие самите се редефинираат и нивната функција биде во согласност со овој нов предизвик. Наместо традиционалните функции, како што е обработката на фондовите, фокусот сега е на работа со корисници. „Луѓето се најважни, а не само библиотечните единици", вели Ребека Смит Алдрих, американски библиотекар . Тоа треба да се земе здраво за готово, но некои библиотекари сè уште не се навикнати да размислуваат на тој начин. И скептиците сигурно ќе се прашуваат дали бројните промени на крајот ќе предизвикаат губење на самата суштина – меѓу другото, фокусот на печатениот збор, на книгата. Со оглед на огромните брзи промени во науката, техниката (пред се информатичката технологија) и сите општествено-економски процеси, не е лесно да се развијат нови просторни, медиумски и педагошки стратегии без да се занемари она што отсекогаш било суштината на успехот на која било библиотека. Библиотеките ги зачувуваат знаењата и културното наследство, тие се образовни институции и место за социјална интеракција, но во исто време и конкретен простор каде што научната, стручната „фела" ги доживува своите ѕвездени мигови, коишто се основа, камен-темелник на многу научни откритија, изуми и законитости. Библиотеките секогаш се подготвени да ни понудат изненадувања, како што во книгата „Идејата на библиотеката и нејзината иднина" (2017) посочува Мајкл Кное (Mihail Knohe), директор на библиотеката „Војвотката Ана Амалија" во Вајмар до 2016 година. Така, Кное сака да каже како корисниците во библиотеките наидуваат на теми и содржини што првично не ги барале свесно, токму затоа библиотеките се фундаментално различни од „алгоритмите за пребарување и е-врските" што управуваат со пребарувањето на интернет.

**Моќта на книгата во ерата на дигитализација**

Според многумина улогата и значењето на библиотеките денес се поважни од кога било порано, токму затоа што светот брзо се менува и нашето знаење расте експоненцијално. Тие можат да придонесат за социјална кохезија и способност на општеството да најде одговори за новите предизвици, но пред се да ја дефинираат потребата од афирмацијата на читањето како фундамент на човековиот интелектуален и културен капацитет. Во целиот свет постојат околу 320.000 јавни библиотеки коишто нудат книги на стотици милиони луѓе, каде и да се наоѓаат. Многу од нив се сместени во конвенционални згради каде што граѓаните ги добиваат потребните информации, зајмуваат книги, ги користат дигиталните материјали итн. Но, постојат делови од светот каде што книгите се дистрибуираат со велосипед, ранец, хеликоптер, брод, мотор, магаре, камила, камион, автобус или со коњ:

- Во провинцијата Кајамарка во Перу нема библиотека, така што сите книги се распоредени во куќите на седумстотини земјоделци.
- Во Колумбија, учител по име Луис Соријано секој викенд патува на своето магаре, носејќи книги во околните села каде што луѓето со нетрпение го очекуваат неговото доаѓање.
- - Во Анкара, собирачите на ѓубре направиле своја библиотека од отфрлените книги во контејнерите и таа е отворена за сите граѓани од 2017 година.

**Библиотеките креатори на својата иднина**

Како треба да се менуваат структурата и „ентериерот" на библиотечните процеси, менталниот код на библиотекарите така што центарот на вниманието повеќе да не се само библиотечните материјали како такви, туку и многу повеќе, тоа да бидат корисниците? Кој треба да биде современиот придонес кон демократското учество и компетентноста на медиумите во ерата на растечката нееднаквост на сите општествено-политички процеси, лажни вести и дигитална манипулација? Што можат да направат библиотеките за да ги привлечат помалку образованите слоеви на населението? И каква улога ќе играат библиотекарите во иднина?

Се само прашања. Кога сè ќе се додаде и ќе се одземе, останува сликата на библиотеката како јавно добро и библиотекарството како професија зафатена од радикални промени. Нема едноставни одговори на прашањето како можат библиотеките да ги исполнат очекувањата во наредните времиња.

[1] http:// https://www.amazon.com/Library-Book-Susan-Orlean/dp/1476740186
[2] http://www.youtube.com/watch?v=sqhWzHykS8k

Нивната иднина ќе зависи од тоа колку добро секоја библиотека успева да ги извршува тековните задачи, притоа да ги дефинира своите нови улоги, цели и планови во согласност со новите информатички технологии, како и да се подготви за нивно остварување, но пред се и над се колку е општеството подготвено да вложи материјално-финансиски средства во остварување на идејата наречена „библиотека на иднината". А, нејзината иднина зависи од визијата, иновативноста и креативноста на оние кои се учесници и „соучесници" во библиотечните процеси – библиотекарите и целокупниот човечки капацитет во библиотеката. Еклатантен пример за тоа е шкотската библиотекарка Кети Петерсон која во 2014 година го осмислила проектот наречен „Библиотека на иднината" (Future library) .
Проектот е замислен вака:

Секоја година, Фондот за библиотека на иднината (Future Library Trust), телото коешто управува со проектот, одбира еден автор кој со својот ракопис (книга) придонесува за равој на библиотеката на иднината. Меѓу писателите кои ги донирале своите ракописи се и Маргарет Атвуд и Елик Шафак. Покрај името на авторот, називот на книгата и рамковната идеја колку е таа дебела (бројот на страници), содржината им останува позната само на писателите кои ја напишале и нема да биде обелоденета се до 2114 година, или точно сто години по почетокот на проектот. Ракописот може да содржи само еден збор, може да е поетска творба, расказ, роман или документирано дело. Кога ќе дојде време, илјада норвешки смреки, засадени во 2114 година, ќе бидат пресечени за од нив да се произведе хартијата на која ќе се печатат книгите.

Зад целиот проект се крие неверојатната верба во иднината, помеѓу останатото бидејќи можноста антологијата од сите испишани ракописи некогаш да биде прочитана директно зависи од луѓе кои нема ни да го дочекаат нејзиното објавување, како и од автори кои допрва треба да се родат. Дали проектот ќе се оствари докрај е голем знак „прашалник", бидејќи во секој момент постои можност сиот труд да биде залуден.

**Дали е ова е иднината на библиотеките?**

Одговорот на ова прашање ќе го дадат следниве два примери, сликите и текстот зборуваат самите за себе, на секој од нас останува размислувањето, вербата или недовербата во вистинската вредност на пишаниот збор и неговите чувари – библиотеките, но и реалноста преточена во неопходноста од прифаќање на новите информатички технологии, дигитализацијата како интегрален дел од библиотечните процеси во годините коишто следат, иднината којашто доаѓа.

**Пример 1.** Библиотеката којашто изгледа како џиновско око и е проектирана од страна на тим од Холанѓани, а улогата и е да ги поттикне луѓето колку што е можно повеќе да читаат и да ги засакаат книгите, се наоѓа во градот Тјенѓин, Кина. Библиотеката за која сметаат дека е најубава во светот, изгледа како да е излезена од научно-фантастичен филм, а во средишниот дел има огромна топка којашто никого не го остава рамнодушен.



[3] 2014 – Margaret Atwood, Scribbler Moon, submitted 27 May 2015.

Терасите коишто ги следат полиците со книги, како и скалилата по коишто посетителите одмораат или читаат, навистина делуваат како да се пристигнати од иднината. На малку повеќе од 350 илјади квадратни метри се сместени дури 1,2 милиони наслови.



Пониските катови се наменети за децата за коишто е обезбедена и игротека, додека на повисоките се канцелариите, компјутерите, собите за состаноци или за слушање музика. Библиотеката во Тјанѓин е дизајнирана од страна на холандска компанија, а изградбата траела цели три години. Нејзината улога е да ја подобри културната инфраструктура на регионот и да ја поттикне едукацијата.

**Пример 2.** Голем број информатичари сметаат дека јавните библиотеки во иднина ќе изгледаат како продавници на „Епл“, каде што редови од најсовремените таблет-компјутери (ајпед) и персонални компјутери (ајмек) ќе ги красат нивните простории. Стотина други таблет-компјутери им се достапни на сите заинтересирани кои поседуваат членски карти во Библиотеката (Biblio Tech) во Сан Антонио, САД, вредна 2,3 милиони долари, во која нема книги. Поради тоа всушност е и популарна за посетителите кои доаѓаат дури од Хонг Конг за да ја пренесат оваа идеја во својата земја. Дигиталните библиотеки со години постојат во студентските кампови, но областа Бексар во која се наоѓа оваа библиотека влезе во историјата отварајќи ја првата јавна библиотека без книги.



Библиотеката (Biblio Tech) е на пат да ја помине цифрата од 100.000 посетители уште во првата година. Во текот на училишниот распуст, според Лора Кол, главната координаторка, да се пронајде слободен компјутер (ајмек) е невозможна мисија, а поголемиот дел од посетителиете користат е-книги што јасно укажува колку е голем интересот. И што е најважно, за четири месеци работа на оваа библиотека ниту еден скап таблет-компјутер не „добил нозе“, што јасно укажува на културата на живеење и однесување на посетителите.

**Abstract**

Not so long ago, books were considered the gateway to the universe. Anyone wishing to pass through that gate had to go to the library first. Libraries collected knowledge, edited it and enabled its use. They were and remain guardians, protectors of literary wealth, folklore and culture. Today, in the age of Google, Wikipedia, and millions of digital books and magazines, it seems to us that all the knowledge in this world is available: a few clicks on a smartphone, laptop, or e-reader are enough to reach it.

With that in mind, many are wondering if the role and importance of libraries is minimized, so it goes so far as to pose the question of their survival. Will libraries and librarians soon go down in history, just as reading through library services and occupations, or in conjunction with digitalization and new information technologies will they continue and enrich their offer and become multimedia cultural and information centers?

**Keywords**: universe, Google, Wikipedia, digital books, enthusiasm, challenges, laptop, libraries.

**Користена литература:**

1. bexarbibliotech.org
2. http://www.goethe.de/ins/cs/bel/kul/mag/dbs/sr6960574.htm
(Савремено библиотекарство у Немачкој)
3.https://tocka.com.mk/vesti/252836/biblioteka-od-idninata-koja-ima-poveke-od-milion-knigi-uste-poveke-fikcija

(стручен труд)
Ленче Т. Андоновска, библиотекар-советник
НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола

**БИБЛИОТЕКАРСКАТА ПРОФЕСИЈА – ПРЕДИЗВИК ЗА НЕЈЗИНА ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА И ЗАШТИТА**

Апстракт

Библиотекарството во Македонија, како дел од нејзината културна историја, има долга и светла традиција. Неговите почетоци датираат од создавањето на словенското писмо. Кирил и Методиј се основоположници на првата словенска писменост и првите словенски книги, а со тоа ги поставија и основите на библиотекарството, како кај другите словенски народи, така и кај македонскиот. Нивните ученици Климент и Наум се сметаат за први создавачи на словенските книжни фондови и манастирските библиотеки во Македонија. Книгата се смета за едно од најголемите човекови достигнувања, мерило на времето и невремето, завештание за животот и опстојбата на човештвото, патоказ за иднината. Книгата претставува храна за човековиот ум и разум, во кој се кријат безброј мудрости, човечки судбини, искази, запишани народни преданија, но и среќни мигови од животот на човекот, тоа тогаш со сигурност претставува духовен стожер, најзначајна алка без која не може да се замисли човековото опстојување. Оттаму, книгата треба да се цени и да се вреднуваат напишаните дела, нивните автори и библиотекарите кои со својата професија многу придонесуваат во нивната презентација и популаризација.

Клучни зборови: библиотекарство, книга, професија

Abstract

Librarianship in Macedonia, as part of its cultural history, has a long and bright tradition. Its beginnings date back to the creation of the Slavic alphabet. Cyril and Methodius were the founders of the first Slavic literacy and the first Slavic books, and thus laid the foundations of librarianship, both among other Slavic and Macedonian peoples. Their students Clement and Naum are considered the first creators of Slavic literary resources and monastery libraries in Macedonia. The book is considered one of the greatest human achievements, a measure of time, a testament to the life and condition of mankind and a road map for the future. The book is a food for the human mind, which contains innumerable wisdoms, human destinies, utterances, written folk traditions, but also happy moments of human life, then surely a spiritual pillar, the most important link without which one cannot imagine human existence. Therefore, the books should be valued and the authors with their written work and the librarians should be appreciated by their profession because they greatly contribute to their presentation and popularization of the books and the written work.

Keywords: librarianship, book, profession

Секој човек ја има привилегијата сам да си ја одбере професијата и на тој начин сам да си го осветли патот по кој води неговото срце. Професијата, ако е онаа вистинската, свесно одбрана, треба да го осмислува животот на човекот. Преку професијата, секој човек треба да може да се пронајде и да се реализира самиот себеси и на тој начин да се трансформира во подобра личност. Она што го работиме ни го креира и начинот на живот, го креира нашето секојдневие, ја креира и нашата личност.

Од голема важност е љубовта кон она што ќе го одбереме како професија, затоа што само на тој начин ќе можеме да се развиваме и да прераснеме во прекрасна личност каква што се крие во секој од нас.

Зборот професија во современиот свет се толкува како постојано занимање и служи како извор на приходи за намирување на животните трошоци. Професионалец е човек кој нешто избрал за свое постојано, основно занимање. Во социолошката литература се прави дистинкција помеѓу занимање и професија. Занимањата се утврдуваат како различни општествени улоги коишто стануваат препознатливи кога ќе се набројат и општите работи што ги врши поединецот во некое занимање.

Потребите од професионален развој ги наметнува динамиката на образованието, како и големиот број иновации. Библиотекарот како пример за корисникот (читателот) треба постојано да се

усовршува и да ги збогатува вештините и знаењата.

Како облици на професионално усовршување на библиотекарот може да се сметаат:

- индивидуален развој – преку самообразование, консултација на стручна литература, примери преку интернет, соработка со библиотекари од матичната и други библиотеки, размена на искуства со библиотеки надвор од матичната библиотека;

- групен развој – преку обуки, семинари, советувања, симпозиуми, трибини, групни консултации и др.

Повеќе од реално е дека библиотекарот треба да го осовремени својот лик во библиотечниот процес, придржувајќи се на динамичноста што ја наметнува секојдневието и современите текови. Професионализмот е категорија што треба да се прифати и да се чува како таква, но тоа подразбира одрекување од некои застарени размислувања и примена на нови современи методи. Отпорот што се јавува кај одреден дел од библиотекарите може да се разгледа од два аспекти:

- несериозно разбирање на потребата од промени и современост без разлика на возраста на библиотекарот;

- отпор кон надминување на старите навики со изговор дека стариот пристап на работа секогаш вродува плод.

Како и да се разгледаат двата аспекти, заклучок е дека овој тип библиотекари заради личен отпор избегнуваат да ги прифатат промените.

Во библиотеките неопходно е да се прави анализа на потребите од професионален развој, за да може тој да се планира. Токму овие анализи за промена на моменталните способности и вештини кај вработените во библиотеките треба да водат кон осмислување планови за подобрување на работната околина, нудење можности за развој на вештини и на кариера и правење менаџерска стратегија за висока посветеност, флексибилно функционирање, осмислување работи коишто ќе овозможат мотивација, нагласување на тимската работа, наградување на вработените врз база на организациската способност и др. Со цел да се направи реален план и да се знае кои чекори да се преземаат, треба да се има увид во структурата на библиотечниот кадар. Луѓето кои се задолжени да го планираат професионалниот развој на библиотечниот кадар треба да проценат:

- какви промени ќе настанат од професионалниот развој на библиотечниот кадар и кои се придобивките;

- дополнително стекнување на одредени вештини и знаења преку обука и тековно стекнување со работно искуство, за одредени делови од работното место;

- планирани и очекувани унапредувања и трансфери;

- обуки, компетенции и вештини за новиот библиотечен кадар.

Доколку бидат проценети и испланирани идните активности на библиотечниот кадар, ќе се има преглед на евентуалните празнини во квантитетот и квалитетот на начинот на работа на библиотечниот кадар.

За професионализација на библиотекарската професија и нејзина заштита, неопходно е да се спроведе:

- истражување – попис и анализа на актуелната ситуација, вклучувајќи го и вработувањето и желбите за напредување на кадарот;

- предвидување – како стратешките планови ќе профункционираат при идните потреби за нов професионален развој;

- анализа на потребите – да се утврди кои се посебните вештини потребни за подобрување на продуктивноста;

- потврдување на важноста на обуката, семинарите, работилниците;

- спроведување на обуките, семинарите, работилниците;

- процена – што треба да се направи во иднина? Како ќе придонесат овие стекнати вештини за ефикасноста на работата?

Зависно од тоа дали промените се случуваат постепено или не, наидуваат на скриен или отворен отпор како резултат на вклопување во временска рамка и поврзување со одредени казнени одредби. Секоја промена треба да се случува постепено и да се набљудува од секој аспект за да се согледаат позитивните, но и негативните последици што ги предизвикува. Професионалното надградување

на библиотечниот кадар е само еден сегмент што произлегува сам по себе, па оттука можеме да констатираме дека промената е постојана.

За да се долови вистинската слика на ликот на библиотечниот кадар, можеби најдобро е да се започне со анализа на целиот процес на негово „растење" низ професијата.

Ако погледнеме околу нас ќе забележиме дека само малкумина се задоволни од сопствениот живот. Сите се обидуваме да го живееме животот на што е можно подобар начин. Секој наш обид носи со себе отпори и проблеми, што му се спротивставуваат. Постојано акумулираме голем број информации, коишто треба да ни послужат што подобро да се снајдеме во животот, на човекот му е потребно знаење, со тоа си обезбедува поудобен и поисполнет живот.

И нормално, трката продолжува, годините одминуваат, а нам ни останува да бидеме отворени кон нови знаења, нови можности и нови предизвици. За да го направиме нашиот живот подобар, треба најнапред да се откриеме себеси, нашите најдлабоки потреби и вредности. Утврдено е дека луѓето работаат подобро кога самите ги идентификуваат своите проблеми во својата работа и своето подрачје. Кога библиотекарите имаат можност да го разменат искуството во врска со својата работа, тие стануваат многу поефикасни. Затоа е потребно библиотекарската фела да се оспособи за соработка, размена на искуства, акциски истражувања.

Книгата се мери со светлината, затоа што и со едното и со другото може најбргу да се стигне до кое било место во светот. Книгата се смета за едно од најголемите човекови достигнувања. Мерило на времето и невремето, завештание за животот и опстојбата на човештвото, патоказ за иднината. Книгата секогаш претставувала „ука и наука", подадена рака и пратена порака од авторот, без оглед за каков литературен жанр се работи. Но нејзиното значење не доаѓа од нејзината свесност за тоа, туку напротив, од нејзината несвесност, нејзината ненаметлива моќ да навлезе длабоко во порите на човековото живеење.

Читањето престанува да биде само препознавање, ами веќе станува предизвик, како што пее Анте Поповски во „Зборот. патријархот":

„... подготвен ли си сам да ја изодиш пустината
која сама од себеси се возобновува и ништи? (...)
да ги превозмогнеш сите искушенија
низ кои водат зборовите, а да не им наштетиш?
(...) и на секој бескрај
ќе му ги откриваш границите..."

Тука се поставува прашањето, дали современата литература или она што се нарекува така, може да му го понуди на читателот тоа задоволство од „откривање на бескрајот"?

Користена литература:

1. Андоновски А., Петровски П., Бошевски М., (1986) „Минимум стандарди за училишните библиотечно-информативни центри во СР. Македонија"
Библиотекарство: зборник на материјали, Скопје: Народна и Универзитетска библиотека „Климент Охридски";
2. Коцески Данило, Модерно и постмодерно, СКОПЈЕ, македонска книга, 1993,
3. Воспитни крстопати: педагошка ревија со стручно популарен карактер /главен и одговорен уредник Ленка Гогоска, Скопје, 2016;
4. Гаџова, Славица, Книжевноста и дискурсите на моќта: компаративни паралели: магистерски труд, Скопје 2010;
5. Демократијата и младите, Детски парламент на Македонија, Скопје 1999;
6. Knowledge, International Journal Scientific and applicative papers, 2015;
7. Креативен пристап во наставата, прирачник за наставници кои развиваат критичко мислење кај учениците / Весна Јаневска... [и др.], Скопје 2013;
8. Панзова, Виолета, Науката како занает, Филозофски факултет, Скопје, 2003;
9. Спектар (меѓународно списание за литература и наука), Скопје 2010 и
10. Поповски Анте. Света песна, Скопје, Про Литтера, 2003.

Лидија Мирчевска, виш библиотекар
НУУБ „Св. Климент Охридски“ Битола

# ПРОФЕСИОНАЛИЗАЦИЈА НА БИБЛИОТЕКАРСКАТА ПРОФЕСИЈА

**Апстракт**

Библиотекарството како современа, актуелна, динамична и занимлива професија е дел од историско, но пред сè културно наследство на цивилизацијата. Главната карактеристика се состои во нејзината посветеност кон сегашноста и иднината, но и постојано трагање кон прашањето за сопствениот идентитет.

Библиотекарот е пред сè предметен специјалист, а неговата компетентност се однесува на целосно познавање на карактерот на информацијата, информациски технологии и работа со корисници. За професионализација на струката од особено значење е неговата стручност, организација во работењето, вештини за комуникација и способности за работа со корисници. Библиотеките треба да се трансформираат во склад со информатичкиот, научниот, образовниот, културниот и општествениот развој, да бидат отворени, флексибилни и динамични организации, коишто се подготвени да ги следат предизвиците на едно информатичко општество, каде што новата дигитална технологија створила услови за нови модели на учење, комуникација и работење. Во тоа светло, библиотекарството е насочено кон потребите и барањата на информатичкото време. Во тој процес се кријат бројни ризици, но и созреваат услови за вистинска професионализација.

**Клучни зборови:** професија, занимање, професионализација, учење, комуникација, работење.

## Вовед

Библиотекарството е една од најстарите професии којашто низ историјата се развиваше и преовладуваше во научниот свет и секогаш беше нераскинлив дел од културното наследство на светот. Професијата библиотекар се движи од првите библиотекари во стариот свет па сè до новиот профил на библиотекарот како библитекар информатичар и стручњак за дигитализација на библиотечната граѓа. Денес, без сомнение библиотекарството е длабоко вкоренето во културата и ги одразува потребите на општеството за комуникација низ времето и просторот. Секоја голема промена во општеството во минатото доведе до нови и иновативни можности и активности во библиотеката, а должноста на библиотекарот низ вековите се услогласуваше со сè поголемо значење на книгата како општествена потреба.

Кое знаење и вештини се потребни за успешно исполнување на професијата библиотекар и за наполно исполнување на неговата мисија е тема којашто е дел од природниот развој на професијата библиотекар. Современиот профил на библиотекарот подразбира библиотекар експерт за информации ориентиран кон општество на знаење, развој на технички вештини и поседување социо-хуманистички вештини.

Библиотечната професија се развиваше паралелно со промени во општеството, сепак како да остана на маргините на тоа исто општество, особено во земјите во развој каде што не достигна степен на својата афирмација. Библиотечната професија и понатаму се бори за заслуженото место во системот на образование, во културните текови, а пред сè во афирмација на струката.

## Библиотекар – професија или занимање

Зборот професија доаѓа од латинскиот збор profesio, којшто се дефинира како постојано занимање . Професијата претставува дисциплинарен збир на поединци кои се придржуваат на етичките стандарди коишто произлегуваат од призната образовна установа од висок степен и своето стекнато знаење и вештини го применуваат во интерес на другите . Општата енциклопедија на Југословенскиот лексикографски завод ја дефинира професијата како интелектуално занимање коешто се врши постојано и служи како извор за приход со кој би се покриле трошоците на животот .

„Професијата е израз со кој се опишува некоја работа или занимање за чие вршење е потребно специфично стручно образование и оспособување, а личностите кои ги вршат таквите работи се нарекуваат професионалци.

Бидејќи постојат голем број дефиниции за професија, потребно е да се разгледа нејзиното развивање и теоретските мисли врзани за самата професија. Првите професии се развиваат во 16 век, од занимања за кои било потребно универзитетско образование како правото, медицината и свештенството, до воените занимања. Со текот на времето, а посебно во 19 и 20 век со развитокот на технологијата, веќе се споменуваат и нови професии како: архитектура, инженерство и финансии. Потоа се јавуваат група занимања, коишто тежнеат да станат професии (учителската струка, библиотекарството, социјалната работа итн.).

За полесно да го одредиме зборот професија, потребно е да го дефинираме и поимот занимање. Занимање е збир на работи и работни задачи (работни места) коишто се толку сродни и меѓусебно поврзани и ги врши еден извршител што поседува знаење, способност и вештина, заради стекнување средства за живот. Не можат сите занимања да бидат професии. Занимањата имаат своја рутина низ која се доаѓа до квалитетна работа. Професијата, пак, за разлика од занимањето, во својата работа не користи рутина, бидејќи тоа би значело депрофесионализација. Професионалните занимања имаат своја основа и теоретско знаење, каде што секојдневната работа не е рутина, туку решавање на проблемот со примена на теорија .

Ако овие два поими ги разгледуваме од социолошки аспект, ќе видиме дека се прави разлика меѓу занимање и професија. Занимањата се утврдуваат како различни општествени улоги коишто стануваат препознатливи, каде што описот на самата работа покажува зошто на едно општество му е потребно одредено замнимање . Социолозите ги истражуваат карактеристиките на професијата, но и процесот на професионализација, т.е. процесот на настанување поедини професии или претворањето на одредени занимања во професија. Во социолошката литература постои цела листа на карактеристики за професијата, којашто таа мора да ги има. Меѓутоа, различни автори наведуваат бројни карактеристики за самата професија. Оние кои се појавуваат кај повеќето автори се:

- Систематско знаење;
- Организиран систем на обука и оценување на кандидатот;
- Професионална средина;
- Самоконтрола на професијата .

**Професионализмот и заштитата на професијата**

Успехот во библиотечната работа е директно пропорционален со професионализмот во професијата. Компетенција на библиотекарот се однесува на поседувањето општи и стручни знаења и вештини, неговиот однос со опкружувањето, знаења од интелектуална и техничка природа и внимателно следење на промените во општеството. Затоа оваа специфична професија се разликува од останатите професии. Услужно ориентирана, со посебна професионална терминологија и комуникација со корисникот ја става во редот на професии коишто се неопходни за функционирање на единката во општеството. Професионалецот го става интересот на корисникот пред својот. Библиотекарот треба да поседува општо библиотекарско знаење коешто со текот на работата ќе го надградува, да биде стручен во тоа што го врши како професија, да биде организиран во самото работење, комуникативен и добар психолог за да може да работи со корисниците. Библиотекарот професионалец е во постојана врска со корисниците и нештата ги гледа од нивна перспектива, за да може наполно да им одговори на барањата на целната група во зависност од возраста, полот и образованието, така што ќе биде компетентен да го понуди библиотечниот материјал според нивната сфера на интерес. Тој мора да ги поседува вештини за комуникација со корисникот. Во својата работа треба да се води од следниве работи :

- слободниот проток и размена на идеи, мисли и погледи, без разлика на сопствената животна определба;
- да ги извршува своите задачи високопрофесионално;
- да ги почитува и да ги применува меѓународните и националните стандарди и правила за

[1] Каленич, Братољуб. Одличан речник стране речи. Загреб. Зора, 1968
[2] Professio Australia (2010). Definitionof a Profession https://www.professions.com.au/Homepage.html, превземено:13.08.2019
[3] Opća enciklopedija Jugoslavenskoga leksikografskoga zavoda. Zagreb : JLZ, 1980. Sv. 6.
[4] Wikipedia (2010). Profession. http://en.wikipedia.org/wiki/Profession., преземено на 13.8.2019
[5] Soper Z. (1990). Sociologija profesija. Zagreb: Sociolosko drustvo Hrvatske.

работа;

- да не прави разлика меѓу личните и професионалните интереси, придонесувајќи на тој начин за развој на професијата;
- да ја остварува комуникацијата со колегите, соработниците и корисниците со почитување на достоинството на личноста;
- да ги штити интересите на својата институција итн.

Кога зборуваме за препознатливост на професијата во средината се наметнува мислењето за инертноста на библиотечниот кадар во однос на промените и недоволната мотивираност за работа. Особено во држави каде што нема институционализирано образование на библиотекарите, како што е случај и со Македонија, којашто дури неодамна ги доби првите студии по библиотекарство, но за жал и тие се дел од другите студиски програми и недоволно применливи во практиката.

Потребна е поголема професионализација на кадарот преку поголемо формално, но уште повеќе неформално образование, организирање стручни форуми, работилници, конференции, стручни средби и други професионални ангажмани за подигање на компетенциите на професијата.

Како и секоја професија, така и библиотечната е исправена пред предизвикот за постојана трансформација и приспособување кон промените. Со поголема автоматизација на библиотечните процеси, дигитализација, појава на е-книга којашто станува конкурент на печатената граѓа и сѐ поголемото користење информации од интернет, библиотекарската професија е во позиција за изнаоѓање нови патишта и заштита на библиотекарската професија. Само преку иновативниот и пред сѐ креативниот пристап, преку постојано усовршување и напредување во својата професија, библиотекарот ќе успее да ја заштити својата професија, а со тоа и да ја наметне како професија којашто во иднина ќе ги замени интернет-пребарувачите во однос на точната и навремена информација. Секако дека и со персоналниот, т.е. личен, пријателски и професионален однос кон корисниците, оваа професија ќе го најде своето место во иднина.

**Заклучни согледувања**

Денешните библиотеки нудат иновативни услуги и се истакнуваат како културни и образовни центри во општеството коишто соработуваат со други установи во опкружувањето, а сѐ со една цел – квалитетна услуга за корисникот. Значи, современите трендови, новите светски стратегии за развој на библиотекарството, како и нивното дигитализирање придонесуваат за успешно и современо библиотекарство. Библиотекарството денес е насочено кон потребите и барањата на информатичкото време. Во тој процес се кријат бројни ризици, но и созреваат услови за вистинска професионализација. Самите библиотеки треба да се трансформираат во склад со информатичкиот, научниот, образовниот, културниот и општествениот развој, да бидат отворени, флексибилни и динамични организации, коишто се спремни да ги следат предизвиците на едно информатичко општество, каде што новата дигитална технологија создала услови за нови модели на учење, комуникација и работење.

Целиот свет денес се наоѓа пред голем медиумски предизвик, каде што начинот на спознавање на светот се променил, па затоа и библиотеките во опкружувањето мора да ги следат новите модели на работење, организација и комуникација, наспроти традиционалната улога на библиотеките како посредници помеѓу книгите и корисникот.

И покрај многубројните технички извори на информации, библиотеките т.е. книгите остануваат основниот извор на знаење.

[6] Дункерлеи, Давид. Занимања и друштво. Лондон: Роутледге & Кеган, 197
[7] Aleksandra Horvat, Profesionalizacija bibliotekarskog zanimanjadzs.ffzg.unizg.hr › text › horvat1
[8] Библиотекарско друштво на Македонија, Скопје, 16 април 1997

**Користена литература**

Каленич, Братољуб. Одличан речник стране речи. Загреб. Зора, 1968
Professio Australia (2010). Definitionof a Profession
https://www.professions.com.au/Homepage.html, преземено на 13.8.2019
Opća enciklopedija Jugoslavenskoga leksikografskoga zavoda. Zagreb : JLZ, 1980. Sv. 6.
Wikipedia (2010). Profession. http://en.wikipedia.org/wiki/Profession., преземено на 13.8.2019
Soper Z. (1990). Sociologija profesija. Zagreb: Sociolosko drustvo Hrvatske.
Дункерлеи, Давид. Занимања и друштво. Лондон: Роутледге & Кеган, 197
Aleksandra Horvat, Profesionalizacija bibliotekarskog zanimanjadzs.ffzg.unizg.hr › text › horvat1
Библиотекарско друштво на Македонија, Скопје, 16 април 1997

(стручен труд)
д-р Лили Бошевска
стручен соработник-библиотекар
ОУ „Св. Кирил и Методиј“ Битола

# АНАЛИТИЧКО-ИСТРАЖУВАЧКАТА РАБОТА ВО УЧИЛИШНАТА БИБЛИОТЕКА - ПРЕДИЗВИК ЗА СТРУЧНИОТ СОРАБОТНИК-БИБЛИОТЕКАР ПРИ ПОТТИКНУВАЊЕ НА АКТИВНОТО ЧИТАЊЕ

**Апстракт**

Аналитичко-истражувачката работа, како едно од подрачјата на стручни компетенции на училишниот библиотекар, овозможува преку истражувањата на постојните практики и искуства во библиотеката да се анализираат состојбите, да се побараат причините и да се одредат мерки за поттикнување на читањето, коишто ќе се преземаат и ќе се следат во текот на неколку години, за да се согледаат резултатите од конкретните мерки и во зависност од нивната успешност, да се воведуваат и корективни мерки. Активното користење на библиотеката и литературата со која располага треба да им биде постојана грижа на училишната библиотека и училишниот библиотекар, во соработка со родителите, стручната служба, сите наставници во училиштето и заедницата.

Во овој труд се прикажани дел од согледувањата од направените акциски и интерни компаративни истражувања и анализи на бројот на активни читатели во училишната библиотека, како и можностите за зголемување на активното читање во текот на учебните години 2017/2018, 2018/2019 во Основното училиште „Св. Кирил и Методиј“ Битола, со цел да се определат редовните активности на училишната библиотека за 2019/2020 година, коишто ќе ја иновираат и унапредат нејзината работа.

**Клучни зборови**: училишна библиотека, анализа, активни читатели

## Вовед

„Citius, Altius, Fortius“ („Побрзо, повисоко, посилно“)

Истражувањата во училишните библиотеки, коишто се изведуваат за иновирање и унапредување на воспитно-образовната практика, стануваат императив на секоја библиотека којашто сака да ја унапредува својата работа и улогата којашто ја има во: пронаоѓање иновативни и ефективни начини за промовирање на библиотечниот фонд, поттикнување на читањето и интелектуалниот развој на учениците.

Училишната библиотека покрај стручните аспекти од подрачјето на библиотекарството, како дел од училиштето и воспитно-образовната дејност, изобилува и се соочува со „педагошки прашања, дилеми и проблеми коишто бараат решение, одговор. До одговор на овие прашања, дилеми, проблеми, се доаѓа по пат на педагошките прочувања, сфатени како процес на доаѓање до нови научни вистини чијашто цел е унапредување на воспитната практика и истражувања, организирани и спроведени според однапред утврдени методолошки норми и процедури и насочени кон откривање на нови закони и законитости.“ (Јованова-Митковска, 2009). При истражувањата може да се користат различни извори и различни видови факти.

Последните децении се сè поприсутни акциските, дејствените истражувања, но и интерните компаративни истражувања во училиштата, коишто ги спроведуваат наставниците и стручните соработници, вклучувајќи го и училишниот библиотекар, бидејќи овие истражувања „претставуваат „процес во обид“ за подобрување на сопствената практика“, на „оние кои пред себе си поставуваат предизвици за подобрување...“ (Илиев, 2006). Од овие причини, како една од позначајните компетенции коишто треба да ги поседува современиот училишен библиотекар е методолошката оспособеност, оспособеноста за истражувачка работа.

Училишната библиотека, како центар во кој се спојуваат сите текови на учење и делување во училиштето, има огромна улога во поттикнувањето на процесите на користење литература и други извори на знаење коишто им се потребни на учениците и наставниците. Училиштето и училишниот библиотекар не можат и не смеат да бидат пасивни набљудувачи на состојбите поврзани со

искористеноста на библиотеката и бројот на активни членови, туку треба да имаат проактивен однос кон наоѓање можности за зголемување на активното читање во училиштето. Оттука, воопшто не помагаат коментарите дека „децата не сакаат да читаат“, или дека „сега е друго време и книгата не е веќе интересна“.

Во училишната библиотека на ОУ „Св. Кирил и Методиј“ Битола, како плод на професионалното усовршување и подготвеноста за интерни истражувања во библиотеката, стручниот соработник-библиотекар, на почетокот од учебната 2017/2018 год., направи пресек на резултатите од работењето во изминатите години, со намера да ги испланира активностите во рамките на годишната програма на библиотеката и да го следи влијанието на планираните активности. При прегледот на достапните податоци во училишната евиденција за период од четири изминати години, го заклучи следново:

| Учебна година | Број на зачленети ученици | Број на активни членови (зачленети ученици кои користат книги од библиотека) | Број на книги позајмени од училишната библиотека |
|---|---|---|---|
| 2013/ 2014 | 130 | Нема податок | 270 |
| 2014/ 2015 | 158 | Нема податок | 246 |
| 2015/ 2016 | 363 | Нема податок | Нема евиденција |
| 2016/ 2017 | 129 | Нема податок | Нема евиденција |

Од собраните податоци, се заклучува дека училишната евиденција не располага со доволно релевантни податоци, врз основа на кои може да се направи интерна споредбена анализа. Се појави потребата од воведување нови формулари и начини за евидентирање. Како показатели коишто треба да се следат преку евидентирањето на зајмените книги и врз кои треба да се делува перспективно во текот на неколку следни години, беа определени:

1. Квантитативни податоци:

1.1. Број на книги позајмени од училишната библиотека

1.2. Број на ученици кои активно користат книги од училишната библиотека

1.3. Број на позајмени книги по паралелка

2. Квалитативни податоци:

2.1. Определување на видот на активностите со кои ќе се делува за зголемување на квантитативните вредности

2.2. Следење на ефектите од преземените активности

2.3. Анализа на различите практики и активности за поттикнување на читањето, од страна на одделенските раководители од 1 до 5 одд. и наставниците по македонски јазик од 6 до 9 одд. и нивното влијание врз показателите.

За таа цел, библиотекарот изготви нова електронска листа за евидентирање на учениците кои позајмуваат книги и на зајмените книги, којашто ги содржи следниве податоци: име и презиме на ученикот кој позајмува / одделение и паралелка/ наслов и автор на позајмената книга / инвентарен број на позајмената книга / датум на зајмување/ датум на враќање на книгата. Се подготви и формулар за следење на податоците на крајот на полугодието и крајот на учебната година, за да може да се преземаат корективни активности во текот на учебните години, при што за учебните години 2017/2018, 2018/2019 и 2019/2020 коишто беа предмет на анализата, беа утврдени сознанијата наведени во анализите коишто следат во овој труд.

**Анализа на постојната состојба во првото полугодие од учебната 2017/2018 год**

Во првото полугодие на 2017/2018, во евиденцијата за зајмување на училишната библиотека на ОУ „Св. Кирил и Методиј“ Битола се регистрирани 67 ученици од 2 до 9 одд., од вкупно 447 ученици во училиштето, или 14,98 % од вкупниот број ученици.

Зачленувањето на учениците во училишната библиотека се одвиваше спонтано, без посебно

влијание на библиотекарот и наставниците. Единствен поттик за зачленување беа неколку активности за промовирање на книгата и читањето. Во текот на 1 полугодие беа организирани следниве активности за промовирање на училишната библиотека:

1. Активности за промоција на читањето
   1.1. промовирање списание за книжевност за деца и млади „Нов круг“
   1.2. литературна работилница со писатели и поети,
   1.3. промовирање литература според која се направени театарски претстави и филмови (во 3. а и 3. б одд.) Посета на тетарска претстава според литературно дело од браќата Грим
   1.4. читачки клубови
2. Активности за доделување награди и признанија на учениците најдобри читатели

Првите активности за промовирање на читањето придонесоа за развивање на критичкото размислување кај учениците, но имаа мало влијание врз порастот на бројот на зачленети ученици. Втората активност придонесе во голема мера за зголемувањето на бројот на запишани членови. Посебно големо беше влијанието на наградените ученици кои се јавија во улога на промотори на библиотеката. Наградените ученици, на барање на нивните соученици, ги зачленија своите другарчиња од паралелката. На тој начин незачленетите ученици почувствуваа дека секој може и треба да чита, дека тоа е достижно, едноставно и интересно.

Од досегашната практика очигледно е дека не се води евиденција на учениците кои зајмуваат книги во подрачното училиште во Логоварди.

**Рангирање на паралелките според најголемиот број на членови во училишната библиотека во првото полугодие од учебната 2017/2018 година (одделенска настава од 1 до 5 одделение)**

| Ранг | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Паралелка | 3б | 4а | 2б | 5б | 5а | 3а | 4б | 3б | 1а | 1б |
| Вкупен број на ученици | 21 | 25 | 24 | 25 | 22 | 21 | 21 | 25 | 25 | 20 |
| Број на членови | 12 | 13 | 11 | 5 | 4 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| % | 57,1 | 52 | 45,8 | 20 | 18,2 | 4,76 | 4,76 | 0 | 0 | 0 |

**Рангирање на паралелките според најголемиот број на членови во училишната библиотека во првото полугодие од учебната 2017/2018 година (предметна настава од 6 до 9 одделение)**

| Ранг | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Паралелка | 6а | 8б | 8а | 6б | 9а | 7а | 9б | 6б | 7б |
| Вкупен број на ученици | 15 | 25 | 24 | 16 | 25 | 21 | 23 | 16 | 23 |
| Број на членови | 3 | 4 | 3 | 2 | 3 | 2 | 2 | 1 | 0 |
| % | 20 % | 16% | 12,5 | 12,5% | 12% | 9,5% | 8,69 | 6,25 | 0 |

Покрај учениците, училишната библиотека ја користат и наставниците. Најчесто зајмуваат стручна литература, учебници, лектири при подготовка на часовите за обработка на лектири и белетристика.

**Предложени мерки за усовршување на работата на училишната библиотека во текот на второто полугодие:**

- Да се води евиденција на зајмувањето книги во ПУ во с. Логоврди.
- Да се збогати збирката на книги во ПУ во с. Логоварди со лектирите од 1 до 5 одд.
- Училишниот библиотекар секој месец да доделува признанија за најдобри читатели и наставници кои го поттикнуваат читањето.
- Во соработка со наставниците, да се пронајдат начини за мотивирање на учениците за активно членување во училишната библиотека (во 1 и 2 одд. групно зачленување на сите ученици од паралелката со зајмување соодветна книга за нивната возраст, по личен избор на секое дете).

**-** Да се испитаат практиките на наставничките во паралелките од кои поголем број на деца читаат книги од училишната библиотека. Кои методи и техники ги користат тие со своите ученици за да ги мотивираат да читаат и своите позитивни искуства да им ги пренесат и на останатите наставнички од Задницата за учење.

**Анализа на постојната состојба во второто полугодие од учебната 2017/2018 и активности преземени за зголемување на бројот на активни читатели**

На почетокот од второто полугодие, во соработка со одделенскиот наставник од 2а одд., беше осмислено на кој начин да се поттикнат учениците за активно членство. Досегашната практика на доделување членски картички на заеднички настан, којашто се практикуваше во изминатите години, се покажа како непрактична, бидејќи учениците од 1 и 2 одд. го поврзуваат зачленувањето со добивањето на картичка, а не со зајмувањето книга, којашто треба да ја прочитаат и да ја вратат. Исто така, се случува децата да ги загубат членските картички, што заради нивната мала возраст, создава страв дека за тоа следува некаква санкција, што ги одвраќа од вистинската цел на членувањето во библиотеката – да позајмуваат и читаат книги. За таа цел, зачленувањето на најмалите нема да биде поврзано со добивање членска картичка, туку со зајмување една книга, што ќе биде претставено како услов за зачленувањето. На тој начин секое дете ќе помине низ процесот на зајмување и враќање книга од училишната библиотека, што ќе ја отстрани „административната“ бариера, којашто секое дете ја има кон непознатите процеси. Исто така, секое дете ќе дојде во контакт со книга по сопствен избор соодветна за неговата возраст, којашто ќе им го претстави читањето книги како интересно, лесно и забавно и ќе ги разбие предрасудите дека е тешко и напорно да се чита.

Активноста се вршеше во првата седмица од второто полугодие, за да може да се согледаат резултатите од активноста и влијанието на активноста врз понатамошното активно членување во библиотеката.

**Анализа на постигнатите резултати на крајот од првото полугодие и крајот на учебната 2017/2018**

| Одд./паралелка | Одделенски наставник од 1 до 5 одд. | Број на ученици во паралелката | Активни членови на училишната библиотека учебна 2017/2018 | | | | Број на позајмени книги во паралелката учебна 2017/2018 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Број на членови од паралелката | | | | | | | |
| | Наставник-раководител на паралелката/ Наставник по македонски јазик од 6 до 9 одд. | | 1 полугодие | 2 полугодие | Вкупно во 2017/ 2018 | % Од вкупно членови | 1 полугодие | 2 полугодие | Вкупно | % Од вкупно членови |
| 1а | | 25 | 0 | 17 | 17 | 8,5 | 0 | 207 | 207 | 14,1 |
| 1б | | 20 | 0 | 15 | 15 | 7,5 | 0 | 65 | 65 | 4,4 |
| 1лог | | 5 | / | 0 | 0 | 0 | / | 0 | 0 | 0 |
| 2а | | 26 | 0 | 26 | 26 | 13 | 0 | 323 | 323 | 22 |
| 2б | | 24 | 11 | 16 | 16 | 8 | 22 | 89 | 111 | 7,5 |
| 2лог | | 8 | / | 8 | 8 | 4 | / | 40 | 40 | 2,7 |
| 3а | | 21 | 1 | 15 | 15 | 7,5 | 3 | 104 | 107 | 7,3 |
| 3б | | 22 | 12 | 19 | 19 | 9,5 | 67 | 214 | 281 | 19,1 |
| 3лог | | 6 | / | 0 | 0 | 0 | / | 0 | 0 | 0 |
| 4а | | 25 | 13 | 16 | 16 | 8 | 61 | 108 | 169 | 11,5 |
| 4б | | 21 | 1 | 4 | 4 | 2 | 2 | 6 | 8 | 0,5 |
| 4лог | | 7 | / | 7 | 7 | 3,5 | / | 16 | 16 | 1,1 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5а | | 22 | 4 | 12 | 12 | 6 | 10 | 27 | 37 | 2,5 |
| 5б | | 25 | 5 | 4 | 5 | 2,5 | 7 | 17 | 24 | 1,6 |
| 5лог | | 7 | / | 0 | 0 | 0 | / | 0 | 0 | 0 |
| 6а | | 15 | 3 | 5 | 5 | 2,5 | 5 | 6 | 11 | 0,7 |
| 6б | | 16 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 | 2 | 4 | 0,3 |
| 6в | | 16 | 1 | 0 | 1 | 0,5 | 1 | 0 | 1 | 0,1 |
| 7а | | 21 | 2 | 6 | 6 | 3 | 4 | 13 | 17 | 1,2 |
| 7б | | 23 | 0 | 2 | 2 | 1 | 0 | 6 | 6 | 0,4 |
| 8а | | 24 | 3 | 0 | 3 | 1,5 | 3 | 0 | 3 | 0,2 |
| 8б | | 25 | 4 | 1 | 4 | 2 | 6 | 1 | 7 | 0,5 |
| 9а | | 25 | 3 | 6 | 6 | 3 | 1 | 9 | 10 | 0,8 |
| 9б | | 23 | 2 | 11 | 11 | 5,5 | 1 | 20 | 21 | 1,5 |
| | Вкупно | 452 | 67 | 191 | 200 | 100% | 195 | 1273 | 1468 | 100% |

Квантитивната и квалитативната анализа покажаа дека кај паралелките со кои се спроведоа конкретни активности за поттикнување на читањето, не само што се зголеми бројот на читатели, туку се зголеми и бројот на позајмени книги од библиотеката, во однос на контролните паралки во кои во првото полугодие имаше повеќе читатели и повеќе зајмени книги, што всушност и беше целта на активностите. Ако се споредат паралелките 2. а и 2. б, на крајот на првото полугодие, во 2. а имаше 11 членови на библиотеката (самоиницијативно запишани) и 22 зајмени книги, а во 2. б имаше 0 членови и 0 зајмени книги. На крајот од учебната година, по спроведените активности за поттикнување на читањето, само во 2. б, од 2. а имаше 16 запишани членови во библиотеката со 111 зајмени книги, а од 2. б имаше 26 зачленети ученици со 323 зајмени книги. Ова покажува дека не е доволно активностите за поттикнување на читањето да ги врши само одделенскиот наставник самостојно, туку во тие активности треба да биде активно вклучен и училишниот библиотекар. Само заедничката работа и вклученост на сите релевантни субјекти може да ги даде вистинските резултати. Како резултат на овие сознанија, следната учебна година сите предвидени активности ќе се изведуваат паралелно во сите паралелки и покрај наставниците и библиотекарот, ќе ги вклучуваат и родителите и заедницата.

**Анализа на евиденцијата за зајмување книги во училишната библиотека, на крајот од првото полугодие и крајот од учебната 2018/2019 година**

| Одд./ паралелка | Одделенски наставник од 1 до 5 одд. | Број на ученици во паралелката | Активни членови на училишната библиотека учебна 2018/2019 | | | | Број на позајмени книги во паралелката учебна 2017/2018 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Број на членови од паралелката | | | | | | | |
| | Наставник-раководител на паралелката/ Наставник по македонски јазик од 6 до 9 одд. | | 1 полугодие | 2 полугодие | Вкупно во 2018/ 2019 | % Од вкупно членови | 1 полугодие | 2 полугодие | Вкупно книги | |
| 1а | | 25 | 24 | 24 | 24 | 8,6 | 149 | 151 | 300 | |
| 1б | | 26 | 22 | 24 | 24 | 8,6 | 204 | 194 | 398 | |
| 1лог | | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| 2а | | 22 | 22 | 22 | 22 | 7,9 | 117 | 127 | 244 | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2б | | 22 | 17 | 18 | 18 | 6,5 | 78 | 67 | 145 | |
| 2лог | | 5 | 3 | 0 | 3 | 1,1 | 3 | 0 | 3 | |
| 3а | | 25 | 20 | 21 | 21 | 7,6 | 30 | 44 | 74 | |
| 3б | | 24 | 9 | 11 | 11 | 3,9 | 13 | 16 | 29 | |
| 3лог | | 8 | 4 | 5 | 5 | 1,8 | 5 | 13 | 18 | |
| 4а | | 24 | 19 | 4 | 19 | 6,8 | 36 | 26 | 62 | |
| 4б | | 22 | 10 | 11 | 11 | 3,9 | 26 | 37 | 63 | |
| 4лог | | 6 | 3 | 0 | 3 | 1,1 | 3 | 0 | 3 | |
| 5а | | 27 | 18 | 20 | 20 | 7,2 | 65 | 62 | 127 | |
| 5б | | 21 | 7 | 8 | 8 | 2,9 | 15 | 4 | 19 | |
| 5лог | | 7 | 3 | 3 | 3 | 1,1 | 3 | 1 | 4 | |
| 6а | | 28 | 10 | 11 | 11 | 3,9 | 17 | 6 | 23 | |
| 6б | | 28 | 5 | 5 | 5 | 1,8 | 6 | 2 | 8 | |
| 7а | | 16 | 14 | 14 | 14 | 5,1 | 27 | 5 | 32 | |
| 7б | | 17 | 14 | 14 | 14 | 5,1 | 24 | 2 | 26 | |
| 7в | | 17 | 13 | | 13 | 4,7 | 10 | 6 | 16 | |
| 8а | | 21 | 6 | 8 | 8 | 2,9 | 15 | 2 | 17 | |
| 8б | | 21 | 4 | 4 | 4 | 1,4 | 17 | 0 | 17 | |
| 9а | | 24 | 10 | 11 | 11 | 3,9 | 24 | 5 | 29 | |
| 9б | | 25 | 5 | 6 | 6 | 2,2 | 16 | 2 | 18 | |
| Вкупно | | 465 | 250 | 264 | 278 | 100 % | 903 | 772 | 1675 | |

| | Број на зачленети ученици | | Број на активни членови (наставници/ вработени) | Број на позајмени книги од училишната библиотека (Битола) | | | Број на позајмени книги(ПУ Логоварди) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 полуг | 2 полуг | | 1 полуг | 2 полуг | вкупно | вкупно |
| 2017/ 2018 | 67 | 200 | 15 | 233 | 1260 | 1493 | 56 |
| 2018/ 2019 | 250 | 278 | 20 | 798 | 978 | 1776 | 22 |
| 2019/ 2020 Година на пандемија | 121 | 143 | 14 | 481 | 159 | 640 | / |

**Заклучни согледувања**

Врз основа на извршената анализа на евиденцијата и бројот на читатели и зајмени книги во учебните 2017/18 и 2018/19, во училишната библиотека се избраа и се извршија бројни активности, коишто се покажаа како ефективни во процесот на поттикнување на учениците за користење на библиотеката и библиотечниот фонд, за зголемување на бројот на зајмувања во библиотеката, а со тоа и за поттикнување на читањето и целокупниот интелектуален развој кај учениците. Овие активности станаа составен дел во Годишната програма за работа на училишната библиотека и на библиотекарот за учебната 2019/ 2020, со намера да станат редовни секоја следна година, а вклучуваат:

– Подготовка на промотивни материјали за одреден библиотечен материјал или активности на библиотеката (информативни постери, флаери, брошури и презентации за достапни книги, списанија и активности);

– Работилници за популаризација на книгата и читањето („Ѕвезда на приказната“);

– Работилници за читање приказни и бајки за 1 и 2 одд., за сите паралелелки одделно. Се поттикнува интересот за читање и зајмување книги преку поттикнување активно слушање и развивање дискусија (работилници за читање на приказната „Дедо е секогаш во право“);

– Работилници за поттикнување на читањето („Библиотекарски предизвици“);

– Работилници за поттикнување на творештвото кај учениците – творење по пример на претходно прочитани дела (креативни работилници „Мојата приказна“ и „Творам електронска сказна“);

– Поттикнување на читањето со доделување награди за најдобри читатели, за секој месец во учебната година;т

– Поттикнување на читањето со организирање свечени настани за прогласување на најредовните читатели во текот на секое полугодие од учебната година;

– Организирање пригодни, креативни активности за одбележување значајни личности и датуми од домашната и светската литературна и научна ризница (на пр. годишнината од раѓањето на Коста Рацин, Денот на мајчиниот јазик, Светскиот ден на книгата, Денот на читање бајки и сл.);

– Организирање училишни минисаеми за книги и организирање посети на саеми на книга во градот и државата, за запознавање со изданијата;

– Промоции на книги и списанија во училиштето, во соработка со различни издавачки куќи и претставување поети, писатели, илустратори и нивните дела;

– Организирање продажни саеми во соработка со родители, за собирање средства за набавка на книги, во чиј избор учествуваат и учениците („Новогодишен библиотекарски базар“ и Велигденски саем „Подари книга за велигденско јајце“);

– Активности за поттикнување на користењето стручна литература.

Процесот во кој училишната библиотека истражува состојби, открива причини и можности, делува за определување мерки за подобрување на условите и мотивацијата за читање и определува, развива и изведува активности за подобрување на читањето кај учениците, во што ги вклучува, ги активира и соработува со наставниците, стручната служба, родителите, издавачите, медиумите, другите библиотеки и сите релевантни поединци и институции од непосредната околина, станува составен дел од редовната работа на училишната библиотека.

**Користена литература**

1. Бошевска, Л. (2016) Појдовни чекори на библиотечното водство, кон воведување на промени во библиотеката, во Библиотекарство, Скопје: Библиотекарско здружение на Македонија

2. Boshevska, L. (2017) Changing condition in the School Library: How to change the librarian role from information provider to educator, Paper presented at: International Scientific Conference, Macedonian Science Society (on-line paper)

3. Димитров, Н. В. Митрева, Е. Серафимова, М. (2017) Методологија на научно-истражувачка работа: (наука и практика), Штип: Н. В. Димитров

4. Илиев, Д. (2006) Акциони истражувања во бразованието: креирање и водење одржливи промени во воспитно- образовниот процес, Битола: Универзитет „Св. Климент Охридски“, Педагошки факултет

5. Јованова-Митковска, С. (2009) Акционите истражувања и нивната примена во педагошката практика,

Педагошки факултет, Штип. Достапно на: https://core.ac.uk/display/35329842
6. Петровска, С. Ступариќ, Ј. ( 2015) Компаративните истражувања во образованието, во зборникт на трудови: „Состојби, предизвици и перспективи во воспитанието и образованието во Република Македонија“, НУ-УБ „Гоце Делчев“, Штип
7. Основни професионални компетенции и стандарди за стручни соработници (2016) Македонски центар за граѓанско образование БРО, Скопје, стр. 113-125

**Abstract**

Analytical research work as one of the areas of professional competencies of the school librarian, allows to analyze the situation through research of existing practices and experiences in the library itself, to look for the reasons and to determine the measures which will be taken to encourage reading, and will be monitored over several years to see the results of specific measures and to introduce corrective measures.

The active use of the library and the literature at its disposal should be a constant concern of the school library and the school librarian, in cooperation with the parents, the professional service, all teachers in the school and the community.

This paper presents some of the insights from the action and internal-comparative research and analysis of the number of active readers in the school library and the opportunities to increase active reading during the school years 2017/2018, 2018/2019 in the Primary School "St. Cyril and Methodius” Bitola, in order to determine the regular activities of the school library for 2019/2020, which will innovate and improve its work.

**Keywords:** school library, analysis, active readers

Магдалена Кочовска-Салтирова,
виш библиотекар
ЈОУ Библиотека „Искра“ – Кочани

# ИНОВАЦИИ ВО БИБЛИОТЕКИТЕ – ОСВРТ КОН НОВИ ПРОЕКТИ, НОВИ УСЛУГИ, РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ, РАЗВОЈ НА КРЕАТИВНИ ПРОГРАМИ И СЛ.

**Апстракт**

Водени од сите релевантни компоненти на меѓусебната комуникација во денешно време, во едно општество засновано врз знаење, библиотеката како одговорен и носечки субјект во промоцијата и заштитата на културното наследство, развива и употребува креативни начини на размислување, дејствување и соработка. Редефинирање на приоритетите на дејствување на библиотеката во локалната заедница е неминовна, активно присутна, со збогатување и примена на нови форми на библиотечни услуги, програми и знаење коишто ќе развиваат и нови видови дејствија.

Врз основа на согледувањата на интересите на потенцијалните корисници на библиотечните услуги, како и тенденциите на целокупниот општествен и културен развој, многу е значајно да се развие и да се добие синергија помеѓу виртуелните и физичките библиотеки, со цел да се обезбедат референтен број на крајни корисници, слика којашто ја посакуваат сите библиотечни работници.

Компонентите на развој како создавање, пренесување и усвојување на знаењето, како нематеријални процеси коишто можат да се случат секаде и во секое време, се можност повеќе за иновации во библиотеките и развој на креативни програми, нови проекти и библиотечни услуги.

**Клучни зборови:** библиотека, иновации, креативни програми, проекти и корисници

**Abstract**

Guided by all relevant components of mutual communication these days, in a knowledge-based society, the library as a responsible and leading entity in the promotion and protection of cultural heritage, develops and uses creative ways of thinking, acting and cooperation. Redefining the priorities of the library acting in the local community is inevitable, actively present, by enriching and applying new forms of library services, programs and knowledge that will develop new types of activities with newly defined purposes.

Based on the perceptions of the interests of potential users of library services as well as the tendencies of the overall social and cultural development, it is very important to develop and obtain synergies between virtual and physical libraries, in order to provide a reference number of end users, an image that it is desired by all librarians

Development components such as the creation, transfer and acquisition of knowledge, as intangible processes that can occur anywhere and anytime, is an opportunity for more innovation in libraries and development of creative programs, new projects and library services.

**Keywords:** library, innovations, creative programs, projects and users

Според Меѓународната асоцијација на библиотечни здруженија и институции (IFLA), којашто во својот документ ИФЛА (Стратегија 2019 - 2024 година) децидно ја поддржува библиотеката со визијата за силни и здружени библиотеки коишто позитивно придонесуваат кон развојот на писменоста, информираноста и партиципативното општество, неминовно претставува силен поттик во можноста за изготвување програми коишто ќе дадат свој придонес.

Во исто време, слободниот пристап до постоечката заемна библиографско-каталошка база на податоци, достапноста и можноста за користење на истражувачките бази на податоци, овозможено преку системот Cobiss. Net, E – CRIS.MK, ЕБСЦО како особено значајни и потребни сегменти особено придонесуваат во образовниот, културниот и професионалниот развој на секој поединец.

Водени од предизвиците со кои се соочува библиотечниот работник во своето секојдневие на работа, ИФЛА преку проектот „Глобална визија“ (Global Vision project 2017) на меѓународниот конгрес WLIC во Атина, 2019 ја промовира „IFLA Global Vision ideas Store for Actions” којашто сублимира креативни, интерактивни и корисни идеи со кои можат предизвиците да бидат успешно надминати и да носат квалитетно спроведени содржини, е извор којштo треба да го тресира патот на современиот

[1] www.ifla.com

библиотечен професионалец.

Примената на нови програми и иновации коишто го следат општеството коешто од ниво на усвоена информациска писменост тежнее кон креирање средина на знаење е главна причина зошто библиотеката на иднината со збогатување на содржините во својата дејност ќе ја „менува перцепцијата кај луѓето и средината дека библиотекарството претставува професија којашто изумира поради интернетот“, туку напротив дека таа како институција со културна, образовна и информациска дејност успешно се справува со сите промени во општественото живеење.

Библиотеката со веќе спроведени современи компјутерски технологии и приспособени просторни услови, со кои овозможува достапност и користење на сите библиотечни ресурси, извори и библиотечни бази на податоци, создавајќи едукативни програми за своите корисници за нивна употреба, покажува силни компетенции во соочувањето со новите предизвици коишто ги носи современиот, технолошки начин на комуницирање.

Со цел да се зголемат вештините, знаењата и информациската писменост во однос на можностите коишто ги нуди системот Cobiss и Информацискиот систем за истражувачката дејност во земјата и регионот, во текот на 2020 година е изведена едукативна програма, со корисници членови на библиотека „Искра“ Кочани, целна група на возраст од 13 до 16 години, за пребарување на библиотечните бази на податоци и истражување содржини коишто го поддржуваат образовниот процес, но и содржини коишто се индивидуални интереси и потреби за информации од одредена област. Преку обуката беа презентирани можностите за достапност на содржината на библиотечната граѓа и можноста за нејзино користење преку библиотечните услуги. Со едукативни програми за зголемување на компетенциите на поединецот за пристапување, преземање и обработка на податоците од значење за конкретно решавање проблем и носење одлука, додека во современите верзии таа се дефинира како користење на програмирани веб-страници за учење, тесно поврзани со технологиите на компјутери и интернет-достапност, а значењето се дефинира како однос на одговорно користење информации (Kuhlthau 1993, Brus 1997) , со посредство на библиотекарот кој како како чувар на културните добра или културен водич истовремено се промовира и библиотечната дејност и се потенцира нејзината есенцијална важност во образовниот развој на поединецот. Токму од тие причини одржувањето и продлабочувањето на конструктивната соработка со сите релевантни субјекти од образованието и културата, ја поставува библиотеката како достоен партнер во процесот на стекнување знаење кај своите корисници.



*„Информациска писменост“ Едукативна програма, 2020 г. ЈОУ Библиотека „Искра“ – Кочани*

Јакнењето на писменоста како важен сегмент треба да се остварува во континуитет, вклучувајќи ги најмладите како главни учесници во овие програмски содржини, но вклучувајќи ги и возрасните чинители коишто ја творат литературата за деца преку пишувањето и илустрирањето. Содржините за нив можат да бидат афирмирани преку трибина како форма, каде што активно учество можат да земат значајни дејци за дадената област и прашања коишто се актуализираат. Преку оваа форма се овозможува добивање стручни излагања од присутните учесници, дискусија на отвореното прашање и носење заклучоци коишто треба да бидат дадени до надлежните субјекти.

[2] www.ifla.com
[3] Drother, Kristen (2005) Library innovation for the knowledge society, Scandinavian Library Quarterly, Volume 38.No

Трибина на тема „Специфичноста, позитивните влијанија и присутноста на литературата за деца во детскиот развој и во креирањето на детскиот свет“, излагачи проф. д-р Јованка Денкова, м-р Ели Маказлиева и м-р Тратјана Лазарова-Осоговска. Трибината е дел од проектот „Славење на меѓународниот ден на литература за деца, Другарувањето со книгите ни е песна, Фестивалот на децата, книгите и музиката“ Кочани, 2020 г.



Редовното дополнување и презентирање на содржинските активности и услуги на библиотеката на веб-страницата и другите електронски платформи преку кои ја изведува својата е-комуникација денеска се поставува како неопходно средство за афирмација и иницирање виртуелна соработка. Библиотеката којашто работи во време на пандемија, во услови кога непосредната комуникација е ограничена, можноста за поставување дигитални приказни, аудио- и визуелни содржини, програми со еукативна, креативна и образовна содржина, истражувачка и аналитичка компонента, дизајн и програмирање, иноваторство се содржини со креативни елементи коишто можат да им бидат понудени на корисниците. Од друга страна и програмското претставување на библиотеката преку мултимедијални програми, аудио- и видеопрезентации, претставување и учество во меѓународни проекти од областа на библиотечната и културната дејност, ќе преставува значаен елемент во развојот на библиотечната дејност.

Јавните библиотеки со своите физички и виртуелни компоненти се местата каде што корисниците често го исполнуваат своето слободно време. Врз основа на согледувањата на интересите на потенцијалните корисници на библиотечните услуги, многу е значајно да се развие синергија помеѓу виртуелните и физичките елементи на библиотеката, со цел да се обезбедат референтен број на крајни корисници, слика којашто ја посакуваат сите библиотечни работници.

Во услови кога се почитуваат принципите на слободен пристап за сите, поставени како камен-темелници на дејствување на јавната библиотека, преку програмите во кои библиотекарот е присутен помеѓу корисниците, се ангажира во процеси и содржини и нуди професионални искуства и евалуација и се поврзува со партнери од мултидисциплински гранки, во соработка со приватниот и јавниот сектор, се можност повеќе за иновации во библиотечното работење.

Следејќи ги достапните студии за јавните општински библиотеки во централниот дел на Шведска (Marcus Strand) , се увидува зголемена иницијатива за библиотечни услуги кај нив, од страна на студенти и возрасни лица кои се во процес на учење. Од тие причини библиотеките со својата флексибилност иницираат и прифаќаат промени и во создавање процеси на учење. Во нив се работи со визија којашто поттикнува креативни, нови пристапи и идеи во олеснувањето на формите на учење на корисничките групи, како и отворање библиотечните центри коишто ќе дејствуваат како ресурс во процесот на учење, со инструктивна и аналитичка улога, за сите возрасни групи.

Библиотеките преку својата дејност треба да создаваат вредности на добро општество, стекнување и почитување на демократските права и активно учество во заедницата и средината. Создавањето едукативната програма „Јас ги познавам своите права“ во Библиотеката „Искра“ – Кочани за афирмација на правата на децата и заштитата од нивна злоупотреба, преку едукативно-

креативна работилница, презентирањето едукативни кратки филмови, подготвени од УНИЦЕФ, како и соработката со Секторот за внатрешни работи, ПЕ Кочани и други содржини, даваат силен придонес во спроведување на Меѓународната декларација за права на децата, што како програми од срединатa се вреднуваат како иновативни и исклучително корисни за најмладите.

Исто така, библиотеката како културен центар ги промовира различните култури преку литературата и уметноста којашто ја создава еден народ. Библиотеката е тој информациски центар којшто овозможува пристап до сознанијата и информациите за заедници коишто се културно различни. Најмладите се поттикнуваат да истражуваат во богатиот книжен фонд на библиотеката, преку збирките, дигиталните форми на записи, коишто се извор за запознавање нова култура и литература.

Остварени се повеќе програми по повод значајни културни настани, во кои со илустрирање приказни од различни нации и автори кои потекнувааат од друга култура, со обработката на литературните дела преку креативни форми на работа – драматизации на нивната содржина, најмладите се запознаваат со другите култури и книжевноста, а секако истовремено се информираат, образовно и културно се едуцираат и учествуваат во афирмацијата и на великаните на македонската литература за деца.

Со пласирањетото креативни и инспиративни идеи, библиотеката би претставувала посакувано место за сите граѓани, притоа насочувајќи го погледот кон богатото културно наследство, отвореноста кон воведување нови технологии, поврзување со научните, културните, образовните и невладините организации коишто работат на различни области и придонесуваат во развојот на општеството.

Корисниците, при посетата на библиотеката, очекуваат квалитена библиотечна услуга, но истовремено се и подготвени да го споделат своето мислење, да соработуваат, но и да бидат вклучени во активностите. Со цел да се добијат сознанија за интересите на корисниците за воведувањето иновации во работењето и дополнителни програми, проекти и библиотечни услуги, беше спроведена анкета, со која беа опфатени 100 испитаници, во периодот август-септември 2020 г., со цел да го изразат своето мислење. Анкетата се спроведе кај корисници кои ги користат библиотечните услуги и ја посетуваат библиотеката, по случаен избор. На прашањата коишто им беа поставени, од добиените одговори може да се носат заклучоци дека над 95 проценти од испитаниците се согласуваат да биде зголемен бројот на воведени програми коишто вклучуваат едукативни предавања на актуелни теми во општеството, едукативно-креативни работилници на значајни прашања за децата и младите, содржини на кои ќе се дебатира со спротиставени ставови на одредено прашање, реорганизирање на просторот наменет за истражување и место за творење. На прашањето за давање сугестија за идеи кои можат да бидат имплементирани, дел од нив се: поддршка на младите во олеснувањето при одлучување на изборот на професија / професионална орентација, со непосредни контакти и презентации на дејци од различни професии, потоа можност за следење бесплатни курсеви по странски јазици, можност за изведба на драмски игри и активности, можност за организирани посети на друга библиотека и други содржини. 85 проценти од испитаниците кои учествувале во анкетата се членови повеќе од една година, а останатите 15 проценти помалку од една година.

Од добиените резултати може да се донесе заклучок дека корисниците позитивно ги вреднуваат и се согласуваат за дополнителни програмски содржини во кои тие би зеле активно учество и коишто како иновативни ќе придонесат за нивниот образовен развој, квалитетно исполнување на слободното време, како и можност за развивање на нивната креативност, таленти, вештини, како и размена на знаења и искуства од различни области. Освен овозможување размена на знаењето, ќе се стекнува и знаење и на крајот содржините од спроведеното ќе се постават на виртуелната мрежа. За да се овоможат сите овие моменти, потребни се соодветни просторни услови и приспособени програми, со квалификувани библиотекари, кои со своето дејствување ќе бидат пример којшто ќе ги инспирира другите за создавање и примена на иновации во библиотечното работење (IFLA-Global vision Ideas Store for Actions).

[4] Strand,Marcus (2005) For the benefit of others: The public librarian in a learning society, Scandinavian Library Quarterly, Volume 38.No
[5] https://www.ifla.org/publications/iflaunesco-public-library-manifesto-1994
[6] IFLA/UNESCO Multicultural library manifesto

Бидејќи економскиот, културниот и социјалниот живот денеска многу често се одвиива преку дигиталниот свет и бидејќи во него се пласираат бројни информации и содржини, на поединецот му е потребна насока којашто ќе го води кон релевантните информации и извори. Селектирајќи одредени теми од дигиталните мрежи, библиотекарот може да ги организира и да ги актуализира истите содржини приспособени кон целната група корисници, на јазикот, културата и сликите коишто постојат во заедницата. Јавните библиотеки, организирани и поставени на таков начин, би претставувале локални портали на светската култура и знаење .

Искуствата од библиотеките на иднината зборуваат и носат податоци дека отворените нови простори за креативни и истражувачки активности во нив носат единствено позитивни вреднувања. Зголемувањето на финасиите коишто се насочени кон развој на културата, преку кои ќе можат да се спроведуваат привлечни, иновативни програми и ќе се вложува во обуки на библиотекарите кои со своите компетенции ќе создадат услови за изразување на иновативноста, креативноста и компетитивноста кај корисниците, неминовно водат кон стабилно место на библиотеките и нејзино прифаќање како достоен партнер во развојните програми значајни за општеството.

.

**Користена литература:**

1. www.ifla.com
2. http://www.ala.org/news/state-americas-libraries-report-2020/public-libraries
3. Drother, Kristen (2005) Library innovation for the knowledge society, Scandinavian Library Quarterly, Volume 38. No;
4. Strand, Marcus, 2005, For the benefit of others:The public librarian in a learning society, Scandinavian Library Quarterly, Volume 38. No;
5. https://www.ifla.org/publications/iflaunesco-public-library-manifesto-1994
6. IFLA/UNESCO Multicultural library manifesto
7. Repositioning European Public Libraries ECEI10„ Delivering Digital Europe in Public Libraries“, 20 and 21 September 2010, Brussels Workshop„European policy for libraries : What will it say, what can it do?“
8. https://www.britannica.com/topic/library#ref62005
9. https://files.eric.ed.gov/fulltext/ED572830.pdf

Мариана Палашевска
НУ НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје

# ИНОВАЦИСКИ МЕНАЏМЕНТ ВО БИБЛИОТЕКИТЕ (Q-THEKE)

**Апстракт**

Нашето општество се менува постојано. Многу потреби и желби на читателите и корисниците на библиотеките не се сè уште обликувани и чекаат остварување, што доведува до потребата да се креираат иновации. Информациско-технолошкиот развој не мирува и во библиотеките и ги става пред нови предизвици. Библиотеките имаат потреба од иновациски менаџмент.

Тие треба да бидат во тек со нештата коишто се случуваат околу нив, да ги прифаќаат новите трендови и да имаат слух за потребите на корисниците. Иновацискиот притисок во информациските институции е сè поприсутен. Отворената иновација се чини како многу важна при поврзувањето на надворешните фактори во иновацискиот процес. Понатаму, иновациските просторни решенија (Q-theke) се чинат како најпривлечни, а иновацискиот менаџмент помага и при можни ризици, што би можеле да им се случат на библиотеките.

**Клучни зборови:** иновациски менаџмент, иновации, отворени иновации, иновациските просторни решенија.

**Abstract**

Our society is constantly changing. Many needs and desires of the readers and users of the libraries are not yet formed and are waiting to be realized, which leads to the need to create innovations. Information-technological development does not stand still in libraries, and puts them in front of new challenges. Libraries need innovation management.

They need to be up to date with what is happening around them, accept new trends and listen to the needs of users. Innovation pressure in information institutions is more and more present. Open innovation seems very promising when linking external factors in the innovation process. Furthermore, innovative spatial solutions - "Q-theke" seem to be the most attractive, and innovation management helps with possible risks that could occur to libraries.

**Keywords:** innovation management, innovations, open innovations, „Q-theke“.

**Вовед**

Иновациите пристигнаа и во библиотеките. Тие треба и понатаму да се развиваат, ако сакаат и во иднина да имаат важна улога во информатичкото општество и да бидат портата кон нови знаења. Тие стојат пред предизвикот да се менуваат и истовремено традиционалните задачи да ги водат и во дигиталното доба, што значи, досегашните јаки страни и компетенции да не се загубат.

Иновацискиот менаџмент ги подржува библиотеките да бидат во чекор со мноштвото понуди и нови идеи, коишто секојдневно им се нудат на корисниците и коишто се очекуваат и од нив. Со иновацискиот менаџмент ќе се поставаат и условувачките рамки, за сите стратегиски и оперативни задачи во рамките на понатамошниот и новиот развој на производи и услуги да се планираат и да се организираат.

Кон најважните задачи на менаџирањето на иновациите се вбројуваат:

– развој и проценка на нови иновации;
– утврдување на работните места во библиотеката;
– избор на поедини области и понуди, што треба да бидат заменети со иновативни решенија;
– одредување на зачестеноста на следењето на библиотеката;
– планирање, управување, изведување и контрола на активностите и
- известување за постигнатите резултати.

**Што се иновации?**

Една иновација е успешно проценување на еден пронајдок, производ или услуга. Во секој случај една иновација е многу повеќе од идеја.

Предмет на иновацијата се: иновативен процес; социјални иновации; организациски или структурни иновации; иновации во однос на вработените; стратегија за иновациски менаџмент; иновативни производи; иновативен дизајн; иновативни услуги; промотивни цени; иновативни технологии; иновации при контакт со клиенти. А, притоа, во врска со ова, треба да се одговорат следниве прашања: Што е ново? За кого е ново? Колку е ново? Каде започнува и каде завршува еден иновациски процес?

Во иновациското портфолио би имало разлики во следниве видови иновации: иновации што подразбираат подобрување на веќе постоечки продукти или услуги; иновации што се приспособуваат како апликации; технички иновации и радикални или револуционерни иновации.

**Иновации во библиотеките**

Со основните промени во информациските технологии преку нивното делувања врз однесувањето на корисниците, и библиотеките мора да станат иновативни.

Како функционираат всушност иновациите?

Кои методи се применети во една библиотека и со каков успех?

Каков е иновативниот процес во една библиотека?

Ова се прашања што најдобро би се одговориле со поставување електронски прашалник до корисниците, како и до вработените во библиотеката. Библиотеките мораат да прават систематско следење на новите технологии и трендовите, од една страна, и барањата и потребите на корисниците, од друга страна. За да се оствари ова, се нуди интеграција на екстерната оценка во иновацискиот процес, т.е. таканаречените отворени иновации.

**Отворени иновации во библиотеките**

Веб 2.0 и интеграцијата на интерната проценка во иновативниот процес оддаваат една слика за библиотеката на иднината. Социјалните мрежи овозможуваат постојан интензивен дијалог со корисниците. Потенцијалот на т.н. отворени иновации лежи токму таму, дека знаењето е еден од најважните ресурси за иновациите и иновацискиот процес, а е и можност за користење на колективната интелигенција.

**Иновациските просторни решенија (Q-theke)**



При учество на еден семинар на темата „Библиотеките како место за учење“, посетивме неколку библиотеки во Сојузната Република Северна Рајна Вестфалија, во Германија, кои тукушто ги беа промениле своите простории, приклучувајќи го и катчето наречено „Q-theke“. Во ова катче корисниците можат бесплатно да ја користат е-библиотеката или, пак, да се информираат за е-апликацијата за електронско зајмување. Сите е-книги, е-списанија, е-филмови, е-аудиокниги итн. издадени на германски јазик се достапни за бесплатно зајмување на оваа апликација, таа им е достапна на корисниците на институтите Гете ширум светот, а може да се користи и да се набави и од други земји каде што има интерес за германската култура.






**Концепт за иновативен библиотечен простор**

Во иднина во овие библиотеки повеќе нема да бидат важни нивните содржини, туку советувањето при пребарувањето на информациите, како и користењето разни медиуми за учење. Така настанала идејата за оваа информациска, комуникациска и работна зона во средиштето на библиотеката.

Целта е библиотеката да изненади, да поттикне, па и да наметне прашања. Иновациските просторни решенија (Q-thek), што ли е тоа? Претставува мост помеѓу новото и старото. Им посакува добредојде на корисниците и ги поканува да престојуваат подолг период.





**Концепт на хибридната библиотека**

**Современите библиотеки денес имаат конкуренција не само во печатениот материјал, туку и најмногу во интернетот, којшто ги привлекува поголемиот број корисници, како и бесплатно достапните портали за е-книги.** Оттаму библиотеките се принудени да смислуваат нови понуди, но и да се соочат со предизвикот да бараат нови корисници.

Типичната улога и одговорности на „хибридниот“ библиотекар се: едукатор (информатор), кој ќе ги обучува корисниците, библиотекар, кој ќе се фокусира и на градење врска со другите оддели, како и со академската фела и на крај добар информатичар, т.е. специјалист за метаподатоци. Одговорностите вклучуваат управување со електронските информации, евалуација на повикување на податоците и провизија од влез на дигиталната граѓа. Тимот треба да се заснова на професионалци од овие области.

[1] https://shopping.ekz.de/services/q-thek/

Потребна е цела палета на вештини за некој да работи во хибридна околина.

Тоа се столбовите на хибридната библиотека коишто пред сè се засновани врз потребите на нивните корисници. Уште еден важен столб за нејзино добро функционирање се партнерите како од областа на образованието, културата, информатичкото општество, така и од бизнис и невладиниот сектор.

**Културата е хибридна, динамична и хетерогена, па оттаму и библиотеките. Зависно од видот на библиотеките, тие постојано ги менуваат и своите програми, особено со користење на современата ИКТ. Такви се таканаречените џебни библиотеки за паметните библиотеки, гејмификација, „зелени библиотеки“, разни работилници (англ. makerspace, герм. Q-Thek ), Веб 2.0 и сл.**






Со доаѓањето на дигиталните информации, развојот на интернетот и формирањето на т.н. хибридна библиотека следуваше промена: наместо традиционалното формирање на фондот и чувањето на граѓата, библиотеките се ориентираа кон корисниците и услугите. Затоа хибридните библиотеки можеме да ги гледаме како мост помеѓу традиционалната библиотека и дигиталната библиотека.

Примената на концептот за хибридна библиотека започнува со формирањето на фондот и набавката на граѓа. Притоа, зависно од видот на библиотеката, т.е. нивната конкретна задача, би требало постепено да се зголемува бројот на дигитална граѓа наспроти печатената граѓа. Ова е практика во светот најмногу пред сè кај научните, односно универзитетските библиотеки, како и националните, но важи и за другите типови библиотеки сеедно дали се школски, специјални или градски библиотеки. Важно е за сите непосредниот пристап до информациски извори да не биде само во просториите на библиотеките, туку и во училниците, факултетскиот кампус и домовите на корисниците. **Библиотеките со тоа преземаат темелна улога во процесот на учење од далечина и во изградбата и одржувањето на е-збирката.**

Хибридните библиотеки коишто треба да собираат истовремено и конвенционална (аналогна) и дигитална мултимедијална граѓа, мораат да бидат вистински „виртуози“ при градењето на фондот. Фондот на хибридната библиотека од многу аспекти е пошаренолик и повеќеслоен.

Според примерот на научните хибридни библиотеки во Германија:

Кај печатениот материјал треба да се внимава кај следниве правила:

– Одлуката ја донесува стручно лице, т.е. задолжениот библиотекар, кој е запознаен со целосната слика за развој на фондот.

– При набавката на новообјавениот материјал, доколку не станува збор за депозитна библиотека, стануваат дел од фондот на библиотеката со купување и со тоа се достапни не само за своите корисници, туку и за корисници на други библиотеки во земјата и странство.

– Набавката, т.е. обновата на пример на оштетената граѓа, се води според принципот „за секој случај“, односно доколку навистина има потреба.

– Со набавката на т.н. конвенционална граѓа, како што е книгата, во библиотеката не се јавуваат комплексни организациско-технички прашања и проблеми. Процесот на обработка е автоматизиран, книгата се става во орманите и по потреба се позајмува. Тоа е сè.

При набавката на дигиталната граѓа важат сосема други правила. Дигиталната граѓа, на пр.

е-книгата има поинакви својства и е времено ограничена заради набавката врз основа на лиценца.

- Набавка „за секој случај“. Тука при набавката веќе не нè интересираат претпоставените идни интереси на корисниците, туку непосредната желба на корисниците, односно статистички докажаното користење на одредени видови граѓа (списанија, бази со податоци, е-книги).

– Изборот на наслови ќе бидат насочени најмногу кон желбите на корисниците или, пак, во техничка смисла на т.н. ПДА (англ. patron driven acquisition-Service) . Со ова им се овозможува на корисниците сами да ја бираат граѓата за библиотеката, којашто сè уште не е дел од нејзиниот фонд.

– Кај електронската граѓа преовладува набавката на колекција, или пакети, или директно преку издавачките куќи или, пак, поголеми книжарници, или преку т.н. агрегатори за е-книги. Но, тука се и конзурциумите коишто ги снабдуваат библиотеките при нивната голема побарувачка на електронски ресурси. За сите нив важи следново – неопходно е библиотеката да ја поседува лиценцата.

– Специфично авторско право (DRM или управување со дигитални права) – нема веќе сопственост на библиотеките, туку тие го купуваат правото на пристап до информацијата, односно времетраењето на лиценцата за која се имаат договорено при купувањето. Така што при изминувањето на рокот се губат и е-ресурсите на библиотеката купени од одредена издавачка куќа, доколку таа не се продолжи навреме. Тогаш зајмувањето е возможно само преку службата за меѓубиблиотечна размена со другите библиотеки. Ова, пак, е контролирано со сосема други права за дигитална граѓа.

– Интеграција во сервисниот концепт на библиотеката. Токму тука следуваат низа важни организациско-технички прашања. Потребни се инвестиции во хардверските и софтверските решенија на библиотеката, коишто се неопходни за користење и управување со е-граѓата.

**Заклучок**

Управувањето со иновациите е обемна работа. Се работи за тоа, од една библиотека да се исцрпи целиот потенцијал, но во прва линија од вработените. Како ќе бидат планирани приоритетите, кои цели треба да се остварат, секоја библиотека треба сама да открие.

Со текот на времето значењето на библиотеките скршнува по друг пат, од нејзиното првично значење „колекција на книги“ до денешното значење на колекциите, збирките на најразновидни видови библиотечна граѓа, па сè до збирките софтверски пакети, е-книги, е-списанија, веб-портали и сл. И покрај тоа што денес може да се сретнат повеќе дефиниции за поимот библиотека, заедничко е за сите нив дека таа собира, стручно обработува, чува и дава на користење библиотечна граѓа .

Од друга страна, пак, енормно брзиот напредок на информатичката и комуникациската технологија, како и сè поголемиот број корисници од различни категории ги поттикнуваат библиотеките на иновативност. Денес, библиотеките не даваат услуги, туку тие услуги се користат во интеракција со корисниците.

[2] https://en.wikipedia.org/wiki/Patron-driven_acquisition
[3] http://uis.unesco.org/en/glossary-term/library

**Користена литература**

1. Bibliothek, Forschung und Praxis, Vol. 38, Iss.3> Bibliotheken ohne Bestand? Bestandaufbau unter digitalen Vorzeichen / Klaus Kempf> DOI: https://doi.org/10.1515/bfp-2014-0057
2. The Library in the Twenty-first Century By Peter BrophyBy Peter Brophy> https://books.google.mk/books?id=YdkqDgAAQBAJ&printsec=frontcover&dq=the+library+in+the+twenty-first+century&hl=mk&sa=X&ved=0ahUKEwjj3brIqrDnAhUHycQBHfRRAgAQ6AEIKzAA#v=onepage&q=the%20library%20in%20the%20twenty-first%20century&f=false (пристапено на 01.02.2020)
3. https://archive.ifla.org/VI/5/op/udtop8/udt-op8.pdf (пристапено на 01.02.2020 )
4. https://de.wikipedia.org/wiki/Virtuelle_Bibliothek (пристапено на 08.02.2020)
5.https://oebib.wordpress.com/2019/07/13/die-q-thek-als-symbol-fuer-die-bibliothek-als-ort/ (пристапено на 09.02.2020)
6.http://www.ala.org/acrl/sites/ala.org.acrl/files/content/conferences/pdf/allen05.pdf (пристапено на 09.02.2020)
7. https://onleihe.net/ (пристапено на 09.09.2020)
8. Birgit Inken Fingerler; Rudolf Mumenthaler/Innovationsmanagement in Bibliotheken = Innovation Management in Libraries. -Series:Praxiswissen. - De Gruyter Saur,2016 DOI: https://doi.org/10.1515/9783110338850 (пристапено на 09.09.2020)

(стручен труд)

м-р Мариче Боздоганова, советник-библиотекар
НУ библиотека „Григор Прличев“, Охрид

# ПРОМЕНИ, ВИЗИИ ВО БИБЛИОТЕЧНОТО РАБОТЕЊЕ

**Апстракт**

Во овој труд е даден осврт на новите услови коишто ги наметна пандемијата на ковид-19 којашто го зафати човештвото на глобално ниво. Давајќи нови напори за прогрес и активност во своето работење, библиотеките иако физички затворени, дигитално и виртуелно ги поврзуваа своите корисници до своите услуги. Како доаѓаат промените, така и библиотеките ги прифаќаат и се приспособуваат кон новите услови за да бидат посоодветни и подостапни до своите корисници.

**Клучни зборови:** библиотека, дигитализација, мобилни апликации

**Abstract**

This paper gives an overview of the new conditions imposed by covid-19, a pandemic that has affected humanity globally. Giving new efforts for progress and activity in their work, the libraries, although physically closed, digitally and virtually connected their users to their service. As the changes come, so the libraries accept and adapt to the new conditions to be more adequate and more accessible to their users.

**Key words:** library, digitalization, mobile applications

Под влијание на информациско-технолошкиот развој, но и структурно-организациските општествени преобразби на јавните библиотеки во кои како традиционални културни наследства и места за позајмување книги се воведуваат нови методи и стратегии за развој на библиотечното работење во информациска, културна, образовна, мултикултурна, мултимедиумска и комуникациска средина наменети пред сѐ за корисниците на своите локални средини. Улогата на јавните, народни библиотеки во локалната средина се во корелација со информациското општество и карактеристичните општествени процеси на мрежната глобализација.

Непосредниот пристап до сите релевантни извори и информации се нагласува како најважна улога во јавните (народните) библиотеки во ова информациско општество. Оваа улога на јавните библиотеки е посебно нагласена во Манифестот за народните библиотеки на УНЕСКО.

Во 21 век посебна важност има „...во сѐ посложеното општествено уредување луѓето мораат да усвојуваат нови вештини во различни фази од својот живот. Народната библиотека има многу важна улога во тој процес.“

Мајкл Горман укажува на некои аспекти за потполна промена на концептот на збирките во современата информациско-технолошка развојна библиотека. Промените доаѓаат од разликите меѓу материјалите на книжевната граѓа (книги, списанија, филмови и др.), како и електронските документи и извори. Според него, нема разлика помеѓу печатена граѓа и електронски извори, нив ги смета за современа книжевна збирка, сложена граѓа.

Во време на виртуелен и дигитален свет, дигитализацијата на печатениот, ликовниот и звучниот документ, поточно нивниот пренос од аналоген во дигитален формат, денес е вообичаен начин на копирање информации на аудио- и визуелната и мултимедиумската граѓа.

Е-книгата често се дефинира како електронска верзија на печатена книга. Поимите дигитални и електронски се користат како синоними, а се користи и поимот мрежни, поточно е-извори. Е-книгата е достапна и се дистрибуира со помош на платформа, уреди коишто содржат потребен хардвер и софтвер. Е-книгата може да се дефинира како една или повеќе компјутерски датотеки со ограничена содржина којашто ѝ е достапна на јавноста како е-книга или во материјален облик ЦД-РОМ, ДВД и слично.

## Иднината на библиотеките во дигиталното време

Со текот на времето задачите на библиотеката не се намалија, напротив станаа сѐ побројни и поразновидни. За да го оправдаат своето постоење не е доволно само да обезбедат пристап до информациите коишто им се потребни на корисниците, тука се со нови задачи меѓу кои да располагаат

со доволно материјални средства и соодветна опрема за да им одговорат на предизвиците на новото време. Библиотеките денес стануваат многу важни од кога било досега, токму затоа што светот брзо се менува.

Во овие промени влегуваат и архитектуратата и ентериерот на библиотеките, корисникот да биде во главната улога, а не библиотечната граѓа. Сепак библиотеката е јавно добро и во овие временски параметри трпи коренити промени.

Така, на пример, Јавната библиотека во Сакраменто, Калифорнија, на своите сограѓани им нуди простор за состаноци, организира клуб средби на љубителите на книги, време за приказни за мали деца, филмски вечери и слично. Понатаму е-услугите се шират со брзина на светлината. Со овие извори коишто ги нуди интернетот во време на пандемијата којашто ја зафати целата светска популација, книгата стана многу потребна и блиска на човекот.

Иднината на библиотеките во дигиталното време е неизвесна, додека читањето на книгите е најважен начин за стекнување нови знаења. Во последната декада се формирани повеќе дигитални библиотеки коишто се развиени ширум светот. Правени се обиди да се одреди значењето и смислата на услугите, изворите, збирките, каде е увидено дека се запоставува важноста и користа на дигиталните библиотеки во односот кон корисниците и нивниот начин на користење на дигиталните збирки во секојдневниот живот.

Библиотекарите мора да имаат критичко размислување, анализа на податоци, флексибилност, лидерство и управување со технологија. Ова е од голема важност за создавање дигитална инфраструктура што им овозможува на библиотечните услуги да останат на сила за време на изолацијата. За да ги објават овие услуги и да останат поврзани со заедницата, библиотекарите мора да имаат добро запознавање со напредните методологии за комуникација и промоција што се користат и во маркетингот.

Денес, на глобално ниво, појавата на пандемијата на ковид-19 во библиотечното работење го актуализира поголемото дигитално движење во услугите на поголем број од библиотеките. Физички, библиотеките беа затворени, но дигитално достапни и отворени за корисниците и на далечина. Примери на добра практика има во повеќе библиотеки во Македонија: Скопје, Битола, Штип.

Библиотекарството, пак, како професија е флексибилна и приспособлива на новите предизвици што ги носи технологијата.

Така сѐ повеќе библиотеки даваат дел од своите активности, услуги, преку различни видови мобилни апликации. Овој модел на работа овозможува да им се задоволат различни потреби на многубројни корисници на брз, ефикасен и нов начин. За да се примени која било мобилна апликација потребно е да земат предвид неколку клучни прашања. Пред сѐ колку е подготвена библиотеката за вложување во ваков проект за давање услуги, потоа кој вид апликација е поприкладен за корисниците.

Кога ќе се направи една паралела на традиционалната услуга со мобилната можат да се видат повеќе предности. Библиотекарите можат да опслужат повеќе барања, а на корисниците им се заштедува време да не одат до библиотеките. Можат во кое било време да пребаруваат и да доаѓаат до поголем број информации.

Без двоумење можеме да кажеме дека во секој аспект на современото живеење е вклучена употребата на мобилните апарати и бројни услуги од интернетот. Ова е добра прилика, денес, библиотеките во овие услови да ја искористат оваа можност во своја корист и да го модифицираат традиционалниот начин на работа. Поголем број од библиотеките имаат вредни збирки, спомен-соби, легати и посебни колекции каде што пристапот е ограничен за корисниците. Токму таа разноликост на услугите коишто им ги нуди библиотеката на корисниците остава простор за осмислување најразлични апликации коишто можат да го подобрат и да го унапредат работењето на библиотеката.

Според Јулија Бергман се разликуваат три вида апликации: 1. Апликација за библиотечни каталози којашто овозможува е-пристап; 2. Таканаречена апликација за вредните фондови на кои им е овозможен пристап од страна на архивата – како што се вредните ракописи; 3. Апликација за проширување на реалното пребарување во кое се комбинираат информациите за е-податоците.

Примери на добра практика во светот има многу. Тука е Конгресната библиотека во Вашингтон, којашто на својата платформа нуди преземање на апликациите за „ајпед“, „ајфон“, „ајпод“ и за „андроид“. Приспособени за различни категории корисници.

Во Кина како најпопуларна апликација за високошколските и универзитетските библиотеки е апликацијата „Разговараме со библиотеката“ (WeChat Library). Ова е апликација за мобилни телефони со оптимална развиеност за поврзување на библиотечниот систем и можностите на мобилните телефони. Овој начин на поврзување е многу приспособлив за корисниците за да можат да ги исполнат своите потреби.

Во нашата земја е забележана апликацијата „mCOBISS“, којашто се користи следејќи ја платформата на COBISS, осмислена од страна на Институтот за информациски науки од Марибор (ИЗУМ). Основна намена на апликацијата е е-пребарување на каталогот. Може да ја користат и телефоните и таблетите со оперативен систем „андроид“.

Корисниците на апликацијата можат да пребаруваат низ каталогот, да завршат активности со сервисот на библиотеката без да ја посетат физички, како на пример да резервираат книга, да откажат резервација, да направат преглед на позајмениот материјал.

На веб-страниците од библиотеките може да се види што е најново што им се нуди на корисниците, дали се тоа нови наслови, изложби, промоции, работилници и слично. Тука се е-врските со библиотекарите, врските за електронските изданија, врските за корисниците, за дигиталните изданија, звучните изданија.

**Како заклучок**

Пандемијата на корона-вирусот се чини дека ги запре нашите брзи животи и светот, присилувајќи ги луѓето да останат безбедни дома. Иако се работи за невидени и неизвесни времиња, време е да паузираме, да седнеме настрана и да размислиме за нашите предизвици во иднина. Годината 2020 е година со многу промени – било да е тоа во нашиот животен стил, работата, ние самите или општеството. Со можностите за работа од дома и намалените патувања, луѓето сега имаат повеќе време да го изберат читањето како одлична активност, не само за да избегаат од суровата реалност на животот, туку и да растат како личност.

Навистина, луѓето не само што читаат повеќе, туку исто така се приклучуваат на клубовите за дигитални книги или присуствуваат на дигитални настани за да ги запознаат своите омилени автори од удобноста на нивните домови. Во меѓувреме, многу читатели ширум светот ги охрабруваат луѓето да читаат со споделување на нивните списоци за читање, разговарање за книги и идеи, па дури и гласно читање книги на младите читатели.

Ако пандемијата нè натера да размислуваме за нашите животи, тогаш исто така нè натера да сфатиме дека книгите се едни од најважните предмети потребни за да се помине дома. Како што носителот на Нобеловата награда, Малала Јусафзаи, со право ќе рече: „Едно дете, една наставничка, една книга, едно пенкало може да го сменат светот“.

Впрочем, промената започнува од дома!

**Користена литература:**

1. Chongqing University Library, Beijing Second Foreign Languages University, Kunming
2. University of Science and Technology, Huazhong University of Science and Technology, Tsinghua. University and Capital Medical University.
3. Google play, https://play.google.com/store/apps/details?id=si.izum.mcobiss&hl=sr
4. IFLA Public Library Service Guidelines. (2010).
5. https://observatory.tec.mx/edu-news/librarians-pandemic
6. Patrick Wildermann, „Aplikacije u bibliotekama: Svet knjiga u pametnom telefonu”, Kultura/Magazin (Goethe Institut, 2014), https://www.goethe.de/ins/cs/sr/kul/mag/20446958.
7. https://timesofindia.indiatimes.com/life-style/books/features/pandemic-is-the-perfect-time- to-build-community-libraries-heres-why/articleshow/78052557.cms

м-р Милка Котевска
НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола

# ИЗДАВАЧКАТА ДЕЈНОСТ НА БИБЛИОТЕКАРСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ НА МАКЕДОНИЈА

**Апстракт**

Јубилејот 70 години Библиотекарско здружение на Македонија е повод библиотекарите со бројни настани свечено да ја одбележат годишнината од постоењето на оваа установа, но истовремено им дава обврска да погледнат назад на изминатиот пат, да се утврди состојбата во која се наоѓа денес нашето библиотекарство и да се согледа перспективата за идниот развој.

Во овој труд, освен краткиот историски развој на Библиотекарското здружение на Македонија, ќе се даде осврт и на неговата издавачка дејност преку која библиотекарите, а и останатите заинтересирани доаѓаат во контакт со сите случувања коишто се однесуваат на развојот на библиотечните услуги, иновации во работењето, меѓународни проекти и посети на библиотеки и сл. Изданијата се подредени редоследно, по годината на издавање, а претставени се со наслов, автор/и, видот на граѓата, издавање и производство, јазик и COBISS.MK-ID. Основен извор на информации за издавачката дејност беше заемниот каталог на националниот библиотечно-информациски систем COBISS.MK, под претпоставка дека сите изданија на БЗМ се внесени во овој систем.

Клучни зборови: јубилеј, основање, издавачка дејност, публикации

**Осврт кон позначајните настани од историјата на БЗМ**

Основачкото собрание на Друштвото на библиотекарите на НРМ е одржано на 16 септември 1949 година во просториите на Средната музичка школа во Скопје, со задача да работи на подигнувањето, унапредувањето и ширењето на библиотечната мрежа, издигнувањето на библиотечните кадри и одгледувањето на библиотечната струка, како и да дава мислење и помош за сите други прашања од областа на библиотекарството. На Собранието присуствувале 49 библиотечни работници од сите градови на СР Македонија во кои постоеле библиотеки во тоа време и станале негови први членови. Првиот претседател на Друштвото бил Епаминонда Попандонов, директор на Народната библиотека во Скопје, со мандат од 1949 до 1952 година. Решението за основање и работа на Друштвото излегло во „Службен весник на НРМ“ на 1.3.1950 година (бр. 4, стр. 31).

Во 1978 година Друштвото на библиотекарите на СРМ се реорганизира во Сојуз на друштвата на библиотекарите на СР Македонија, а неговите пододбори прераснале во друштва на библиотекари. Вакви друштва ќе се формираат во повеќе региони од Македонија: Друштво на библиотекари од југозападниот дел на Македонија (основачко собрание на 21.4.1978 год.), во кое членуваат библиотекари од Прилеп, Битола, Македонски Брод, Кичево, Крушево, Демир Хисар, Ресен, Охрид и Струга, а со седиште во Битола; Повардарското регионално друштво (основачко собрание на 06.06.1978 год.) го сочинувале



44

Министерството на внатрешните работи на Народна Република Македонија — Скопје, надлежно по чл. 13 буква т) од Законот на удруженијата, соборите и другите јавни скупови, решавајќи по предметот одобрување основањето и работата на "Друштвото на библиотекарите во Народна Република Македонија" со седиштето во гр. Скопје, донесе следното:

РЕШЕНИЕ

ЗА ОСНИВАЊЕ И РАБОТАТА НА "ДРУШТВОТО НА БИБЛИОТЕКАРИТЕ НА НРМ" СО СЕДИШТЕ ВО ГР. СКОПЈЕ

Одобрува основањето и работата на "Друштвото на библиотекарите на Народна Република Македонија" со седиште во гр. Скопје, а со право на дејност на територијата на Народна Република Македонија.

Решено во Министерството на внатрешните работи на Народна Република Македонија — Скопје на ден 17 декември 1949 година под IV. бр. 24091/49.

II—3—35



*Првиот претседател Епаминонда Попандонов (1898-1968) и решението за основање за работата на Друштвото*

библиотекари од Титов Велес, Неготино, Валандово, Богданци и Гевгелија; Источното регионално друштво на библиотекарите (основачко собрание на 12.06.1978 год.) од Штип, Радовиш, Струмица, Пробиштип, Кочани, Виница, Берово, Делчево и Свети Николе; Североисточното друштво на библиотекари (основачко собрание на

[1]Андоновски, А. (1966). Друштвото на библиотекарите на Македонија од основањето до денес (1949-1965), види во „Библиотекарска искра“ год. 3, бр. 9/10 (1966), стр. 97.

22.06.1978 год.) со седиште во Тетово, во кое членуваат библиотекарите од Тетово, Гостивар и Дебар; Друштвото на библиотекарите од Скопскиот регион во кое членуваат библиотекарите од Скопје, Куманово, Кратово и Крива Паланка.

На сите собранија биле поднесени извештаи и програми, усвоени биле нормативните акти, било извршено конституирање на телата на Друштвата друштвата и избрани делегатите за Основачкото собрание на Сојузот на друштвата на библиотекарите на СР Македонија чие основачко собрание се предвидувало да се одржи кон средината на март 1979 год.

Истото Тоа се одржало на 11 и 12 мај 1979 год. во Прилеп врз делегатски принцип, со избор на 49 делегати во новоформираните Друштва друштва на библиотекари од целата Републикарепублика. Собранието ги усвоило новите нормативни акти меѓу кои Самоуправна спогодба за здружување на регионалните друштва на библиотекарите во Сојуз на друштвата на библиотекарите на СР Македонија и Статутот на Сојузот на друштвата на библиотекарите на СР Македонија. Во 1990 година Сојузот добива Орден за заслуги за народот со сребрени зраци по повод четириесетгодишнината од постоењето и особени заслуги во развивањето и унапредувањето на библиотекарството.







*Орден за заслуги за народот со сребрени зраци, доделен 1990 год.*

На 24.03.1995 год. во просториите на НБ „Страшо Пинџур" во Неготино, на седницата на Сојузот на друштвата на библиотекарските работници на Република Македонија, водена од претседателот на Сојузот, Блаже Чулев е констатирана потребата на повторно заживување и реконструирање на дотогашниот Сојузсојуз. За таа цел е донесена одлука библиотекарите, по пат на лично изјаснување, да ја декларираат желбата за членување и за преименување на СДБРМ во **Библиотекарско друштво на Македонија**, како и за усогласување на дотогашниот Статут статут со новиот Закон за општествени организации и здруженија на граѓани. На денот на реконституирањето е усвоен е новиот Статут на Друштвото и се избрани се нов Извршен и Надзорен одбор со двегодишен мандат. За претседател од ИО избрана е Светлана Марковиќ. Според бројот на пристапниците потпишани за на денот на одржувањето на Собранието, Библиотекарското друштво на Македонија брои 258 членови. Заклучно со 22.10.1996 год., БДМ брои 270 индивидуални и 22 колективни членови. На 25.07.1996 год., Библиотекарското друштво на Македонија БДМ се здобило со Решение за регистрација.

Со новиот Закон за здруженија и фондации од 16 април 2010 година, Библиотекарското друштво на Македонија било пререгистрирано во **Библиотекарско здружение на Македонија** со скратен назив БЗМ и како такво функционира и денес.

Библиотекарското здружение има за цел да координира одредени активности во развојот на библиотекарството во Македонија, да помага во стручно усовршување на библиотекарскиот кадар, да покренува иницијативи за регулирање прашања од оваа област, да соработува со меѓународни библиотекарски организации. Преку натпревари (натпреварот „Млади библиотекари") и презентации ја популаризира библиотечната дејност кај младите генерации, а со доделувањето награди и признанија се валоризира трудот на поединци и институции (награда „Библиотека на годината", „Климентова повелба" за животно дело). Библиотекарското здружение секогаш е отворено за соработка и претставува носител на програмата за развој на библиотекарската професија, двигател на развојни проекти, генератор на нови идеи, иницијатор на промени. Исто така е организатор е и на семинари, курсеви, домашни и меѓународни собири и состаноци, обезбедува проток на стручни информации преку своите изданија и создава мрежа на креативни професионалци библиотекари. Тоа е сегашната и идна перспектива на нашето Библиотекарско здружение.

[2]Стефановска, А. (2016). Хронологија на значајни обележја од развојот на библиотекарството во Македонија кн.2, Скопје : Библиотекарско здружение на Македонија, стр. 13

[3]Дојчиновски, К. (1979). Реорганизација на Друштвото на библиотекарите на СРМ, види во „Библиотекарска искра", год. 9, бр. 21 (1979), стр. 157-158

[4]Мајсторова, Е. (1998). Преглед на активностите на Библиотекарското друштво на Македонија 1996-1998, види во „Библиотекарска искра", вол. 16, бр. 1/2 (1998), стр. 43

**Издавачката дејност на Библиотекарското здружение на Македонија**

Според Ззаконот за издавачка дејност, таа претставува издавање, дистрибуција и промет на публикации во печатен и во електронски облик во повеќе примероци коишто се наменети за јавноста.

Една од целите и задачите на Библиотекарското здружение на Македонија според Статутот, е и организирањето стручна (библиотекарска) издавачка дејност. Истата Таа е регулирана со членовите 23, 24 и 25 од Статутот, а со цел зазаради промовирање на активностите на Здружението. Издавачката дејност на Здружението ја организира и ја води Издавачкиот совет составен од 9 членовичлена, врз основа на двегодишна програма и план за работа што ги прифаќа Извршниот одбор. Од своите редови издавачкиот совет избира претседател и редакција од три члена. Претседателот на Издавачкиот совет е одговорен уредник на публикациите на Здружението.

Преку издавачката дејност на Библиотекарското здружение на Македонија библиотекарите, а и останатите заинтересирани доаѓаат во контакт со сите случувања коишто се однесуваат на развојот на библиотечните услуги, процеси, иновации во работењето, меѓународни проекти, посети на библиотеки и сл.

По формирањето на Друштвото на библиотекарите на Народна Република Македонија во 1949 год. нагласена е потребата од издавање на стручно списание што ќе се занимава со разрешување на бројни прашања од областа на библиотечното работење. Ваквата идеја е конкретизирана на годишното собрание одржано на 12.12.1954 год. каде што во точка 4 од донесена резолуција се вели „... неопходно е Друштвото да има свој печатен орган, во прво време тримесечник, чие излегување да ќе отпочне во текот на 1955 год.“ Така, за прв пат „Библиотекарска искра“ се појави во 1955 година, во текот на две години 1955-1956 излегле осум броја, па има пауза од десет години, па сѐе до 2000 година се излезени се вкупно 28 броја. Прв одговорен уредник на списанието е Митко Зафировски.







***Библиотекарска искра : списание на Друштвото на библиотекарите***

***Вид граѓа*** *- списание ; возрасни, сериозна (не е белетристика)*
**Издавање и производство** - *Скопје : Библиотечен центар при Народната библиотека, 1955-2000*
***Јазик*** *- македонски*
***ISSN*** *- 0350-7580*
***COBISS.MK-ID*** *– 1061642*

Библиотекарското списание „Библиотекарска искра“ од вол. 19, бр. 1/2 (2001) ќе продолжи да излегува под ново име „Библиотекарство“. Одлука за промена на името и форматот на списанието ја донесе ИО на БДМ на својата десетта редовна седница одржана на 7.3.2002 год. До денес, се излезени се вкупно 21 број (од кои 13 двоброја, а во периодот од 2004-2007 излегувало двапати годишно, вкупно 8 броја од тој период).







**Библиотекарство:**
**списание на Библиотекарското друштво на Македонија**
***Вид граѓа*** *- списание ; возрасни, сериозна (не е белетристика)*
***Издавање и производство*** *- Скопје : Библиотекарско друштво на Македонија, 2001-*
***Јазик*** *- македонски*
***ISSN*** *- 1409-9357*
***COBISS.MK-ID*** *- 49343242*

[5]Димитров, Д. (2005). Библиометриска анализа на списанието Библиотекарска искра, види во „Библиотекарство“, вол. 23, бр. 2 (2005), стр. 19-28

Прв податок за издавачката дејност на монографски изданија на БЗМ е во периодот помеѓу 1957- и 1959 година, кога се формирал редакциски одбор за изработка на „Прирачник за работа во библиотеките“, се издале „Таблици за децимална класификација“ во четири снопчинаснопчиња. Едно од првите изданија претставува Азбучниот регистер на ДК систем.



**Азбучен регистер на ДК систем**

***Вид граѓа*** *- книга*
***Издавање и производство*** *- Скопје : Друштво на библиотекарите на НРМ, 1959*
***Јазик*** *- македонски*
***COBISS.MK-ID*** *– 76918794*
*На 223 страници азбучно се претставени најзначајните поими (по околу 450-500 поими од секоја буква) и соодветно броевите од децималната класификација. Овој регистер бил подготвен од Одделението за унапредување на библиотекарството во НРМ.*

Друштвото отпочнало да издава и шапирографски да умножува нова серија прирачници по за одредени прашања. Тоа е едицијата „Библиотекарство – теорија, историја и техника“. Вкупно излегле 3три свески, и тоа: „Обработка на книгите“ од Зорица Петровска, „Библиотеките во Скопје“ од Петар Петровски, „Слободен пристап кон книгите“ од Васил Хаџи Кимов. Истата година, 1961, е издаден е и „Priračnik za bibliografijaПрирачник за библиографија“ од Vasil HadžiВасил Хаџи KimovКимов.




***Библиотеките во Скопје***
***Автор:*** *Петар Н. Петровски*
***Вид граѓа*** *- стручна мон. ; возрасни, сериозна (не е белетристика)*
***Издавање и производство*** *- Скопје : Друштво на библиотекарите на НРМ, 1961*
***Јазик*** *- македонски*
***COBISS.MK-ID*** *– 7855681*
*Авторот ни дава осврт како по ослободувањето на Републиката се создале можности за сестран развиток на стопанскиот, просветно-културниот, политичкиот и општествениот живот, па така се отвориле многу библиотеки (народни, синдикални, научни, училишни и детски) како важен предуслов за културно издигнување на нашиот народ. Во книгата е претставен е еден информативен преглед на библиотечната мрежа во главниот град на Републиката. Книгата има 69 страници, предговор и список на сите опфатени библиотеки во Скопје.*

***Обработка на книги и периодика***
***Автор:*** *Зорица Петровска*
***Вид граѓа*** *- стручна мон. ; возрасни, сериозна (не е белетристика)*
***Издавање и производство*** *- Скопје : Друштво на библиотеките на НРМ, 1961*
***Јазик*** *- македонски*
***COBISS.MK-ID*** *– 76758538*

[6]Размовски, М. (1969). Дваесетгодишна дејност на Друштвото на библиотекарите на Македонија, види во „Библиотекарска искра“ год. 5, бр. 13 (1969), стр. 13




***Слободен пристап кон книгите***
***Автор:*** *В. Х. Кимов*
***Вид граѓа*** *- стручна мон. ; возрасни, сериозна (не е белетристика)*
***Издавање и производство*** *- Скопје : Друштво на библиотекарите на НРМ, 1961*
***Јазик*** *- македонски*
***COBISS.MK-ID*** *– 7855169*
*Авторот ни дава преглед како да се реализира идејата за слободен пристап кон книгите, што се наметнува како продукт на новото време и означува можност читателот сам да си ја избере книгата што го интересира. Даден ve историски преглед за односот кон книгите од првите библиотеки што се наоѓале во храмовите и дворците, па сее до оние во црквите и манастирите, а и ни ги објаснува главните услови за реализација на оваа идеја, со особен осврт на слободниот пристап кон книгите во нашите библиотеки. Книгата има 26 страници, а содржи и библиографија.*



***Priručnik za bibliografija***
***Автор:*** *Vasil Hadži Kimov*
***Вид граѓа*** *- стручна мон. ; возрасни, сериозна (не е белетристика)*
***Издавање и производство*** *- Skopje : Društvo na bibliotekite na NRM, 1961*
***Јазик*** *- македонски*
***COBISS.MK-ID*** *– 76757002*
*Во прирачникот им се дава можност на заинтересираните кои се занимаваат со изработување на библиографии од еден или друг вид, да се запознаат основно со библиографската историја, теорија и техника за да се избегнат извесни пропусти и грешки констатирани во многу од досега издадените библиографии кај нас. Книгата има 94 [9] страници, содржина и користена литература.*

***Словенските печатници во Москополе, Будим, Цариград и македонските книги печатени во нив : [одделен отпечаток]***
***Автор:*** *Михајло Георгиевски*
***Вид граѓа*** *- сепарат ; возрасни, сериозна (не е белетристика)*
***Издавање и производство*** *- Скопје : Друштво на библиотекарите на СРМ, 1969*
***Јазик*** *- македонски*
***COBISS.MK-ID*** *- 107654410*

Следна иницијатива за збогатување на издавачката дејност на Библиотекарското друштво со библиотекарска литература е издавањето на повеќе видови стручни публикации, коишто ќе го носат заедничкиот назив на новата едиција на БДМ – Библиологија. Прва книга од таа едиција е зборникот „Современи трендови во библиотекарството“ (1999); трета книга – „Млади библиотекари : прирачник за подготовка на кандидати за натпреварот „Млади библиотекари““ (2003); четврта книга – „Млади библиотекари : прирачник за подготовка на кандидати за натпреварот „Млади библиотекари““, второ дополнето издание (2008). Како што може да се забележи, недостасува втората книга од оваа едиција. Хронолошки гледано, во 2001 година БДМ ја издава „Каталогизација и систематизација на библиотечен

материјал“ од Миле Бошески, но во отпечатениот примерок не се среќава податок дека оваа книга ѝ и припаѓа на оваа едиција. Можеме само да претпоставиме, гледајќи како изданијата се печатат хронолошки по редослед.



***Современи трендови во библиотекарството : зборник***
***Вид граѓа*** *- матер.од собир ; возрасни, сериозна (не е белетристика)*
***Издавање и производство*** *- Скопје : Библиотекарско друштво на Македонија, 1999*
***Јазик*** *- македонски*
***ISBN*** *- 9989-9526-0-4*
***COBISS.MK-ID*** *– 34500874*
*Во овој зборник претставени се циклус предавања од стручен собир, организиран од БДМ, Катедрата за библиотекарство на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Загреб и Хрватското библиотекарско друштво, одржан на 25 и 26 јуни 1997 год. во Скопје, на тема „Современи трендови во библиотекарството и информатиката“. Содржи предговор, десет трудови (библиографија кон одделни трудови) на 151 страница.*




***Каталогизација и систематизација на библиотечен материјал : прирачник за формирање Азбучен и Стручен УДК каталог***
***Автор:*** *Миле Бошески*
***Вид граѓа*** *- прирачник ; возрасни, сериозна (не е белетристика)*
***Издавање и производство*** *- Скопје : Библиотекарско друштво на Македонија, 2001*
***Јазик*** *- македонски ;**ISBN** - 9989-9526-1-2 ;**COBISS.MK-ID** - 44098570*
*Опфатени се меѓународните стандарди за формална и содржинска обработка на монографските и сериските публикации, како и правилата и упатства за формирање и одржување на библиотечните каталози. Содржините во Прирачникот се пропратени придружени со голем број примери коишто треба да го олеснат усвојувањето на теоретските содржини и преку апликативен приказ да им се овозможи на библиотекарите практично да ги совладаат овие библиотечни процеси. Книгата има вовед, предговор, содржина со примери и користена литература на 211 страници.*




**Млади библиотекари : прирачник за подготовка на кандидати за натпреварот "„Млади библиотекари"“**
***Автор:*** *Миле Бошески ;* ***Вид граѓа*** *- прирачник ; возрасни, сериозна (не е белетристика);* ***Издавање и производство*** *- Скопје : Библиотекарско друштво на Македонија, 2003*
***Јазик -*** *македонски ;* ***ISBN*** *- 9989-9526-2-0 ;**COBISS.MK-ID** – 52896522*
*Овој прирачник произлегува од иницијативата на БДМ да ја популаризира библиотечната дејност кај најмладата популација преку организирање и спроведување на републички натпревар „Млади библиотекари“. Меѓутоа, обезбедувањето на стручна литература за подготовка за овој натпревар било потешко, па се наметнала потребата за подготовка на единствено стручно помагало, соодветно на возраста на натпреварувачите, односно учениците од основното образование. Во прирачникот се дадени се 101 прашање од разни области на библиотечното работење на 69 страници.*

[7]Книгите „Обработка на книги и периодика“ од Зорица Петровска и „Словенските печатници во...“ од Михајло Георгиевски при изработката на овој труд не беа достапни, па следствено нема скенирана насловна страница и краток опис на содржината.

Проектот „Менаџмент и управување во народните библиотеки“ е покренат од Библиотекарското друштво на Македонија и соодветно финансиран од Министерството за култура. Овој проект е дел од рамките на проектот ПУЛМАН и обврските на нашата земја за негова негово спроведувањеимплементација, а негов раководител е Наде Караџоска од Народната библиотека „Борка Талески“ од Прилеп. Во рамките на овој проект се опфатени се 15 народни библиотеки од Македонија и се издадени се 15 електронски извори (СД/ДВД) за секоја библиотека одделно, како и едно заедничко ДВД ДВД-издание.






***Народни библиотеки во Република Македонија = Public libraries in R. Macedonia [[електронски извор]]***
***Автор:*** *Наде Караџоска*
***Вид граѓа*** *- компјутерски CD-а и DVD-а*
***Издавање и производство*** *- Скопје : Библиотекарско друштво на Македонија, 2004*
***Јазик*** *- македонски*
***ISBN*** *- 9989-9526-3-9*
***COBISS.MK-ID*** *– 59600394*

| | |
|---|---|
| *Национална установа - Центар за култура "„Кочо Рацин" “ Кичево : библиотека*<br>ISBN - 9989-2327-1-7;<br>COBISS.MK-ID -– 59604234 | *Национална установа - библиотека "„Глигор Прличев", “, Охрид*<br>ISBN - 9989-9526-9-8<br>COBISS.MK-ID - 59603466 |
| *Матична библиотека "„Гоце Делчев" “ Гевгелија*<br>ISBN - 9989-9526-6-3<br>COBISS.MK-ID - 59601674 | *Народна библиотека "„Вук Караџиќ" “ Гостивар*<br>ISBN - 9989-2327-2-5<br>COBISS.MK-ID - 59608586 |
| *Општинска матична библиотека "„Благој Јанков Мучето" “ Струмица*<br>ISBN - 9989-9526-7-1<br>COBISS.MK-ID - 59601930 | *Национална установа библиотека "„Гоце Делчев" “ Штип*<br>ISBN - 9989-2327-8-4<br>COBISS.MK-ID - 59602698 |
| *Матична библиотека "„Гоце Делчев" “ Велес*<br>ISBN - 9989-2327-3-3<br>COBISS.MK-ID - 59608842 | *Градска библиотека "„Борка Талески" “ Прилеп*<br>ISBN - 9989-2327-5-X<br>COBISS.MK-ID -– 59609610 |
| *Народна библиотека "„Феткин" “ Кавадарци*<br>ISBN - 9989-2327-0-9<br>COBISS.MK-ID - 59603722 | *Народна библиотека "„Искра" “ Кочани*<br>ISBN - 9989-2327-4-1<br>COBISS.MK-ID – 59609098 |
| *Градска библиотека "„Браќа Миладиновци" “ – Скопје*<br>ISBN - 9989-9526-4-7<br>COBISS.MK-ID - 59600906 | *Народна библиотека "„Браќа Миладиновци" “ Струга*<br>ISBN - 9989-2327-7-6<br>COBISS.MK-ID - 59610378 |
| *Национална установа библиотека "„Св. Климент Охридски" “ Битола*<br>ISBN - 9989-2327-6-8<br>COBISS.MK-ID - 59610122 | *Национална установа библиотека "„Кочо Рацин" “ Тетово*<br>ISBN - 9989-9526-8-X<br>COBISS.MK-ID - 59611402 |
| *Народна библиотека "„Тане Ѓорѓиески" “ Куманово*<br>ISBN - 9989-9526-5-5<br>COBISS.MK-ID - 59601162 | |




***Млади библиотекари : прирачник за подготовка на кандидати за натпреварот "„Млади библиотекари"“***
***Автор:*** *Миле Бошески*
***Вид граѓа*** *- прирачник ; возрасни, сериозна (не е белетристика)*
***Издание*** *- [2. дополнето изд.]*
***Издавање и производство*** *- Скопје : Библиотекарско друштво на Македонија, 2008;* ***Јазик*** *- македонски*
***ISBN*** *- 978-9989-2327-9-4 ;* ***COBISS.MK-ID*** *– 71739658*

*Во второто издание на прирачникот се поместени прашања од доменот на развојот на писмото, книгата, библиотеките, библиотечното работење. Дефинициите, поимите, настаните и сл. Се прикажани во форма приспособена за возраста на корисниците. Дополнето е со прашања што произлегуваат од современите трендови во библиотечната теорија и практика. Посебно е нагласена работата на информациските служби, информацијата, работата со корисниците, законодавството и сл. Прирачникот има вовед и содржина на 60 страници.*

Значаен издавачки подвиг на Здружението, потпомогнато од Министерството за култура на РМ, претставува излегувањето од печат на трите книги од Хронологијата на значајни обележја од развојот на библиотекарството во Македонија, каде што се опфатени трите националните установи – библиотеки НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, НУ Библиотека „Григор Прличев“ – - Охрид и НУУБ „Гоце Делчев“ – Штип во три развојни периоди: до 1975 (книга 1), од 1976-2002 (книга 2) и 2003-2016 (книга 3). Авторите истакнуваат дека запишувањето на овие периоди во трајна публикација ќе останат да сведочат за оваа дејност и нејзиниот историски развој, ќе бидат оставштина за понатамошен развој во современите услови на библиотечното работење. Особено се истакнува придонесот на сите генерации библиотекари, кои во текот на изминатите периоди го вложиле своето знаење, умеење и искуство во својот работен век и процесот којшто се одвивал за да се достигне денешниот степен на развој на библиотекарството.




***Хронологија на значајни обележја од развојот на библиотекарството во Македонија. Кн. 1, НУУБ "„Св. Климент Охридски" “ –- Битола, НУ Библиотека "„Григор Прличев" “ –- Охрид и НУУБ "„Гоце Делчев" “ –- Штип : од почетокот до 1975 година***

***Автори:*** *Анета Стефановска, Благој Николов, Анита Ангелевска, Охридија Лазарова*

***Вид граѓа*** *- книга ; возрасни, сериозна (не е белетристика)*

***Издавање и производство*** *- Скопје : Библиотекарско здружение на Македонија, 2015*

***Јазик*** *- македонски*

***ISBN*** *- 978-608-65904-0-6*

***COBISS.MK-ID*** *– 99849482*

*Оваа книга нуди пресек на најзначајните обележја во развојот на библиотекарството до 1975 година во националните установи – библиотеки од Битола, Охрид и Штип. Тоа е период од самите почетоци на оваа дејност во минатото, преку следење на историскиот развој, традицијата и карактеристиките на изминатите бурни времиња на овие простори и нивното влијание врз книжевната дејност и книжното културно наследство во рамките на библиотечната дејност до 1975 год. На тој начин, преку именувањето на најзначајните настани, всушност се претставува и работењето односно развојот на библиотеките во овие три градови. Книгата содржи предговор, содржина, библиографија и биографија за авторите на 147 страници.*




***Хронологија на значајни обележја од развојот на библиотекарството во Македонија. Кн. 2, НУУБ „Св. Климент Охридски" “ –- Битола, НУ Библиотека "„Григор Прличев" “ –- Охрид и НУУБ "„Гоце Делчев" “ –- Штип : од 1976- до 2002 година***

***Автори:*** *Анета Стефановска, Благој Н. Николов, Милена Ристова-Михајловска*

***Вид граѓа*** *- книга ; возрасни, сериозна (не е белетристика)*

***Издавање и производство*** *- Скопје : Библиотекарско здружение на Македонија, 2016*

***Јазик*** *- македонски*

***ISBN*** *- 978-608-65904-1-3; 608-65904-1-9*

***COBISS.MK-ID*** *- 102227466*

*Во втората книга опфатен е периодот од 1976 до 2002 година од развојот на трите национални установи – библиотеки во Битола, Охрид и Штип, особено осврнувајќи се на главните моменти, како основањето на одделенијата за деца, формирањето на роднокрајните оддели, издаваштвото, автоматизацијата и дигитализацијата на библиотечниот материјал. Книгата е составена од предговор, содржина, кратка биографија за авторите и библиографија на 155 страници.*



***Хронологија на значајни обележја од развојот на библиотекарството во Македонија. Кн. 3, НУУБ „Св. Климент Охридски" " –- Битола, НУ Библиотека "„Григор Прличев" " –- Охрид и НУУБ „"Гоце Делчев""– - Штип : од 2003- до 2016 година***
***Автори:*** *Благој Н. Николов, Анета Стефановска, Мариче Боздоганова, Блага Спиридонова, Милена Ристова-Михајловска*
***Вид граѓа*** *- книга ; возрасни, сериозна (не е белетристика)*
***Издавање и производство*** *- Скопје : Библиотекарско здружение на Македонија, 2017*
***Јазик*** *- македонски*
***ISBN*** *- 978-608-65904-2-0; 608-65904-2-7*
***COBISS.MK-ID*** *– 105328650*
*Оваа е трета книга од Хронологијата на значајни обележја во која се опфаќа периодот од 2003 до 2016 година во која авторискиот тим го финализира и го става во рамки целокупниот преглед на развојот на библотекарството во Битола, Охрид и Штип. На тој начин, преку именувањето на најзначајните настани, всушност се преставува и работењето, инвентивноста, креативноста, идеите, односно развојот на библиотеките во овие три градови, коишто и во современите културни случувања во Македонија се едни од најважните носители. Книгата има предговор, содржина, кратка биографија за авторите и библиографија на 153 страници.*

Следно издание на БЗМ е современиот прирачник „Библиотекарство", наменет за помладите генерации, како и за потребите за подготовка на кандидати за натпреварот „Млади библиотекари". Имено, современото работење во библиотечната дејност ја наметна потребата од усовршување на материјалот за подготовка и едукација на библиотекарите, особено на помладите генерации, преку воведување на нови форми, начини и поими коишто ги носи сегашното време на информатичко работење, дигитализација на материјалите, современи информатички новини кои брзо, динамично и секојдневно се воведуваат, изменуваат и дополнуваат во библиотекарската дејност.




***Библиотекарство : прирачник за подготовка на кандидати за натпреварот "„Млади библиотекари""***
***Автори:*** *Благој Н. Николов, Гордана Пешевска, Дијана Кирова*
***Вид граѓа*** *- прирачник ; возрасни, сериозна (не е белетристика)*
***Издавање и производство*** *- Скопје : Библиотекарско здружение на Македонија, 2018*
***Јазик*** *- македонски*
***ISBN*** *- 978-608-65904-3-7*
***COBISS.MK-ID*** *- 107331850*
*Ова е нов и современ прирачник за подготовка на кандидати за натпреварот „Млади библиотекари", прирачник којшто претставува надоградување на досегашните искуства во оваа област, но е содржински прилагоден за условите во кои денес се одвива библиотекарската дејност. Содржи прашања од доменот на развојот на писмото, книгата, историјата на библиотекарството во Македонија, библиотеките, библиотечното работење, современите трендови на автоматизирано работење, современите трендови во библиотечната теорија и практика. Особено е корисен за помладите генерации кои се воведуваат во основните поими на библиотекарството. Прирачникот има 138 страници, а печатењето е потпомогнато од Министерство за култура на Република Македонија.*




***Библиотекарска искра, Библиотекарство : специјална библиографија : 1955-2019***
***Вид граѓа*** *- книга ; возрасни, сериозна (не е белетристика)*
***Издавање и производство*** *- Скопје : Библиотекарско здружение на Македонија, 2019*
***Јазик*** *- македонски*
***ISBN*** *- 978-608-65904-5-1*
***COBISS.MK-ID*** *– 111280394*
*Оваа библиографија е подготвена по повод 70-годишнината од формирањето на Библиотекарското здружение на Македонија, содржи 628 библиографски единици од сите подрачја на библиотечната дејност, кои се подредени азбучно по презимето на авторот. Содржи и регистар на наслови, регистар на автори и предметен регистар, вкупно на 194 страници.*




***Идат денови: аудио списание во МП3 формат : за култура, книжевност, наука, уметност, историја на уметноста, филозофијата, религијата, музика и друго : за информирање на лицата со тешкотии во читањето во Република Северна Македонија***
***Вид граѓа*** *- списание ; возрасни, сериозна (не е белетристика)*
***Издавање и производство*** *- Скопје : Библиотекарско здружение на Македонија, 2019-*
***Јазик*** *- македонски*
***ISSN*** *– 2671-325x*
***COBISS.MK-ID –***

Сите наведени изданија на Библиотекарското здружение се претставени со нивниот ISBN/ ISSN и ID број за полесно да бидат пребарувањиње во заемниот каталог на националниот библиотечно-информациски систем COBISS.MK, што ни овозможува информација во која библиотека се достапни за изнајмување. Ова можеби не е целокупната издавачка дејност на Библиотекарското здружение, 70 години постоење и работа се долг период, но затоа се опфатени се сите изданија достапни во заемниот каталог. Се надеваме дека оваа плодна издавачка дејност на Библиотекарското здружение на Македонија нема да застане тука. Иако низ годините бројни се финансиските тешкотии со кои се среќава Здружението, успеало да одржи континуитет и да остане информатор за библиотечните настани, новини, трендови од светското библиотечно работење, да држи чекор со останатите здруженија од истата библиотечна фела.

**Користена Литература**

Библиотекарска искра : списание на Друштвото на библиотекарите. 1955-2000, Скопје : Библиотечен центар при Народната библиотека

Библиотекарство : списание на Библиотекарското друштво на Македонија. 2001-2018, Скопје : Библиотекарско друштво на Македонија

Стефановска, А. (2016). Хронологија на значајни обележја од развојот на библиотекарството во Македонија кн.2, Скопје : Библиотекарско здружение на Македонија

**Abstract**

The 70th Anniversary of the Library Association of Macedonia is an occasion for librarians with numerous events to celebrate the existence of this institution, but at the same time give them an obligation to look back on the past, to determine the state of our librarianship today and to perceives the prospect for future development.

In this paper, in addition to the brief historical development of the Library Association of Macedonia, it will give an overview of its publishing activity through which librarians, as well as other interested parties, come in contact with all developments related to the development of library services, innovations, international projects and visits to libraries etc. Publications are arranged in order of year of issue and are presented by title, author (s), type of material, issue and production, language and COBISS.MK-ID number. The primary source of publishing information was the shared catalog of the national library information system COBISS. MK, assuming that all publications of the BZM were incorporated into this system.

**Keywords**
**jubilee, foundation, publishing, publications**

(стручен труд)
Румена Тодорова, библиотекар
Библиотека „Искра“ Кочани
Подрачна библиотека, населба Оризари

# ИНОВАЦИИ ВО БИБЛИОТЕКИТЕ – ОСВРТ КОН НОВИ ПРОЕКТИ, НОВИ УСЛУГИ, РЕОРГАНИЗАЦИЈА НА ПРОСТОРОТ, РАЗВОЈ НА КРЕАТИВНИ ПРОГРАМИ И СЛ.

Апстракт

Во современиот свет е незамисливо успешното функционирање на научно-истражувачкиот процес без целосен синхронизиран и комплементарен развој на современото библиотекарско работење и развој на современи библиотеки како вечни храмови на мудроста и знаењето. Брзиот развој на ИТ во библиотеките е солидна можност за воведување иновациски развој. Во овој труд, предмет на истражување се иновациите коишто се сметаат за позитивна и критична сила во успехот на организациите, а библиотеките не се исклучок. Се осврнуваме кон анализа на новите проекти, иновациските услуги, реорганизацијата на просторот, како и развојот на кративните програми во библиотеките. Тие, од своја страна, имаат свој одраз и врз дополнителната ефективност на библиотеката и врз нејзината способност за самоодржување.

Клучни зборови: библиотеки, иновации, проекти, иновациски услуги, кративни програми, реорганизација на просторот.

**Вовед**

Библиотеките се ризници на севкупната човечка мисла и вековни чувари на знаењето, коишто претставуваат темел на секое цивилизирано општество, место каде што се складирани драгоцени знаења и информации. Денеска, прироритетната мисија на библиотеките е напредување во светот на знаењето. Според тоа, потребно е библиотеките да прераснат во институции коишто озвоможуваат пристап за истражување на идните генерации, поддршка на истражувачките заедниците во клучните области за обезбедување социјална и економка корист, збогатување на културниот живот на нацијата, како и услови за зголемување на базата на знаење.

Движејќи се од концептот за развој на информатичкото општество кон концептот на општество на знаење, потребата од редефинирање на приоритетите на дејствување на библиотеките во локалната заедница е неминовна. Дали се потребни нови иновативни форми на работа со кои ќе се постигне корисниците да гледаат на библиотеката како мултифункционален центар, поддржувач на идниот концепт за развој на општество на знаење?

Денес библиотеките сѐ уште се развиваат и ги приспособуваат своите услуги со цел да напредуваат во светот на постојани промени. Иновациите се сметаат за позитивна и критична сила во успехот на организациите, а библиотеките не се исклучок. Библиотеките ги конципираат иновациите, гледајќи можност да ја редефинираат нивната улога и важност. Мотивирани од желбата за подобро опслужување и задоволување на потребите на заедниците, библиотеките се вклучуваат во постојан циклус на експериментирање, тестираат нови идеи и развиваат нови услуги со цел да воспостават динамични, одговорни и современи услуги на библиотеките. Утврдувањето на профилот на заедницата е од суштинско значење за основната цел на библиотеките, а тоа е меѓусебната соработка и иновации со перспективи за поддршка на еднаков пристап до технологијата и поддржување на доживотното учење на активното граѓанско општество.

**Значење на иновацијата во библиотеките**

Иновациите се нов резултат од интелектуална активност и се разликуваат од претходните традиционални и стереотипни активности за јавноста, преку голем број параметри. Главната разлика лежи во фактот дека иновацијата се дефинира како фундаментално нова спроведена идеја, олицетворена во нов производ, во нова технологија или во нов пристап кон различната природа на услугите. Втората карактеристика на иновацијата е дека со неа треба да се обезбеди поголема ефикасност (социјална,

економска, итн.), а истовремено иновацијата мора да служи како поттик и да биде предуслов за раѓање нови идеи во библиотекарството.

Иновациите се дефинираат и од аспект на креирањето промени со воведување нови елементи и форми. Според Шумпетер, иновативноста во библиотеките се дефинира како основен процес за управување во 21 век, заради конкретизирање на основните стратешки предности, создадени преку концептот на маркетиншките сегменти. Даин ја дефинира иновацијата како визија за постојани промени во процесот на работа и операционализирање, но и како можност за подобрување на концептот на библиотеките.

Андерсон ја карактеризира иновацијата како основна промена или адаптација што ја подобрува вредноста на библиотеките за нивните заинтересирани страни. Додека голем број мултидисциплинарни студии ја концептуализираат иновацијата како „повеќестепен процес“, при што организациите ги трансформираат идеите во нови или подобрени производи, услуги или процеси, заради остварување напредок и успех на интелектуалниот пазар.

Денеска, иновациите во библиотеките се диференцираат како сложени процеси за создавање нови идеи, заради развој на библиотеките како социјални институции и зголемување на ефикасноста на активностите во библиотеките преку системот на автоматизација и механизација на процесот на работа. Всушност, под „библиотечни иновации“ се подразбира: вграден модел на активности, производи, услуги; стекнување карактеристика на апсолутна или релативна свежина; одење подалеку од „лекциите“ на традицијата, или излегување од ковот на стереотипите . Односно, иновативноста во библиотеките е поврзана со следниве сегменти:

– Откривање на неисполнетите потреби на корисникот,

– Воведување нови услуги или повторна употреба на традиционалните услуги што доведува до подобро корисничко искуство,

– Креативна соработка помеѓу библиотеките или помеѓу библиотеките и другите институции,

– Истражувања насочени кон подобра иднина на библиотеките,

– Примена на нови технологии за подобрување и проширување на библиотечните услуги за задоволување на потребите на корисникот,

– Редефинирање на процесите што поттикнуваат изнаоѓање нови и подобри начини за правење покорисни збирки и објекти на библиотеките.

Иновациите во библиотеките се насочени кон управување со знаењето, развој на нови концептни стратегии, организациска култура, управување со организациското портфолио, управување со проекти и степен на комерцијализација за воведување нови идеи. Исто така, иновациите претставуваат можност за правилно поставување кон променливите потреби и приоритети на заедницата, којшто доведува до висок степен на конкурентност за библиотеките .

**Осврт кон нови иновативни проекти**

Библиотеката во своето редовно работење, покрај стручната обработка и позајмување библиотечен материјал, го промовира и движното културно наследство преку други иновациски проекти на дејствување од кои ги поттикнуваат и ги развиваат интелектуалните вредности во заедницата. Конкретно е објаснето во понатамошниот дел од овој стручен труд.

**Иновациски проект „Јавните библиотеки ги решаваат потребите на заедницата“**

Основната цел на овој иновациски проект е поттикнување на соработка и поврзување на носителите на политики на национално/локално ниво со библиотечната заедница, како и поттикнување на јавните библиотеки за меѓусебна соработка и иновации со перспективи за поддршка на еднаков пристап до технологијата и поддржување на доживотното учење и активното граѓанско општество .

Како дел од овој иновациски проект е настанот „Отворена библиотека“, заради промоција на библиотеките преку формирање единствена сцена на книги, автори, издавачи, преведувачи, библиотекари и корисници кои ги споделуваат искуствата и даваат препораки за избор на четиво, ја потенцираат општествената одговорност кон книгата и библиотеките. Во рамките на овие активности се остварува промоција на различни книги од голем број автори, како дел од маркетиншкиот процес.

Исто така, како дел од овој иновациски проект е и настанот наменет за младата популација,

[1]Elves, R. 2017. „ Innovation in libraries“, Volumen 1, Number 4, Report from the Business Librarians Association annual conference, Information Specialist (Business and Law) Kingston University

[2]https://eifl.info/resources/innovative-services-public-libraries-generating-implementing-sustaining , Пристапено: 9.10.2020

а тоа е работилницата „1000 зошто, 1000 затоа“, со кој се остварува промоција и популаризација на книгата кај децата од предучилишна и училишна возраст преку различни активности. Како дел од овој иновациски проект се организираат работилници коишто се засновани на учење низ игра коешто интегрирано вклучува збогатување на детскиот речник, читање заради истражување и селекција на корисни информации, поттикнување на љубопитноста за примена на книги, енциклопедии и современи извори на информации уште од рана училишна возраст, креативно изразување и творење од областа на литературата и ликовната уметност.

Во овој иновациски проект се вклучува и „Смарт ап – Лабораторија за социјални иновации“, односно проект за развој на социјални иновации којшто работи на поврзување на различните засегнати страни во еден екосистем којшто промовира и развива социјални иновации за градење општество коешто е општествено, економски и еколошки одржливо. Целта на овој иновациски проект е градење иновациски капацитети на луѓето и обезбедување алатки преку кои тие ќе можат активно да учествуваат во решавањето на општествените предизвици.

Посебен сегмент на оваа иновациска програма е проектот наречен „Креативни умови креираат иднина“, односно проект за помош на младите при изборот на студиите и нивна конкурентност на пазарот на труд. Односно, советниците на јавните библиотеки со овој проект им даваат можност на идните студенти за добивање правилна насока при остварување на пазарот на трудот.

**Иновациски проект „Дигитални библиотеки“**

Иновацискиот проект насочен кон дигитализација ја претставува дигиталната библиотека како организирана колекција на информации, коишто им се додадени на различни електронски сервиси и коишто се чуваат во дигитална форма којашто е достапна преку мрежната поврзаност. Како важен елемент за дигиталната библиотека е информациите да се организирани во одреден систем.

Иновацискиот проект наменет за дигиталните библиотека поставува голем број можности, а тоа се: подготовка на заеднички електронски каталог на националните библиотеки од Европа што ќе биде достапен и пребарлив на сите јазици на земјите учеснички; создавање интернет-портали со релевантни информации за националните библиотеки; создавање дигитална европска библиотека, трезор на европското културно наследство и создавање паневропски библиотечен веб-сервис; портал што нуди пристап до комбинирани извори: книги, списанија, магазини и мултимедијални извори. Дигитализацијата го обезбедува клучниот механизам за користење на единственото европско наследство и за поддржување на културната разноликост, образование и создавање содржински индустрии.

**Иновациски проект „Европеизација на библиотеките“**

Денеска, особено значаен иновациски проект за развој на библиотеките е „Европеизацијата на библиотеките“, што претставува дел од културниот контекст во РС Македонија. Односно преку овој проект, на библиотеките им се дава можност за отворање на европските и светските перспективи, а со тоа граѓаните да се чувствуваат природно и креативно вклучени во заедницата. Европеизацијата на библиотеките дава можност за развој на голем број културни вредности, а тоа се:

– бранење на темелните човекови права и демократијата;

– култура на креативната работа;

– слобода на библиотечното истражување, изразување и движење;

– вложување во библиотечните истражувања и развојот како столбови на културната политика;

– библиотекари и творци кои ќе ја проценуваат етичката одговорност и културата како центар на развојните политики;

– афирмација на европскиот идентитет во неговата разноликост;

– осигурување целосна слобода на творештвото;

– афирмирање на библиотеките како културната демократизација (пристап на сите и на секој во културата);

– борба против повредата на авторските права;

– јакнење на уметничкото образование;

– поддршка за дигитализацијата како нова можност за дифузија и создавање нови форми на уметничко изразување итн.

Со овој иновациски концепт, библиотеката како дел од културата нема да се темели на претпоставени, затворени, или други идентитети, туку ќе претставува динамизам на разлики, коишто

[3]Ѓалевска, В. 2009 „ Библиотекарство“, Библиотекарско здружение на Македонија, Скопје

се секогаш отворени за преговарање. Главни приоритети на овој иновациски проект е поддршка на европската мобилност на македонските автори, културни експерти и менаџери во библиотеката и нивно присуство на европската културна сцена, унапредување на институционалната соработка со сродни европски институции врз основа на размена на проекти, програми и луѓе, како и финансиска и друга поддршка на проекти за меѓународна и регионална соработка, вмрежување и копродукција со цел македонската уметничка и културна сцена да ги зголеми своите капацитети за работа со големи културни манифестации и настани, а библиотеките да добијат поголема афирмација и признание на европски план.

Еден од приоритетите на иновацискиот проект ,,Европеизација на библиотеката" е интерсекторската соработка и координација со другите библиотеки, органи и агенции на владино и на локално ниво. Целта е да се акумулира поголема поддршка и да се овозможи социоекономски напредок, и тоа во следниве области: културното наследство, вклучувајќи го и индустриското наследство и културниот туризам, културната економија, креативните индустрии, културната едукација, дигитализацијата и издаваштвото .

**Иновациски услуги во библиотеките**

Библиотеката, како институција, е систем на меѓусебно поврзани и меѓусебно зависни елементи што се категоризираат. Овие вклучуваат издавање печатени публикации, електронски и комуникациски ресурси, веб-страници за библиотеки, социјални медиуми, списоци и брошури со информации за достапни ресурси, саеми за книги, врски до разни социјални групи, кампањи за промоција на читањето итн. За да се истражи овој систем, целосно се анализира маркетиншкиот процес и неговото остварување во библиотеките, којшто се насочува кон анализа на иновациските услуги во библиотеки.

Брзиот развој на ИТ во библиотеките е значајна можност за воведување, практикување и развој на многу други, не класични библиотечни услуги. И овде, исто така, бројот и квалитетот на услугите зависи од знаењето, креативноста, идеите и подготвеноста за прифаќање новини од страна на библиотечниот менаџмент, но и од капацитетите на библиотечниот кадар. Тоа, од своја страна, има свој одраз и врз дополнителните извори на средства на библиотеката и врз нејзината способност за самоодржување .

Како основен сегмент на и**новациска услуга се категоризираат дигиталните аудиовизуелни книги** коишто се дефинираат како елемент на маркетиншките иновации. Односно, аудиовизуелните книги се дефинираат како иновативна практика на маркетиншкиот процес на библиотеките, коишто дава можност за интеграција на дизајнот, консултантските услуги и проектите за управување со информатичката технологија, во секој сегмент на образованието и секојдневниот живот. Во книгата на инвентарот на аудиовизуелните добра се евидентираат податоци за аудиовизуелните дела и за придружните материјали коишто поради својата вредност и содржина, имаат културно, научно, историско и друго значење. Секој запис во книгата на инвентарот содржи податоци за аудиовизуелните дела и за придружните материјали што се сопственост на библиотеките и коишто имаат обврска трајно да ги чуваат и да ги заштитуваат.

Дигитализираниот материјал од колекцијата на библиотеките претставува јавно национално богатство. Со дигитализација на книгите се овозможува пристап до изданијата што одамна ги нема ниту во книжарниците, ниту на библиотечните полици. Благодарение на достапноста на дигиталните книги и останатите материјали што на луѓето порано не им биле достапни, доаѓа до модерен развој на дигиталната човечка наука. Како заеднички мотив за дигитализација се наведува и заштитата. Дигитализацијата е трансфер на содржини во дигитален формат, снимање, складирање и обработка на содржини користејќи дигитални камери, скенери и компјутери. Дигиталниот материјал не е оштетен со неговата употреба, односно квалитетот не исчезнува и не се намалува со текот на времето. Но, во споредба со хартијата, дигиталните формати имаат пократок животен век и не се „читливи за очи". Исто така, одржувањето е многу скапо, а најголема е цената на работната сила .

Значајни иновациски услуги коишто ги нудат библиотеките се у**слугите во информативните центри,** каде што може да се најдат најразлични информации поврзани со општината (култура, образование, настани, спорт, економија итн.), податоци поврзани со земјата, процесите за евроинтеграција, Организацијата на Обединетите нации, други интернационални организации,

[4]Nicholson, P. 2017. ,, Innovation in Public Libraries: Learning from International Library Practice", Volumen 4, Number 3(2), Published by Elsevier Ltd, London
[5]Herematsh, S. 2019. ,, Technological trends in modern libraries", Volumen 4, Number 63-5, Indian j Libr Sci Inf Techno
[6]Bubrich, N. 2019. ,, Izazovi digitalizacije: kreiranja digitalne biblioteke i očuvanja digitalne Građe", Volumen 1, Number 5, Šumarski fakultet Sarajevo

информации за можностите за вработување итн. Со овие иновативни услуги, библиотеките поставуваат можности за обезбедување понатамошна поддршка за развој на ИТ-вештините, промоција на користењето на информатичката технологија како најсоодветна алатка за размена на информации, забрзување на дигитализацијата на книжниот фонд, електронско пребарување и позајмување книги. Промоција на концептот на мултифункционален граѓански информативен центар како важен столб во спроведувањето на демократијата на локално ниво, односно популаризација на библиотеката.

Значајни во процесот на дигитализација се и услугите за дигитално учење/ е-библиотека. Виртуелните услуги или е-библиотека се иновации во денешните академски библиотеки. Овие услуги вклучуваат користење е-ресурси за доставување услуги до корисниците. Исто така, овие услуги вклучуваат е-референца и автоматизација на библиотеката. Е-учењето е обезбедено во е-библиотеките коишто, според Давидсон, се електронски библиотеки коишто обезбедуваат ресурси, вклучително и специјализираниот персонал, за избор, структурирање, нудење интелектуален пристап, како и толкување, дистрибуција, зачувување на интегритетот и обезбедување упорност со текот на времето на збирки на дигитални дела, така што тие се лесно и економски достапни за употреба од дефинирана заедница или збир на заедници.

**Иновации проследени со реорганизација на просторот**

Добро дизајнираната библиотека нуди различни типови простори, од живописни, отворени простори за соработка до тивки агли и приватни области за студии. Да се има флексибилност да се движите помеѓу овие простори како што ѝ одговара на задачата, или расположението, може да помогне во креативниот процес и развојот на иновациите.

Библиотеката во своето редовно работење, покрај набавката, стручната обработка и позајмување библиотечен материјал, го промовира движното културно наследство преку изложби, предавања, литературни читања и други форми на дејствување преку кои ќе ја поттикнува и ќе ја развива љубовта кон убавиот пишан збор кај младите, уште од најрана возраст. Овие функции и задачи успешно се извршуваат доколку се категоризира правилно реорганизаран простор, во кој се вклучени класична читалница, читалицна за периодика, електронска читалница опремена со дигитални терминали, мултимедијално катче коешто на корисниците им овозможува користење на постоечката опрема за слушање музика, гледање филмови и користење аудиомултимедијални публикации.

Со иновацискиот сет стратегии за планирање на просторот што се однесуваат на организациските аспирации, вредности, јаки страни и согледувани слабости на библиотеките, се донесени заклучоци за одредени иновациски промени, заради висок степен на ефикасност и ефективност на библиотеките. Иновациските промени ја вклучуваат реорганизацијата на просторот во библиотеките, којашто доведува до добивање мултифункционален простор искористен за современо библиотечно работење и во него се вклучени:

– Простор за информативно позајмно одделение за возрасни и деца;
– Простор за изложби и други културни манифестации;
– Простор за дневен печат и периодични публикации;
– Оддел за странска литература (англиско катче, франкофонско катче);
– Студентска читалница;
– Оддел за популаризација на книгата;
– Оддел за возрасни и оддел за деца;
– Магацински простор;
– Простор за роднокраен оддел;
– Оддел за прием и техничка заштита и репрографија на книжниот фонд;
– Оддел за стручна обработка на монографски публикации;
– Оддел за стручна обработка на периодични изданија и матична дејност;
– Простор за административно-финансиски и технички работи.

Во наредниот период, во рамките на библиотечните иновации се планира формирање игротека, секции за едукации на читателите (практично) преку работа во библиотеката, обновување на литературниот клуб на млади писатели и притоа, овозможување набавка на соодветна опрема и технички средства коишто ќе овозможат успешно остварување на овие активности, стручни усовршувања, актуелни информации во врска со нови наслови, културно издигнување и слично .

**Развој на креативни програми**

Со оглед на тоа што креативноста и иновативноста се значајни суштински карактеристики на човекот, библиотеката преку разни активности, акции и работилници треба да се стреми да создава услови за поттикнување иновативен развој. Иновативните активности во библиотеките, коишто се важен сегмент во воспитно-образовниот процес, значително влијаат и при поттикнување креативна настава во училиштата и придонесуваат за далеку поквалитетна и подобра настава.

**Иновациските програми за поддршка на литературно творештво на млади автори** се остваруваат преку востановување посебни стимулативни мерки, создавање услови за издавање литературни списанија коишто би биле наменети за претставување на младите автори. Поттикнување и негување на литературата за деца и млади, разгледување на можностите за вклучување на литературата за деца и млади во образовниот процес во државата како задолжителна или препорачана литература со теми соодветни на возраста на децата и на младите, коишто ги следат основните етички, морални и вредносни критериуми на едно современо општество .

**Програма за информациска писменост,** којашто е особено значајна за оние коишто сакаат да ги унапредат своите познавања и вештини во концептот на медиумската писменост, како и за продуцирање медиумски содржини со користење на социјалните медиуми.

Популарни се **и програмите за различни возрасни групи, како што се фамилијарни програми, програми за трето доба и за лицата со попреченост.** Особено се значајни проектите за лицата со попреченост, за глувите и лицата со оштетен слух и говор каде што библиотекарите осмислуваат различен дидактички материјал како ДВД-приказни со звучен запис и знаковен јазик. За лицата со оштетен вид се изготвуваат библиотечни програми коишто ги вклучуваат знаењата за Брајовото писмо и користење апарати поврзани со оваа проблематика.

Денес, од големо значење е и развојот на **програмите за младите генерации,** особено програми инспирирани од популарни ликови од литературата, лавиринти, изготвување стрипови, разни работилници, а особено „гејмификација“ на наставните содржини, каде што учениците по пат на игра ги дополнуваат знаења што ги стекнуваат во редовното школување .

Новото информациско-комуникациско време ни донесува простор за креативно осмислување на слободното време коешто најдобро е спроведено во активности во т.н. простории за работилници (англ. makerspace), преку работа со 3Д-печатачи, роботика, виртуелни авантури, електронски читачи на книги итн. Од многубројните активности на библиотекарите се издвојуваат и екопроектите, особено познати како хортикултурни библиотеки коишто ги поврзуваат содржините од областа на ботаниката и литературата, изготвување на локалните хербариуми и анимирање на децата за нивно објавување и изготвување мобилни апликации, а со тоа учење по пат на интерактивен однос со библиотекарот.

Кративни програми за подобрување на здравјето на заедницата, се проследени со иновативна употреба на технологијата заради директно поврзување со информации за здравјето и медицинската екпертиза. Библиотеката создава центар за истражување на информации за здравјето, компјутерската оперма, ТВ, литературата за здравје, каде што членовите на јавноста имаат бесплатен пристап до интернет, обуки за компјутерски вештини и можат да присуствуваат на филмови и предавања од областа на здравјето. Главен дел на услугата е веб-страницата „Здравје“ каде што луѓето можат да пристапат до информации за здравјето. Веб-страницата вклучува доверлива интерактивна услуга и прашања и одговори, преку кои пациентите се консултираат со своите доктори.

**Програми со кои преку ИКТ-услугата на библиотеката им се помага на бездомници да најдат работа.** Библиотеките со овој проект обезбедуваат посебни компјутерски работилници, со интернет-пристап и печатач, со цел да обезбедат бездомниците да имаат бесплатен пристап до интернет без да трошат дополнителни средства за превоз и храна и можност тие да се чувствуваат поудобно ако учат во библиотеката во засолништето. Преку овој иновациски проект исто така се создадава и библиотека во засолништето со персонал од бездомниците. Обуката е бесплатна и исто така е достапна во библиотеката. Курсевите опфаќаат обука за основни компјутерски вештини, е-пребарување и барање работа и е поврзана со мотивација, советување и психосоцијална поддршка .

[7] Adamson, M. 2002. „ Planning library spaces to encourage collaboration“, Volumen 90(4), Number 37, Chicago, IL: University of Chicago Graduate Library School
[8] https://www.wiley.com/network/librarians/library-impact/how-technology-is-changing-the-future-of-libraries ,Пристапено: 10.10.2020
[9] Katsirikou, A. 1999. „ The innovation of everyday life in libraries“, Volumen 4, Number 5, Technical University of Crete, Greece

Еден од значајните иновациски и креативни **програми се дигиталните книги за луѓето со оштетен вид**. За остварување на овој проект е потребно библиотеките да инсталираат студио за снимање дигитални аудиокниги (DAISY). Преку овој иновациски проект, библиотеките им даваат можност на слепите луѓе со оштетен вид да снимат аудиокниги, а во нив се вклучуваат најразлични теми, како што се: историја, култура, училишни предмети и домаќински вештини како што се шиење, масажа, столарство.

Иновативниот проект **Мобилна библиотека**, е програма инспирирана со цел да им помага на фармерите да стекнат знаење од областа на земјоделието и употребата на ИКТ-вештини. Односно, проект на мобилна библиотека на тркала „инфобус" којашто ги посетува селата од руралните регион еднаш неделно и селаните можат да изнајмат книги, списанија и да користат интернет во него. Најголемиот дел од земјоделците не знаат да користат компјутер, интернет и не знаат како да ги пребаруваат информациите што се нудат на веб-страниците и коишто се многу корисни за нив. Библиотеката преку инфобусот развива услуги за поддршка на земјоделците и ги поврзува со многу инфомации.

**Заклучок**

Од почетокот на 21 век, па сè до денес, библиотеките продолжуваат да се развиваат и да ги приспособуваат своите услуги со цел да напредуваат во светот на постојаните промени. Иновациите се сметаат за позитивна и критична сила во успехот на организациите, а библиотеките не се исклучок. Библиотеките ги конципираат иновациите, гледајќи можност да ја редефинираат својата улога и важност. Основната цел на иновациите во библиотеките е поттикнување соработка и поврзување на носителите на политики на национално и локално ниво со библиотечната заедница, како и поттикнување на јавните библиотеки за меѓусебна соработка и иновации со перспективи за поддршка на еднаков пристап до технологијата и поддржување на доживотното учење. Односно, под „библиотечни иновации" се подразбира: вграден модел на активности, производи, услуги; стекнување карактеристика на апсолутна или релативна свежина; одење подалеку од „лекциите" на традицијата, или излегување од ковот на стереотипите.

Библиотеката во своето редовно работење, покрај стручната обработка и позајмување библиотечен материјал, го промовира и движното културно наследство преку други иновациски проекти на дејствување преку кои се поттикнуваат и се развиваат интелектуалните вредности во заедницата, нови иновативни проекти, креативни програми и реорганизација на просторот заради можност за повисок степен на конкурентност во општеството.

**Користена литература**

1.Attahir, I. 2018. „ Innovative and creative skills for the 21st Century librarian: benefits and challenges in academic libraries", Volumen 9, Number 113, Federal College of Education Katsina
2.Herematsh, S. 2019. „ Technological trends in modern libraries", Volumen 4, Number 63-5, Indian j Libr Sci Inf Techno
3.Elves, R. 2017. „ Innovation in libraries", Volumen 1, Number 4, Report from the Business Librarians Association annual conference, Information Specialist (Business and Law) Kingston University
4.Katsirikou, A. 1999. „ The innovation of everyday life in libraries", Volumen 4, Number 5, Technical University of Crete, Greece
5.Bubrich, N. 2019. „ Izazovi digitalizacije: kreiranja digitalne biblioteke i očuvanja digitalne Građe", Volumen 1, Number 5, Šumarski fakultet Sarajevo
6.Nicholson, P. 2017. „ Innovation in Public Libraries: Learning from International Library Practice", Volumen 4, Number 3(2), Published by Elsevier Ltd, London
7.Ochogwu, M. 2008. „Libraries as innovative organizations: a review of related literature", Volumen 33(4), Number 135, University of Library Science, London
8.Adamson, M. 2002. „ Planning library spaces to encourage collaboration", Volumen 90(4), Number 37, Chicago, IL: University of Chicago Graduate Library School
9.Ѓалевска, В. 2009 „ Библиотекарство", Библиотекарско здружение на Македонија, Скопје
10.https://www.wiley.com/network/librarians/library-impact/how-technology-is-changing-the-future-of-libraries ,Пристапено: 10.10.2020

11.https://eifl.info/resources/innovative-services-public-libraries-generating-implementing-sustaining, Пристапено: 09.10.2020

**Abstract**
In the modern world, it is inconceivable for a successful functioning of scientific research process without a fully synchronized and complementary development of the modern library work and development of modern libraries as eternal temples of wisdom and knowledge. The rapid development of IT technology in libraries is a solid opportunity to introduce innovative development. This paper in the research segment analyzes innovations that are considered a positive and critical force in the success of organizations, and libraries are no exception. We refer to the analysis of new projects, innovation services, reorganization of space as well as the development of creative programs in libraries. They, in turn, have an impact on the additional effectiveness of the library and its ability to maintain itself.
**Keywords**: libraries, innovations, projects, innovation services, creative programs, space reorganization

(стручен труд)
м-р Томислав Каранфиловски, виш библиотекар
НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје

# КРЕИРАЊЕ ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА БИБЛИОТЕЧНИ ФОНДОВИ

**Апстракт**

Во трудот се објаснува зошто е потребно библиотеките да имаат програми за развој на библиотечните фондови и како да ги конципираат имајќи го предвид моделот „конспектус“ (Conspectus). Овој модел е во употреба повеќе децении и сѐ уште наоѓа своја примена во библиотеките низ светот. Трудот се стреми да ја актуализира проблематиката на развивање / градење фондови и збирки и да покаже дека ова поле на работа е неопходно да биде добро организирано со цел библиотеките да имаат функционални фондови коишто ќе им бидат од интерес на корисниците.
**Клучни зборови:** развивање библиотечни фондови, модел „конспектус“.
Развојот на библиотечните фондови е една од суштинските области на бибиотечното работење. Под библиотечен фонд ја подразбираме целата граѓа којашто ја поседува библиотеката, додека збирка (англ. collection) е систематски уредена библиотечна граѓа (според содржината или видот на граѓата) којашто се дава на користење. Тука треба да појасниме уште неколку термини коишто се најчесто во оптек кога станува збор за развивањето фондови / збирки. Терминот развој / градење библиотечни фондови (англ. collection development) подразбира „системско и планирано развивање на постоечкиот фонд темелено на познавање на силните страни на фондот и визија за идниот досег на фондот според информациските потреби и барањата на корисниците“ (Golubović, 2017: 9). **Управувањето со фондот** (англ. collection management) „ги опфаќа сите процеси коишто вклучуваат управување, организирање, програма за развој на фонд, како и надзор над нивната изведба“ (Golubović, 2017 : 9). **Програма за развој на фонд** (англ. collection development policy) е „пишан документ (јавно објавен) во кој јасно се изразени целите за развој на фондот од гледна точка на интересите на корисниците, основачот на библиотеката, како и на самите вработени“ (Golubović, 2017: 9).

Програмите за развој на библиотечните фондови би требало да бидат незаобиколен дел во процесот на работење, доколку сакаме да развиеме соодветен фонд за потребите на заедницата којашто ја опслужува библиотеката. Еванс и Сапонаро (Evans, Saponaro, 2005: 50), анализирајќи го процесот на носење политики за развој на фондовите, ќе истакнат: „Развојот на фондовите е процес којшто треба да осигури дека библиотеката ги задоволува информациските потреби на своите корисници навремено и на економичен начин, користејќи ги информациските ресурси во рамките на институцијата и надвор од неа. За ефективно развивање на фондовите треба да се создаде програма (план / политика) со која ќе се поправат слабостите на фондот и ќе се поддржат неговите силни страни. Програмата за развој е водич за оние чија работна задача е селекцијата на информациските ресурси. Вработените треба да се водат според програмата кога одлучуваат која предметна област ќе ја зголемат и на која ќе ѝ обратат посебно внимание. Во исто време, програмата треба да биде механизам за комуникација со корисничката заедница, како и со оној кој го обезбедува финансирањето“.

Според истите автори, има неколку причини зошто треба да има напишан документ / програма. Една од причините е да се обезбеди доследност во развојот на фондот без разлика на кадровските промени во библиотеката (нови вработувања, заминувања на кадар во пензија). Друга причина е обезбедување баланс во набавката на различни типови граѓа. Наместо субјективен приод, програмите нудат насоки во поглед на видот на граѓата што треба да се набави, форматите, јазиците итн., што значи дека програмите може да служат и како еден вид прирачник при вршењето селективна набавка. Во сите овие предности на постоењето ваков документ, треба да се истакне дека изготвувањето програми бара голем квантитет на податоци: „неопходно е да се знаат силните и слабите страни на фондот, заедницата на која ѝ служи фондот и како се менува таа, како и да се има увид во ресурсите коишто им се достапни на корисниците локално, како и оние кон кои може да се пристапи преку меѓубиблиотечно позајмување“ (Evans, Saponaro 2005: 51).

Еванс и Сапонаро (2005: 53) наведуваат уште неколку значајни причини зошто треба да постојат програми. Имено, со нивното создавање:
– се обезбедува информација за обемот и големината на фондот;
– се информира за приоритетите во набавката;
– се поттикнува размислување во однос на организациските приоритети за фондот;
– се гради одреден степен на посветеност во исполнувањето на организациските цели;
– се поставуваат стандарди за вклучување и исклучување (библиотечен материјал);
– се намалува влијанието на селекторот како поединец и неговата лична пристрасност;
– се овозможува обучување и се обезбедува ориентациска алатка за новиот кадар;
– се овозможува постојаност во текот на времето без разлика на кадровските промени;
– се обезбедува водич за кадарот за справување со проблемите;
– се нуди помош за проценка на фондот;
– се помага за рационализирање на буџетот;
– се обезбедува документ за односи со јавноста;
– се обезбедуваат средства / алатки за проценка на целокупните остварувања на програмата за развој на фондот;
– се информираат лицата надвор од библиотеката за целта на развивањето на фондот.
Еден од поистакнатите и широко употребувани модели за подготовка на програми е моделот „конспектус" (Conspectus). Овој модел е развиен од страна на РЛГ (Research Library Group, RLG) во 1979 година и оттогаш е прифатен од голем број библиотеки во светот. Во трудот ќе го прикажеме овој модел којшто е прифатен и од страна на ИФЛА врз чија основа се создадени и „Упатства за програма за развој на фондови со примена на моделот „конспектус" 2011 година".

ИФЛА наведува неколку причини за обезбедување **напишана** програма за развој на фондовите: **селекцијата, планирањето, односите со јавноста, поширокиот контекст** (IFLA, 2001: 1-2). Пишаниот документ (програма) којшто ќе го одреди развојот на фондовите треба да ги содржи следниве елементи: вовед, општи изјави, наративни изјави, профил на областите во фондот, методи за проценка на фондот, показатели за длабочината / нивоата на фондот, јазични кодови.

**Воведниот дел** на документот треба да ги истакне мисијата на библиотеката, целта на документот и јавноста на која ѝ е наменет. Треба да бидат накратко опишани заедницата и корисниците, типовите на програми коишто ги сервисира библиотеката, големината на фондот (вклучувајќи бројка на монографски и периодични публикации, електронски ресурси, застапени јазици), детализиран преглед на буџетот и финансиските средства коишто библиотеката планира да ги потроши за различни типови информациски ресурси и формалните и неформалните договори коишто влијаат врз планираните политики за развој на фондот.

**Општите изјави** треба да ги наведат карактеристиките коишто ја определуваат насоката во која ќе се развива фондот: фокус на набавката за тековни потреби или ретроспективна набавка, типови на ресурси што треба да се набават, да се одреди на кои јазици ќе се купуваат публикации, да се одредат форматите (печатени, електронски), да се одредат специјалните извори на финансирање, да се одреди план во однос на подарените публикации, посебни планови во однос на одржувањето на фондот (систематско отстранување на непотребните ресурси во фондот и негова заштита).

**Наративните изјави** треба да ги посочат посебните области или формати во фондот коишто претставуваат единствени материјали и за кои се применуваат специјални упатства; треба да биде опишан обемот на застапеност (вклучени или исклучени јазици, географски области, застапени хронолошки периоди во поглед на интелектуалната содржина, датум на издавање и специфични периоди коишто се исклучени); областите треба да бидат опишани според класификациската шема на библиотеката и дескрипторите на областите; да се наведат службите и библиотекарите селектори кои се одговорни.

**Профил на областите** е делот од програмата којшто е заснован врз проценка на фондот и претпоставува повремено следење на состојбите коешто ќе го одрази напредокот кон постигнувањето на целите или ќе бара ревизија на целите со оглед на променетите околности. Треба да се дефинираат силните и слабите страни на фондот. За оваа цел треба да се направи сумиран преглед на фондот според областите и класификациските шеми користејќи го моделот „конспектус". Првиот ваков модел е развиен од страна на РЛГ (Research Libraries Group, RLG) и е усвоен од страна на други организации

како што е ВЛН (Western Library Network, WLN). Според овој модел треба да се дадат информации за секоја посебна област (24) , категории (400) и обласни единици (4000).

**Методи за проценка на фондот**

– **Квантитативните методи** треба да овозможат информации за обемот и користењето на фондот, трошоците и други нумерички податоци.

– **Квалитативните методи** се обезбедуваат преку проценка на фондот од страна на библиотекарите и други експерти од одредени области, како и проценка од страна на корисниците.

**Показателите за длабочината / нивоата на фондот** се нумерички вредности коишто се користат за да се опишат активностите на развивањето на фондот и постигнувањето на целите. Треба да бидат земени предвид три аспекти: моменталното ниво на фондот, набавната активност и целите што треба да се постигнат. Овие показатели се претставени на следниов начин:

0 = надвор од употреба (англ. out of scope)

Библиотеката не обезбедува материјали за оваа област

1 = минимално информациско ниво (англ. minimal information level)

Библиотеката обезбедува лимитиран фонд или општи материјали за оваа област коишто се корисни за општата популација.

2 = основно информациско ниво (англ. basic information level)

Библиотеката обезбедува лимитиран фонд за оваа област којшто може да бидат корисен за студентите во првите години од студиите.

3 = инструкциско (студиско или наставно) ниво (англ. study or instructional support level)

Библиотеката обезбедува систематизиран фонд за оваа област којашто им служи на студентите во текот на студиите.

4 = истражувачко ниво (англ. research level)

Библиотеката обезбедува фонд за оваа област којашто е погодна за студентите на магистерски и докторски студии.

5 = сеопфатно ниво (англ. comprehensive level)

Библиотеката обезбедува екстензивен фонд со најнови материјали, со сериозна длабочина, на многу јазици, во различни формати.

**Јазични кодови РЛГ**

E: Преовладуваат материјали на англиски јазик; речиси и да нема материјали на други јазици;

F: Материјалите на странски јазици се вклучени кон материјалите на англиски јазик;

W: Широка (разновидна) селекција на јазици застапена во фондот;

Y: Материјалот е примарно на еден странски јазик.

**Јазични кодови ВЛН**

P: Преовладува примарниот јазик на државата – речиси и да нема на други јазици;

S: Материјалите на странски јазици се вклучени кон примарниот јазик на државата;

W: Широка (разновидна) селекција на јазици застапена во фондот;

X: Материјалот е претежно на јазик којшто е различен од примарниот јазик на државата.

**Временските рокови** за спроведување и ревизија на планот се потребни за да се обезбеди поголема точност и контрола.

Според Голубовиќ (Golubović 2017: 22): „при создавањето програма и/или политика за изградба и/или управување со збирките мора да се земе предвид дека денешните збирки опфаќаат четири нивоа:

– Информациски извори коишто ги поседува одредена библиотека (локална збирка);

– Информациски извори коишто ги поседува некоја друга библиотека (достапни преку услугата на меѓубиблиотечно позајмување и достава на документи);

– Електронски документи набавени со купување или претплата (бази на податоци – национален конзорциум);

– Бесплатни електронски документи“ (Golubović, 2017 : 22).

Програмите за развој на збирките и фондовите може да се најдат на веб-страниците на библиотеките.

[1]Станува збор за следниве области: земјоделство; антропологија; уметност и архитектура; биолошки науки; бизнис и економија; хемија; компјутерски науки; образование; инженерство и технологија; географија и наука за Земјата; историја и помошни историски науки; јазик, лингвистика и литература; право; библиотекарство; математика; медицина; музика; репродуктивни (изведбени) уметности; философија и религија; физичко образование и рекреација; физика; политички науки; психологија; социологија.

[2] Тука ги наведуваме кодовите според RLG (Research Libraries Group) и WLN (Western Library Network). Секоја библиотека може да има своја шема на кодови.

Ваквиот транспарентен пристап ќе придонесе за поквалитетна комуникација со јавноста, а особено со корисниците кои ќе имаат можност да се запознаат со информациските капацитети на фондот. Како пример ќе ги посочиме Библиотеката на Конгресот (The Library of Congress) и Меморијалната библиотека Хауард-Тилтон (Howard-Tilton Memorial Library).




Слика 1. The Library of CongressБиблиотеката на Конгресот: Програми за развој на збирките




Слика 2. Меморијалната библиотека Хауард-ТилтонHoward-Tilton Memorial Library: Програми за развој на збирките

**Користена литература:**

Golubović, Vesna. 2017. Upravljanje izvorima informacija kroz sveučilišne zbirke. Zagreb: Filozofski fakultet
Evans, G. E., Saponaro, M. Z. 2005. Developing Library and information center collections. Westport, London: Libraries Unlimited
IFLA (2011) Guidelines for a collection development policy using the conspectus model https://www.ifla.org/files/assets/acquisition-collection-development/publications/gcdp-en.pdf

**Abstract**
The paper focuses on why libraries need to have collection development programs and how to conceptualize them based on Conspectus model. This model has been in use for decades and is still used in libraries around the world. The paper seeks to actualize the issue of developing collections and to show that this field of work is necessary to be well organized in order for libraries to have functional collections that will be of interest to users.

**Key words:** collection development, Conspectus model

(стручен труд)
м-р Жаклина Угриноска,
виш библиотекар
Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ – Скопје

# ПРОМЕНИ – ПРИМЕНИ – ПОВРЗИ: ИДНИ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА БИБЛИОТЕКАРИТЕ

**Апстракт**

Библиотеките во 21. век се принудени да се трансформираат од традиционални во аналогно-дигитални библиотеки, со оглед на фактот дека интернетот го промени начинот на кој го продуцираме, го дистрибуираме и го откриваме знаењето. Тоа е долготраен процес, но искуствата покажуваат дека работата на библиотеките доведува до подобра функционалност, поголемо и квалитетно учество на корисниците кои секогаш се незаобиколен дел од приказната за библиотеките. Но, како што еволуираат општеството и технологијата, барањата на корисниците всушност стануваат сè посложени и што е најважно, бараат делување веднаш.

Најверојатното сценарио не е ниту револуција, ниту еволуција, туку коеволуција на информациската технологија, корисничките потреби и организација. Едноставно работите треба да ги согледаме малку пошироко. Што значи тоа? – усовршување на услугите, следење на развојот на технологијата, но пред сè следење на барањата и потребите на корисниците служејќи се со неограничени можности за комуникација со помош на разни видови интернет-услуги коишто во денешно време ни се на располагање. Или, пак, улогата на библиотекарите сè повеќе станува улога на „информациски навигатор“ којшто на корисникот му обезбедува вистинска и сигурна информација. Само на тој начин, на библиотеките и нам на библиотекарите ни е загарантирана иднина и место под сонцето.

Клучни зборови: предизвици во библиотеките, библиотекар, двигатели на промени

**Вовед**

Кога станува збор за библиотекарството, тоа подразбира измена на парадигмата – од традиционален пристап насочен кон материјата, кон принцип на целосна промена на пристапот во корист на корисниците на библиотекарските услуги. Таа нова парадигма и не е толку нова ако знаеме дека со масовниот развој на информатиката, технологијата и продукцијата на информации, ние како библиотекари кои сме во директен контакт со корисниците, сме и ќе бидеме принудени да ги приспособиме своите услуги и да се приспособиме на новите и посложени барања и секако да ги прифатиме принципите на работење коишто ги наложува темпото во денешно време. Иако библиотекарството долго време се обидува да му одолее на времето на модерните технологии, како една од најстарите професии на светот и како професија којашто сè уште има примат во прибирањето, опишувањето и зачувувањето на знаењето, токму 21. век не остава простор за такво нешто и тука бескомпромисно се наметнуваат барањата на модерните пазари.

Моменталната ситуација во секојдневната практика изгледа вака: хиперпродукција на информации со различна содржина, значење и квалитет, нивна достапност и можност за неограничено ширење насекаде и секому и преовладување на интернетот којшто е многу повеќе прифатлив за новите генерации од аналогните извори на информации. Понатаму, корисници, особено младата популација коишто за жал немаат сентиментален, традиционален однос кон библиотеките зашто сакаат најразлични видови информации, и тоа веднаш и да можат брзо и едноставно да ги обработат, додека со развојот на информациската технологија, е овозможена миграција на податоците и содржината на различни електронски медиуми коишто сè повеќе ѝ го одземаат приматот на книгата како физички објект. Имајќи го предвид наведеното се поставува следново прашање: Кои се идните предизвици на библиотекарите, што треба, а што навистина работат за да им одговорат на сите временски барања во кои егзистираат?

**Соочување со современите предизвици во библиотеките**

Не толку далеку книгите ги сметавме за порти на универзумот и секој кој посакал да помине низ тие порти мора првин да оди во библиотека. Библиотеките го собираат знаењето, го уредуваат и го овозможуваат негово користење. Денес, во времето на „Гугл“, „Википедија“ и милиони дигитални книги и списанија, ни се чини дека целокупното знаење на овој свет ни е на дофат, на дланка: за да

пристапиме до него доволни се неколку клика . Имајќи го предвид ова, многумина се прашуваат дали воопшто библиотеките се повеќе потребни? Или библиотеките и библиотекарите наскоро ќе бидат минато, токму како и целата низа услуги и занимање коишто засекогаш ќе ги избрише дигитализацијата? Расправата за ова и многу слични прашања е во полн ек, а ја обележуваат различни мислења: од краен песимизам до голем ентузијазам и оптимизам.

Едноставни одговори нема и не може да има, тоа е јасно, но тенденцијата и предизвиците коишто ги носат актуелните текови се бројни, сложени и разновидни дури и дел противречни. Моменталната ренесанса на библиотеките многумина ја објаснуваат со тоа што тие претставуваат некомерцијални места, односно места каде што од време на време се исклучуваме од глобализираниот и вмрежен свет . Додека за некои библиотеките се засолниште, на други им се нуди единствена можност за учество во јавниот и културен свет или со други зборови библиотеките им се достапни на сите. Така е барем во теоријата.

Функциите на библиотеките се врзани за прашањето на пристап на развој на услугите, односно дали пристапот ќе биде стратешки, концентриран на клучните и јасно препознаени потреби на корисниците и заедницата, или ќе биде случаен, привидно разновиден и со голем ризик ниедна услуга да не биде понудена на соодветен и конзистентен начин . Сега, повеќе од кога било, основната работа во библиотеките треба да се приспособи кон новото време и да се одредат нови стратегии за да ги распределиме ресурсите и услугите. Мора да бидеме свесни за новите потреби на корисниците и секако приспособување кон нив.

Всушност, основното мислење во овој текст не е толку во моето персонално видување, колку што се огледа во објективноста дека традиционалната мисија на библиотеките е загрозена и реално за да ги следиме трендовите, треба постојано самите себеси да ги поставиме прашањата:

– Какви погодности за корисниците треба да се создадат во наредните пет, десет, петнаесет години?

– Какви нови способности мора да имаме или да стекнеме за да можеме тие погодности да им ги понудиме на корисниците?

– Како ќе го трансформираме корисничкиот интерфејс во наредните неколку години?

Повеќе не може да ни одговара традиционалната интерпретација на она од што се состои библиотеката. Она што му дава посебна тежина на трудот се предизвиците коишто произлегуваат од потребата за преиспитување и пресоздавање на системите за комуникација, коишто придонесуваат за создавање поцелосна слика, каде ќе можат библиотеките да ја преземат активната улога во заедничкото обликување на иднината .

Вистина е дека волуменот и комплексноста на информациските ресурси и пристапите се во постојан раст и затоа библиотеките треба подготвено да настапуваат како посредници помеѓу корисникот и сè поголемата плима на потреби за знаење и информации. Како што забележува М. Елис, кој не поаѓа само од една неодредена позиција, туку од еден одреден фундус, од една поставена вистина, дека библиотеките се често во состојба на чистилиште – имаат луѓе и малку пари – поради што не се во можност да ги воведат технолошките трендови брзо како останатите. Затоа тој истакнува дека „... библиотеките се содржински богати, но ресурсно сиромашни институции“, имајќи ги предвид пред сè инфраструктурните, а често и кадровските ограничувања, па во отворањето на содржината кон корисниците се подразбира прилика за успешно поставување на библиотеката во опкружувањето.

Библиотеките може да го променат вашиот живот – мојот веќе секако. Тие може да го подобрат животот на луѓето во заедницата, тие се ризници на информации, толку важни за подобар живот на секој човек. Интернетот е виртуелна светска библиотека и тој е фантастична работа и заедно со библиотеките, тие се стратешки ресурс за одржлив развој и развој на светски план, поинаку кажано без нив не можеме да го впериме погледот во иднината . Затоа ние библиотекарите мора на своите корисници да им пружиме точна информација и вистински сознанија за тоа што се случува. Вистинските информации и сознанија, секако, ја прават секоја личност подобра, способна подобро да се ориентира и ако веќе не дава вистински одговори, тогаш да поставува вистински прашања.

---

[1] Податоци преземени од веб-страница достапна на адресата: https://www.artscouncil.org.uk/sites/default/files/download-file/Envisioning_the_library_of_the_future_phases_[1]_and_[2]_full_report.pdf

[2] Податоци преземени од веб-страница достапна на адресата: https://www.adelaide.edu.au/library/system/files/docs/Library_of_the_Future_Report_Final.pdf

[3]Maksimović, Tradicija i promjene u bibliotekarstvo, [34].

**Дали библиотеката ја сочинуваат библиотекарите?**

Старо и клучно прашање, а одговорот е – ДА. Чест мотив на библиотекарите е „чувар на книгите и знаењето“ којшто го убедува главниот јунак да се впушти во авантура којашто ќе му го промени животот. Денес сè може да се спакува во форма на книга без разлика дали е во печатен или дигитален формат. Како што е познато, пред хартијата се пишувало на папирус, којшто денес Египќаните го пакуваат во дигитална форма. Еден од најважните цели на денешните библиотекари е добро управување со модерната технологија, информациите, а со тоа и со книгите коишто денес забрзано се конвертираат во електронски формат

Активистичките димензии на професијата, иако ретко обработувана тема меѓу библиотекарите во дијалог со корисниците, неретко остануваат во сенка на трендовските насочувања на професијата .

За да се обезбеди одредено ниво на услуги, од нас библиотекарите се очекува да поседуваме одредени компетенции како што се информатичка и веб-писменост .

Што значи да се биде библиотекар?

– Катализатор;
– Класификатор;
– Библиограф;
– Е-трагач;
– Личност која одговара на прашања;
– Личност која планира и развива фонд;
– Личност на која корисниците наидуваат при првата средба со книгата;
– Личност која управува со библиотеката;
– Личност која води маркетинг на библиотеката.

Моето искуство вели дека библиотеките се студени и треба да ги направиме потопли. Принципот на затоплување се огледува во три сегменти:

– Интерактивен пристап и користење на сите облици на информации;
– Простор по мерка на корисниците;
– Однос на библиотекарот и корисникот.

За односот на библиотекарот и корисникот со библиотеката важно е да се забележи дека корисникот е неопходен за да биде библиотеката жив организам или поинаку искажано, средбата на корисникот со библиотеката е остварување на неговите потреби за комуникација низ времето и просторот. Тука како водич сме ние библиотекарите. Корисникот не смее да биде препуштен сам на себе – тука ние библиотекарите сме активен, неутрален и креативен филтер низ лавината на информации. Библиотекарот мора добро да плива, односно да нурне и да ја извлече информацијата наместо корисникот.

Како второ, корисникот не е само број на членска карта кој се задолжува и се раздолжува, туку личност во чии потреби треба да се проникне. Како? – одговорот е преку разговор (она што тој конкретно бара, она што би можело да го интересира според неговиот профил или да му користи и анализа на потребите на поединечниот корисник (изработка на профил на корисникот)). Секое поставено прашање е нов предизвик за библиотекарот или како што би рекол Д. Каули: „Информациската служба е низа на критични ситуации коишто се појавуваат кога некој ќе посака нешто да осознае“. Решението зависи од:

– Заинтересираноста и подготвеноста на библиотекарот за соочување со критичната ситуација;
– Способноста, инвентивноста и истрајноста на библиотекарот;
– Индивидуалниот систем на библиотекарот.

Во современото опкружување стручното усовршување на библиотекарот е неопходно за да може да се следат постојаните, силни и брзи промени во однос на развојот на информациската и комуникациска технологија и корисничките очекувања, но и најновите сознанија за професијата, односно привлекувањето нови корисници. Освежување на постоечките и стекнување нови знаења, вештини и искуства може да се остварат со присуство на разновидни (физички или виртуелни) програми осмислени во контекст на доживотно учење, следење на стручната литература, вмрежување и размена на искуства со колегите, како и посета на стручни собири.

[4] Податоци преземени од списание достапно на адресата: http://kdr.hr/wp-content/uploads/2017/01/Casopis-KDR-2017.pdf
[5] Податоци преземени од веб-страница достапна на адресата: https://www.lib.cam.ac.uk/files/ul_grand_vision_condensed_version_v5.pdf
[6] Податоци преземени од веб-страница достапна на адресата: https://core.ac.uk/download/pdf/11883273.pdf
[7] Smith, “Public Library Quarterly”, 241
[8] Податоци преземени од веб-страница достапна на адресата: https://www.lib.berkeley.edu/sites/default/files/files/UCBLibraryStrategicPlan.pdf

Сето тоа се различни наведени активности на учење коишто се појавуваат во текот на кариерата, а со кои се одржуваат и се усовршуваат стручното знаење и вештини, специфични, еднакво важни и меѓусебно надополнети. Одредени автори на пример ја истакнуваат важноста на вмрежувањето и учеството на собири, тврдејќи дека учеството на библиотекарите на конференции „подмладува", а да се помине времето со други ентузијастички експерти инспирира.

Други, пак, ја издвојуваат важноста на следењето на резултатите од спроведените истражувања за професионалниот развој зошто со тоа може да се унапреди сопственото професионално знаење и да се обезбеди нивна успешна примена. Затоа, Кристина Боргман со еден посебен визионерски тон во својата книга „Од Гутенберговиот изум до глобалното информациско поврзување" елоквентно бележи: „Сè повеќе активности ќе се одвиваат електронски, што ќе доведе до тоа комуникацијата очи в очи да биде ценета повеќе од кога било претходно".

**Чувари на традицијата и двигатели на промените**

И покрај сè, задачите на библиотеките и библиотекарите во меѓувреме не се намалени, туку се бројни и разновидни. Бидејќи денес сè може да се набави на интернет, секаде и во секое време, библиотеките не можат повеќе да го оправдаат своето постоење само со тоа што ќе обезбедат пристап до информации. Тука, се новите предизвици . Сега е важно и со текот на времето ќе биде уште поважно – корисниците да се оспособат за успешно соочување со вистинскиот наплив на информации, а библиотеките се како предодредени за таа улога, под услов да располагаат со доволно материјални средства и соодветна опрема и да ги дефинираат своите функции во согласност со овој нов предизвик, а тоа е работа со корисниците .

„Најважни се луѓето, а не библиотекарските единици", има истакнато Ребека Смит Олдрич, експерт за библиотекарство во Соединетите Американски Држави. Тоа треба да се подразбира, но одредени библиотекари сè уште се немаат навикнато да размислуваат на таков начин. Скептиците сигурно ќе се запрашаат дали бројните промени и предизвиците со кои се соочуваат библиотеките и ние библиотекарите на крајот ќе предизвикаат и загуба на самата суштина – помеѓу останатото и фокусот на книгите . Имајќи ги предвид брзите промени на околностите и опкружувањето, не е лесно да се развијат просторни, медиумски и педагошки стратегии, а притоа да не се занемари она што секогаш ја сочинувало суштината за успех на секоја библиотека.

Библиотеките го чуваат знаењето и културното наследство, тие секако се образовна институција и место за општествена интеракција, истовремено конкретен простор и возвишена идеја. Тие секогаш биле и до денес останале многу од тоа истовремено. Библиотеките во секој момент се подготвени да понудат некое изненадување, како во книгата „Идеја за библиотека и нејзина иднина" каде што Мајкл Кнохе истакнува како корисниците во библиотеките наидуваат на теми и содржини коишто свесно не ги барале, токму затоа што библиотеките се разликуваат од „алгоритамот за пребарување и е-врски".

**Заклучок**

Денес библиотеките се многу поважни, токму затоа што светот се менува и нашето знаење експоненцијално расте. Тие може да придонесат за општествена кохезија и способност да ги најдат одговорите на новите предизвици. Затоа може да кажеме дека библиотеките веќе не постојат, сега треба да ги измислиме! Од друга страна, тие новоизмислени библиотеки веројатно би изгледале поинаку од оние кои денешната генерација на библиотекари ги има наследено од своите претходници. Како треба да се промени ентериерот и архитектурата на библиотеките, така што центарот на вниманието повеќе да нема да биде библиотекарскиот материјал, туку корисниците? И која улога во иднина ќе ја играат библиотекарите? Сето тоа се само прашања.

Кога сè ќе се собере и ќе се одземе, останува сликата на библиотеката како јавно добро и библиотекарството како професија зафатена со промени. Нема едноставни одговори на прашањата како може библиотеките може да ги задоволат идните очекувања. Нивната иднина зависи од тоа колку на секоја библиотека ќе ѝ појде од рака да ги извршува моменталните активности, истовремено дефинирајќи ја својата нова улога и подготвувајќи се за нив, но и од тоа колкаво значење е подготвена

[9] Borgman, Od Gutenbergova izuma do globalnoga informacijskog povezivanja: pristup informaciji u umreženom svjetu, 17

[10] Crawford and Gorman, Future libraries: dreams, madness and reality, 25

[11] Податоци преземени од веб-страница достапна на адресата: https://files.eric.ed.gov/fulltext/ED572830.pdf

[12] Податоци преземени од веб-страница достапна на адресата: https://www.utas.edu.au/data/assets/pdf_file/0007/619801/University-Library-Future-Vision-8-October-2015.pdf

заедницата да им даде на библиотеките.

**Користена литература**

Borgman, C.I. (2002). Od Gutenbergova izuma do globalnoga informacijskog povezivanja: pristup informaciji u umreženom svjetu. Zadar: Gradska knjižnica Zadar.
Crawford, W. and Gorman, M. (1995). Future libraries: dreams, madness and reality. Chicago: American Library Association.
Maksimović, M. (2016). Tradicija i promjene u bibliotekarstvo. Istočno Sarajevo: Matična biblioteka.
Брофи, П. (2005). Библиотеке у двадесет првом веку: нове услуге за информационо доба. Београд: Клио.
Smith, Mark. "Top Ten Challenges Facing Public Libraries". Public Library Quarterly Vol.38. No.3 (2019): 241-247
Core.ac.uk. Modernization of library services using information technology: Gap between possibilities and practices 2017. United Kingdom: Core.ac.uk.
https://core.ac.uk/download/pdf/11883273.pdf [Пристапено на 05 октомври 2020].
Lib.berkeley.edu. Strategic Plan 2017-2021: Our vision for the future. University of California. Lib.berkeley.edu.
https://www.lib.berkeley.edu/sites/default/files/files/UCBLibraryStrategicPlan.pdf
[Пристапено на 10 октомври 2020].
Files.eric.ed.gov. Creating the Future: A 2020 Vision and Plan for Library Service in New York State. University of the State of New York. Files.eric.ed.gov.
https://files.eric.ed.gov/fulltext/ED572830.pdf [Пристапено на 5 октомври 2020].
Utas.edu.au. Library Future Vision for 2025. University of Tasmania. Utas.edu.au.
https://www.utas.edu.au/data/assets/pdf_file/0007/619801/University-Library-Future-Vision-8-October-2015.pdf [Пристапено на 25 октомври 2020].
Lib.cam.ac.uk. A Vision for the Future of Cambridge University Libraries 2019. Cambridge University Libraries. Lib.cam.ac.uk.
https://www.lib.cam.ac.uk/files/ul_grand_vision_condensed_version_v5.pdf
[Пристапено на 5 октомври 2020].
Adelaide.edu.au. Library of the Future: Report Final 2015.University of Adelaide. Adelaide.edu.au.
https://www.adelaide.edu.au/library/system/files/docs/Library_of_the_Future_Report_Final.pdf
[Пристапено на 13 октомври 2020].
Artscouncil.org.uk. Envisioning the library of the future phases 1 and 2 full report. England. Artscouncil.org.uk.
https://www.artscouncil.org.uk/sites/default/files/download-file/Envisioning_the_library_of_the_future_phases_1_and_2_full_report.pdf
[Пристапено на 27 септември 2020].
Knjižničarsko Društvo Rijeka. Knjižničar-ka: Časopis Knjižničarskog društvo Rijeka 2017. Rijeka: Knjižničarsko Društvo Rijeka.
http://kdr.hr/wp-content/uploads/2017/01/Casopis-KDR-2017.pdf [Пристапено на 17 септември 2020].

**Abstract**

Libraries in the 21st century are being forced to transform from traditional to analogue-digital libraries, given the fact that the Internet has changed the way we produce, distribute and discover knowledge. It is a long process, but experience shows that the work of libraries results in better functionality, greater and better user participation which is always an indispensable part of the story of libraries, but as society and technology evolve, user requirements are actually more complex, and what most importantly, they require prompt action. The most likely scenario is neither revolution nor evolution, but co-evolution of information technology, user needs and organization. We just need to look at things a little wider. What does that mean? - Improving the services, monitoring the development of technology, but above all monitoring the requirements and needs of users using unlimited possibilities for communication with the help of various types of Internet services that are available to us today or the role of librarians is more becomes the role of "information navigator" that ensures the user to get real and reliable information. Only in that way, libraries and us librarians are guaranteed a future and a place under the sun.

Key words: library challenges, librarian, change makers

(стручен труд)
Билјана Аџиовска-Панџарова, библиотекар
ЈУ Градска библиотека „Браќа Миладиновци“ – Скопје

# ВИЗИЈА ЗА БИБЛИОТЕКА НА ИДНИНАТА

**Апстракт**

Намената на овој труд е краток приказ на една визија за библиотеката на иднината, со оглед на тоа дека библиотеката претставува еден важен и препознатлив систем на секоја култура и цивилизација, нераскинлив дел, и тоа од секојдневните потреби и секаков облик на образование, до врно научно остварување. Што повеќе ги користиме, повеќе се потребни и незаменливи. Библиотеките се назаобиколен фактор за развој и напредок на секое општество, секоја средина. Таа парадигма општество – библиотека вреди не само на глобален план, туку и на пониските општествени нивоа и средини, заедници и институции, каде што постои потреба за ново знаење и информации. А тоа практично значи насекаде.

Факт е дека библиотеките во целост ја менуваат својата форма: од тврдина на знаењето постепено прераснуваат во океан на информации. Библиотеките и библиотекарството се соочуваат со многу проблеми врзани за новата технологија. Секако, сите тие проблеми имаат низа решенија, но не постои едно конечно и целокупно решение за сите проблеми. А утре? Сѐ поголема е превласта на информациската технологија којашто е процес, а не предмет како книгата. Во новата информациска глаксија, предвиден е континуитет на услугите и во едно може да се сложиме, а тоа е дека светот брзо се менува и нашето знаење експонецијално расте и затоа библиотеките се многу важни. Тие може да придонесат за општествена кохезија и зголемување на капацитетот на општеството за да најде одговори на новите предизвици.

Иднината на библиотеката подразбира корисниците да користат и да очекуваат да им бидат достапни библиотечни извори во сите облици. За да преживее библиотеката и да стане значаен културно-образовни центар на едно современо време, мора да овозможи коегзистенција на традиционалните и електронските извори на информации.

**Клучни зборови:** улогата на библиотеката, нов модел, покренување промени

**Вовед**

Денес, во ерата на дигиталната револуција, во многу дефиниции и теории за билиотеките речиси не постои подобра теорија којашто суштински ја отсликува улогата и значењето на библиотеката и функцијата на библиотекарите од онаа која ја имаат претставено авторите Крафорд и Горман во својата книга „Идните библиотеките, сон, лудост или стварност“:

– Библиотеките ги почитуваат сите облици во кои се појавува и се пренесува знаењето;
– Користат технологија интелигентно, за да се подобрат услугите;
– Го заштитуваат правото на слободен пристап до знаење;
– Го почитуваат минатото, ја креираат иднината.

Последните години се актуелни расправите за иднината на библиотеките. Иако сѐ уште не се дефинирани основните поими за идната електронска библиотека, а веќе многу светски национални библиотеки се тргнати во неизвесна изградба на свои дигитални збирки. Секако, со оглед на таквиот развој на дигитални библиотеки, се поставува прашањето за опстанокот на традиционалните библиотеки.

Некои теоретичари веруваат дека библиотеките ќе исчезнат како физички простори, дека ќе бидат заменети со виртуелни дигитални библиотеки на кои пристапот ќе биде овозможен 24 часа дневно по пат на електронска мрежа. Друга група теоретичари, пак, сметаат дека библиотеките какви што се денес ќе опстанат и дека целата таа нова технологија е само една скала во развојот којашто после ќе биде заменета со некоја друга нова технологија.

Третата група теоретичари сметаат дека библиотеките како физички простори ќе опстојат, но дека е неминовно и итно потребно да се вклучат во процесот на трансформација предизвикан со

ненадејниот развој на новите технологии и информациски магистрали.

„Јас верувам во библиотеките. Верувам во трајната мисија на библиотеката. Верувам дека библиотеките и библиотекарството имаат иднина. Таа иднина треба да биде прифатена со реалноста, но и со смелоста. Овие верувања произлегуваат од практичната работа, но и од разгледување на идејата за напредок“.

Во пронаоѓањето место во информацискиот свет иднината на библиотеката во многу нешта може да помогне во мерење на успешноста, како и на менаџментот на квалитет – процеси со кои постепено се запознава библиотекарството. Со совладувањето на технологијата, библиотеката е подготвена за посредување помеѓу информацијата и корисникот, што потенцијално ѝ нуди централно место во иднината. Тоа место треба да го заслужи, а библиотекарите се тие кои мора да се приспособат на новите технологии и услови коишто пред нив ги поставуваат сите предизвици на 21. век. Подготовката за иднина е еден од императивите на една современа библиотека.

**Библиотеката денес**

Денес кога информациите се достапни електронски, се наметнува прашањето каква треба да биде улогата на библиотеката? Библиотеките се наоѓаат пред еден комплексен предизвик да се приспособат на новите околности, пред сè на големите општествени промени и новата технологија којашто влијае на начинот на консумирање на културните производи и креирање според вкусот на публиката којашто често и брзо се менува. Да се држи чекор со времето денес е прашање на опстанок Да им се одговори на барањата на корисниците е секако одговорност на секоја библиотека што не е лесна задача. Во тој контекст, далеку од стереотипните видувања за библиотеката како пасивен чувар на книгите, таа игра активна улога на заговарач на едно општество засновано на знаење и стожер на културните, информативни и едукативни содржини.

Едно од многуте прашања кои привлекуваат особено внимание, кога станува збор за влијанието на дигитализацијата, се однесува на иднината на библиотеката, особено на јавните . За да бидат во состојба да ги исполнат сите општествени потреби очигледно е дека библиотеките мора да се променат: од институција насочена кон книгите и нивно чување, до модерна, дигитална институција којашто им е посветена на корисниците.

Според истражувањето направено за овој труд, може да кажам: „Да, библиотеките имаат своја улога во современото општество и тие веќе се во процесот на нејзино остварување. Јавните библиотеки биле меѓу првите институции коишто вовеле најмодерна технологија и нови процеси на работа кон корисниците за да создадат нови дигитални услуги. Исто така, се и првите коишто развиле нови формати за средба на луѓе и интеракција во сопствениот физички простор. Значи, библиотеките имаат заземено проактивен став кон општествените предизвици“.

Денес библиотеките им нудат бројни услуги и активности на своите корисници . Потенцијалот на библиотеката е голем и тие треба да бидат незаменлив културен и информациски центар. Информатичката технологија во повеќето библиотеки станува незаменлива, како поврзано со активностите коишто се однесуваат на библиотекарското работење, така и поврзано со услугите коишто им се даваат на корисниците.

Предноста на информациската технологија се изразува преку поголема достапност и брз проток на информации. Прекумерното користење дигитални содржини како визија на секоја библиотека од една страна упатува на начинот на кој се воспоставуваат социјалните контакти, па оттука дигитална библиотека – да, но само како дел од информациските ресурси и услуги коишто им ги нуди на своите корисници.

**Нов модел на библиотека**

Нов модел на библиотека не значи само практичен инструмент за дефинирање на приоритетите, туку средство коешто ќе ни овозможи отворен ум кон можностите коишто библиотеките во иднина мора да бидат подготвени да им ги понудат на корисниците во смисла на доживување, откривање, учествување и создавање . Само ќе одбележам дека ова не е само модел за анализа, туку содржи и визија за библиотекатата на иднината којашто се состои од четири простори: простор за инспирирање, простор за учење, простор за интеракција и простор за изразување на публиката (слика 1.1).

[1]Dorner, Campbell-Meier, & Seto, Making sense of the future of libraries, [321].
[2]Katanović, Knjižnice u digitalnom okruženju, [34].

Не станува збор за физички простори, туку за тоа што се може да се одигра како на физички терен, така и во дигиталниот простор на интернет . Ќе се согласам дека од наведените четри простори во ваквиот модел само просторот за изразување на публиката е нов. Јавната библиотека секогаш имала врска со инспирацијата, учењето и интеракцијата на луѓето, но поимањето на просторот во кој луѓето може да учествуваат, да се ангажираат и да изведат културни содржини е реалтивно ново.

Слика 1.1. Нов модел на библиотека

Овој нов тренд е во согласност со иновациите коишто во центарот на вниманието ги имаат поставено корисниците и нивното учество во програмите . Пример за ова се специјалните простори (англ. hackerspaces, makerspaces), односно заеднички простори за работа и дружење, коишто веќе се заживеани во многу американски библиотеки (види слика 1.2).




Слика 1.2. Заеднички простори за работа и дружење (makerspaces0

**Библиотекарската услуга насочена кон корисникот**

Најголема промена којашто е воведена со развојот на читателската публика во работата на секоја библиотека и услугите коишто ги нуди е поместување на фокусот од производот на корисникот . Развојот на читателска публика нуди нов пристап на промовирање на најважниот производ на библиотеката, така што се придржува на основниот принцип на рекламната и маркетиншката индустрија „Продај ја идејата за производот, а не само производот“ . Ваквиот пристап ориентиран кон корисниците им нуди визија за она што ќе го доживеат додека читаат книга: како ќе се чуствуваат, над што ќе се замислат и зошто треба да посветат неколку часа.

Промовирање на читањето како креативна активност го потврдува статусот на корисникот како најголема уметничка публика, а ја промовора и улогата на библиотеката. Со тоа и ние како библиотекари добиваме нова, активна улога . Искуството на корисникот е внатрешно, лично и единствено – како е можно тоа да биде забележано на фотографија? Многу библиотеки во Велика Британија прават изложба на фотографии на своите читатели како држат книги коишто одлучиле да ги позајмат. Тоа е одличен начин да се покаже кој сè ја користи библиотеката – луѓе од различна возраст, надворешен профил и начин на живот. Во најдобар случај, се рушат стереотипите, а луѓето се поттикнати да размислуваат кој, што чита. Со ова се пренесува значајна порака за тоа како ги цени библиотеката своите корисници во ситуација каде што реално се очекува на фотографијата да се најде автор на делото.

**Покренување промени**

Се смета дека книгата ја отвора вратата кон светот и кој посакал да помине низ таа врата, не може да ја заобиколи библиотеката. Во едно може да се сложиме, а тоа е дека светот брзо се менува и нашето знаење експонецијално расте, па затоа библиотеките се многу важни . Тие може да придонесат за општествена кохезија и зголемување на капацитетот на општеството за да најде одговори на новите предизвици .

[3]Mars, Zarroug, i Medak, Javna knjižnica (esej), [7].
[4]State Library New South Wales , The Bookends Scenarios: Alternative Futures for the Public Library Network in NSW in [2030], [11].
[5]Maksimović, Tradicija i promjene u bibliotekarstvo, [12].
[6]Брофи, Библиотеке у двадесет првом веку: нове услуге за информационо доба, [9].
[7]Burke, The future role of librarians in the virtual library environment, [31].
[8]Freemen, The library as Place: Changes in Learning Patterns, Collections, Technology and Use, [1-2].
[9]John, Designing Libraries in [21]st century: Lessons for the UK, [33].
[10]Link Connecting Commonwealth librarians, Librarians of the future, [1].

Затоа може слободно да се каже дека ако нема библиотеки, треба да ги измислиме. Меѓутоа, за да ги измислиме сега, тие веројатно би изгледале поинаку од оние места коишто денешните генерации на библиотекари ги наследиле од своите претходници.

Како треба да се промени организацијата, архитектурата и дизајнот на библиотеката за да не им биде во центарот на вниманието книжевниот фонд, туку корисниците? Каков треба да биде нивниот современ придонес на демократската партиципација и медиумска писменот во време на сѐ поголема нееднаквост, дигитална манипулација? Што може да направат библиотеките за да ги привлечат слабообразованите демографски групи? И каква улога ќе имаат библиотекарите во иднина? Се нижат прашања. Кога сѐ ќе се собере и ќе се одземе, се добива слика за библиотеката како јавно добро во процесот на промена .

Нема едноставни одговори, ниту таен рецепт како може библиотеките да го задоволат сето она што се очекува од нив во иднина. Сепак, нивната иднина ќе зависи колку секоја библиотека ќе успее да ги извршува актуелните задачи, истовремено дефинирајќи ја новата улога и подготвувајќи се за неа. Од друга страна, иднината на библиотеката зависи и од тоа колку вреди таа за нас, како и за општеството.

И покрај сето кажано, барањата коишто се поставуваат пред библиотеките во меѓувреме не се намалени, додека нивните активности се поопсежни и разновидни. Со оглед на тоа дека денес сѐ е достапно на интернет од секое место и во секое време, библиотеките веќе не може да го оправдаат своето постоење исклучиво со давање информации. Затоа библиотеките треба да ја променат сликата за себе. Наместо традиционалната функција, новиот фокус е работа со корисниците. „Во библиотеката се важни луѓето, а не книгите" , вели американскиот експерт за библиотеки Ребека Смит Алдрич.

**Заклучок**

Како ќе изгледа библиотеката за дваесет или триесет години, и дали воопшто ќе располага со физички простор? Извесно е дека библиотеката ќе остане центар на знаење и информации, само што во иднина печатените книги во библиотеките полека ќе ги заменат електронски читачи и електронски книги. Една од улогите на јавните библиотеки во 21. век е да бидат носители на дигитализацијата на културното наследство, со што по електронски пат, ќе биде достапно за сите. Употребата на нова технологија секако игра важна улога и во повторното осмислување на физичкиот простор на библиотеката. ОсмислувањетоКреирање на нови начини на кои корисниците ќе пристапат до знаење претставува ефикасен одговор на предизвиците со кои во иднина ќе се соочиме во иднина. Ќе заклучам дека единствениот начин да одиме во чекор со времето е да донесеме одлука за промена тоа когаво оној момент кога ќе бидеме задоволни од функционирањето на библиотеката, да донесеме одлука за промена.

**Користена литература**

Dorner, D., Campbell-Meier, J., & Seto, I. (2017). Making sense of the future of libraries. IFLA Journal , 43(4), 321-334.

Jovanović Arsić, I. (2014). Planeta čitalac. Pančevo: Gradska biblioteka Pančevo i Udruženje Kulturis.

Katanović, A. (2015). Knjižnice u digitalnom okruženju. Rijeka: Filozofski Fakultet.

Maksimović, M. (2016). Tradicija i promjene u bibliotekarstvo. Istočno Sarajevo: Matična biblioteka.

Брофи, П. (2005). Библиотеке у двадесет првом веку: нове услуге за информационо доба. Београд: Клио.

Bolt, N. (2010). Libraries from Now On: Imagining the Future of Libraries ALA Summit on the Future of Libraries – Report to ALA Membership. Преземено Декември 2020 од http://www.ala.org/tools/sites/ala.org.tools/files/content/LibraryoftheFuture/LibrariesFromNowOn_ALA-SummitOnTheFutureofLibraries_FinalReport.pdf

Burke, L. (2013). The future role of librarians in the virtual library environment. Преземено Декември 2020 од https://www.tandfonline.com/doi/pdf/10.1080/00049670.2002.10755975 31

Freemen, T. G. (2005). The library as Place: Changes in Learning Patterns, Collections, Technology and Use. Преземено Декември 2020 од https://www.clir.org/wp-content/uploads/sites/6/pub129.pdf

[11] Sullivan, Public Library Facilities for the Future, [5].

[12] Hrvatska udruga školskih knjižničara, Školske knjižnice: ključ za prošlost, sadašnjost i budućnost, [4].

[13] University of the State of New York, Creating the Future: A [2020] Vision and Plan for Library Service in New York State, [4].

[14] Jovanović Arsić, Planeta čitalac, [7],[12],[18].

[15] Bolt, Libraries from Now On: Imagining the Future of Libraries ALA Summit on the Future of Libraries – Report to ALA Membership, [1], [3], [5].

[16] Wisconsin Department, Planning for the Library's Future, [1-2].

Hrvatska udruga školskih knjižničara (2012). Školske knjižnice: ključ za prošlost, sadašnjost i budućnost. Преземено Декември 2020 од
http://www.husk.hr/wordpress/wp-content/uploads/2013/01/Brosura_Kljuc-za_Zagreb_2012.pdf
John, G. (2016). Designing Libraries in 21st century: Lessons for the UK. Преземено Декември 2020 од http://designinglibraries.org.uk/index.asp?PageID=1369
Link Connecting Commonwealth librarians (2012). Librarians of the future. Преземено Декември 2020 од https://core.ac.uk/download/pdf/4899648.pdf
Mars, M., Zarroug, M., i Medak, T. (2015). Javna knjižnica (esej). Преземено Декември 2020 од https://monoskop.org/images/e/ef/Medak_Mars_WHW_eds_Public_Library_Javna_knjiznica.pdf
State Library New South Wales (2009). The Bookends Scenarios: Alternative Futures for the Public Library Network in NSW in 2030. Преземно Декември 2020 од https://www.sl.nsw.gov.au/sites/default/files/bookends_scenarios.pdf
Sullivan, M. (2016). Public Library Facilities for the Future. Преземено Декември 2020 од
https://www.margaretsullivanllc.com/wp-content/uploads/2019/06/MSS-Public-Library-Facilities-for-the-Future.pdf
University of the State of New York (2014). Creating the Future: A 2020 Vision and Plan for Library Service in New York State. Преземено Декември 2020 од https://files.eric.ed.gov/fulltext/ED572830.pdf
Wisconsin Department (2016). Planning for the Library's Future. Преземено Декември 2020 од
https://dpi.wi.gov/sites/default/files/imce/pld/pdf/TE11.pdf

**Abstract**

The purpose of this paper is a brief overview of a vision for the library of the future, given that the library is an important and recognizable system of every culture and civilization, an inseparable part of everyday needs and any form of education, to top scientific achievement. . The more we use them, the more they are needed and irreplaceable. Libraries are a bypass factor for the development and progress of every society, every environment. This society-library paradigm is valid not only globally, but also at lower social levels and environments, communities and institutions, where there is a need for new knowledge and information. And that means practically everywhere.

The fact is that libraries are completely changing their form: from a fortress of knowledge they are gradually growing into an ocean of information. Libraries and librarianships face many problems related to new technology. Of course, all these problems have a series of solutions, but there is no one-size-fits-all solution to all problems. And tomorrow? The dominance of information technology, which is a process and not a subject like a book, is growing. In the new information glaze, continuity of services is foreseen and we can agree on one thing and that is that the world is changing rapidly and our knowledge is growing exponentially, and that is why libraries are very important. They can contribute to social cohesion and increase society's capacity to find answers to new challenges.

The future of the library means that users will use and expect library resources to be available to them in all forms. In order for the library to survive and become an important cultural and educational center of a modern time, it must enable the coexistence of traditional and electronic sources of information.

**Keywords:** the role of the library, a new model, initiating change

Елена Станкоска
НУ библиотека
„Григор Прличев“ – Охрид

# ПОЧЕТОЦИТЕ И ВПЕЧАТОЦИТЕ ОД ВОВЕДУВАЊЕТО НА КОБИСС ВО ОХРИДСКАТА БИБЛИОТЕКА ГРИГОР ПРЛИЧЕВ

**Апстракт**

Денес, во услови на масовно користење на интернетот како средство и алатка за општење и работа меѓу луѓето, се јавува потреба од дигитализација и во библиотеките. Корисниците на услуги во библиотеките имаат најразлична потреба од услугите на библиотеките, па така преку автоматизираното работење на КОБИСС, тие во секое време имаат можност да видат со што располага една библиотека, да пребаруваат публикации, да имаат евиденција за прочитаните книги, за рокот за враќање на позајмените книги, можност за резервација и сл.

Со тоа библиотеките од подзаборавени стануваат повторно актуелни центри на просветата, науката, знаењето, читањето, учењето, што се, пак, столбовите на човековото оформување, отсекогаш, па и сега.

**Клучни зборови:** библиотека, библиотечни услуги, КОБИСС, публикации, зајмување, корисници на услуги.

**Вовед**

Денес, во услови на целосна компјутеризација имаме пристап речиси до сите посакувани книги, преводи на книги, видеоматеријали и сл. Охридската библиотека во март 2020 година го воведе КОБИСС (Кооперативен електронски библиографски систем и сервиси).КОБИСС претставува организациски модел на поврзување на библиотеките во национален библиотечно-информациски систем. Во КОБИСС членуваат повеќе библиотеки од Македонија, но и од Балканот, како Србија, Словенија, Црна Гора, Бугарија, Албанија, Босна и Херцеговина.

Според податоците, во КОБИСС членуваат 77 библиотеки.

Во Охридската библиотека, со примената на платформата КОБИСС ги запознавме пред сè нашите редовни, но и идни корисници на услуги со новиот начин на работа за зајмување книги, условите, рокот за враќање на позајмениот примерок и сл. Со пополнување изјава во која ги пишува сите услови за зајмување граѓа, корисниците стануваат членови во Библиотеката.

По зачленувањето на тие кои оставиле електронска пошта, на неа им стигнува информација преку која се известени дека станале членови на Библиотеката. Понатаму, преку сервисот „Мојот КОБИСС“, читателите можат да имаат пристап до Библиотеката, можат да бараат одреден вид граѓа по нивна желба, имаат можност за резервација на саканата литература, да го продолжат рокот за зајмената граѓа итн.Тие можат да позајмат максимум 3 (три) примерока книги, да ги задржат кај себе најмногу до 10 (десет) работни дена, а при земањето на книгите се плаќа амортизација за нив во износ од 5 (пет) денари по примерок.

За рокот за враќање на позајмената граѓа, читателите ги информираме усно, но на тие кои оставиле електронска пошта, системот автоматски им испраќа пораки, преку кои ги известува за рокот за враќање на позајмениот материјал, им испраќа опомени за неплатени побарувања и сл.

Има такви читатели на кои испраќањето пораки преку кои се информирани за рокот за враќање на библиотечниот материјал или за неплатените побарувања им доаѓаат како еден вид потсетник, но има и такви на кои не им се допаѓа многу испраќањето е-пораки.

Сепак, според досегашното истражување се покажало дека на поголемиот процент читатели не им пречи информирањето преку електронска пошта.

**Предности на КОБИСС**

Во поглед на враќањето на позајмениот материјал мора да се заклучи дека позајмените книги во поголем процент од случаите се враќаат навреме.

Тоа не беше случај претходно кога многу книги останувааа кај читателите, односно тие не ги вратиле поради разни причини: ја загубиле книгата, некој им ја украл на плажа, или едноставно не им е грижа. Со тоа Библиотеката е оштетена и е во минус за одреден број книги.

[1]https://www.cobiss.net/mk/platforma-cobiss.htm

Штетата е уште поголема ако станува збор за книга којашто е во еден примерок, барана белетристика, лектирно издание итн.

**Слабости на КОБИСС**

Од досегашното искуство може да се донесе заклучок дека како една од слабостите на мрежата КОБИСС е плаќањето амортизација за секој примерок поединечно, којшто кај нас изнесува 5 (пет) денари. Имено, има читатели кои не сакаат да платат при секое зајмување или при повторното зајмување на истата граѓа, бидејќи, на пример, не успеале да ја прочитаат, или станува збор за стручна литература којашто корисниците сакаат да ја задржат кај себе подолго време без да платат повторна амортизација.

Следна слабост претставува ограничениот рок за враќање на позајмениот примерок. Бидејќи постои рок за враќање на позајмената граѓа од 10 (десет) работни дена, на корисниците им стигнува електронска информација преку која се известени дека позајмената книга треба да ја вратат во одреден рок.

Слабост постои и кај пребарувањето на граѓата во КОБИСС. Имено, системот бара многу точно и прецизно напишани податоци за авторот на бараното дело или наслов.

Конкретен пример постои кај писателката чие име во оригиналната форма е Diane Chamberlain. Во преводот кај нас понекогаш стои Дајен Чемберлен, а понекогаш Дајен Чемберлејн, односно има разлика за една буква. Кога сакаме да пребараме кои книги ги имаме ние во нашата библиотека од оваа писателка не излегуваат сите, заради грешката во една буква.

Лично сметам дека тоа понекогаш претставува сериозна слабост во пребарувањето на мрежата КОБИСС, односно заради само една буква може да се донесе погрешен заклучок.

За споредба, кај пребарувачот „Гугл", доколку имаме ненамерна грешка тој ни дава резултати од поширок опсег, а кај КОБИСС може да значи и дека ја немаме граѓата само заради грешка во една буква.

Кај слабостите може да го вметнеме и податокот дека нема историја на прочитани книги. Кога одреден член ќе ја врати граѓата понатака не постои податок за бројот и книгите кои истиот ги прочитал.

**Можности на КОБИСС**

Како можност може да се вметне показателот за конкретна граѓа, што подразбира евиденција за секоја книга дали и кај кој корисник е издадена според нејзиниот инвентарен број, знаејќи притоа дека секоја книга има свој т.н. „матичен", односно свој инвентарен број. Со тоа е олеснета и резервацијата на посакуваната книга.

Во случаи кога некој сака да пребарува со што располага една библиотека, или во случаи кога матичната библиотека ја нема бараната публикација, постои можност преку едноставен пристап секој поединец на лесен начин да пребарува која библиотека ја има сакаdebata граѓа во земјава и преку библиотечна размена да стигне до посакуваната публикација. Тука се разбира им излегуваме во пресрет на читателите секогаш преку библиотечната размена.

Пребарувањето е исклучително лесно; потребно е да се избере посакуваната библиотека за пребарување, потоа се пишува авторот доколку ни е познат, па насловот на делото исто така доколку ни е познат, клучни зборови и сл.

Во случај кога не го знаеме точниот наслов на делото, може да се пребарува според писателот; значи во полето кај автор го пишуваме авторот, а полето наслов го оставаме празно, ако не ни е познато. Пребарувањето ќе ни ги покаже сите дела на авторот, вклучувајќи го и бројот на примероци.Ова се однесува и на случаите кога не го знаеме или не сме сигурни за авторот на делото; полето автор го оставаме празно, а во полето наслов го пишуваме насловот на делото. Пребарувањето ќе ни покаже кој е авторот на бараното дело и во колку примероци е тоа во бараната библиотека.

**Опасности на КОБИСС**

Постои опасност од губење членови во библиотеката. Опасноста се состои претежно од ограничениот рок за враќање на позајмената граѓа.

На некои читатели не им е доволен рокот од 10 (десет) работни дена за да ја прочитаат позајмената книга, па мораат да ја зајмат повторно, што подразбира плаќање повторна амортизација, или во краен случај се откажуваат од членството во библиотеката.

Исто така, постојат случаи кога постои опасност корисниците да се откажат од членството во библиотеката заради високиот износ на парични средства којшто треба да го платат заради ненавремено

враќање на позајмениот библиотечен материјал, односно задоцнини.

Обично кај повозрасната читателска популација којашто нема електронска пошта, се случува да задоцнат со враќање на позајмениот материјал, а тоа подразбира плаќање задоцнина, којашто системот автоматски ја пресметува, а кај нас изнесува пет денари на ден по примерок.

Преку СВОТ-анализа табеларно се прикажани предностите, слабостите, можностите како и опасностите од автоматизираното позајмување преку КОБИСС:

| ➢ *Предности:* | ➢ *Слабости:* |
| --- | --- |
| 1. Навремено враќање на позајмениот библиотечен материјал;<br>2. Пребарување на граѓата;<br>3. Евиденција и потсетување преку електронска пошта за рокот за враќање на позајмениот материјал | Ограничен рок за враќање на позајмениот материјал;<br>Бара многу точно и прецизно пишување за пребарување на граѓата, не дозволува печатни грешки;<br>Нема број и историја на прочитаните книги; |
| *Можности:* | ➢ *Опасности:* |
| 1. Резервација на посакуваната библиотечна граѓа;<br>2. Лесен пристап за пребарување;<br>3. Можност за меѓубиблиотечна размена;<br>4. Можност да се презапише истата публикација по желбата и потребата на корисникот | 1. Заради ограничениот рок за враќање на позајмената публикација, постои опасност од откажување т.е. губење на читателот;<br>2. Постои опасност заради ненавремено плаќање, односно заради задоцнини, читателот да се откаже од членството во библиотеката; |

Слика бр. 1. Табеларен приказ на СВОТ-анализа

СВОТ-анализата е алатка за планирање и се користи за проценка на предностите, слабостите, можностите и опасностите.

[2]SWOT: S – strengths ‘предности’; W – weaknesses ‘слабости’; O – opportunities ‘можности’; T – threats ‘опасности’.
[3]http://www.pretpriemac.com/swot-analiza-4-cekori/

Обично, СВОТ-анализата се користи во маркетингот, каде што од внатрешните и надворешните чинители зависи бизнисот, но во овој случај ќе ја искористиме за да ги воочиме предностите, слабостите, можностите и опасностите со кои се соочуваме при секојдневното работење во мрежата КОБИСС.

Целта е да се отстранат сите слабости и опасности.

Слика бр. 2. Графички приказ на СВОТ-анализа

**Заклучок**

Од досегашните искуства може да се заклучи дека автоматизираното зајмување преку КОБИСС во Националната установа библиотека „Григор Прличев“ – Охрид функционира добро, со секојдневно зачленување на нови читатели, секојдневно зајмување публикации во одделот за деца и возрасни, продолжување на рокот за враќање на позајмениот материјал и слично и покрај здравствената криза со ковид-19.

Она во што се јавува проблем е просторот, односно немањето доволно простор за сместување на сите книги, весници, списанија на полиците и тоа што Библиотеката е од затворен тип. Тоа значи дека читателот нема слободен пристап до книгите на полица, туку мора библиотекарот да му ги донесе бараните публикации.

На полиците, пак, публикациите се сместени според УДК – универзалната децимална класификација и според презимето на авторот.

Тука, се разбира, е многу важен односот меѓу библиотекарот и читателот, неговото познавање на книжевностите, писателите и нивните дела. При затворен тип на библиотека, јасно се гледа улогата на библиотекарот како професија, кој има задача да ги задоволи потребите, барањата, желбите и интересите на читателот, кој сè уште не може сам да пребарува на полица, да го задржи како читател и да го привлече повторно да дојде.

**Користена литература:**

1.https://www.cobiss.net/mk/platforma-cobiss.htm
2.http://www.pretpriemac.com/swot-analiza-4-cekori/
3.https://www.mindtools.com/pages/article/newTMC_05.htm

**Abstract**

Today, in conditions of mass use of the Internet as a means and tool for communication and work between people, there is a need for digitalization in libraries. Users of library services have a different need for library services, so through the automated COBISS operation, they have the opportunity at any time to see what a library has, to search for publications, have records of books read, the deadline for return of borrowed books, possibility for reservation, etc. So, the libraries of the forgotten become again relevant centers of education, science, knowledge, reading, learning, which are the pillars that serve as a solid foundation in the construction and shaping of man, always and now.

**Key words:** Library, library services, COBISS, publications, borrowing, service users.

м-р Славица Петровиќ Тодорова
ПОУ „Иднина“ – Скопје

# БИБЛИОТЕКАТА КАКО ДЕЛ ОД ИНКЛУЗИВНАТА СРЕДИНА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

**Апстракт**

Училишната библиотека е значаен сегмент во воспитно-образовниот процес во училиштата, како место за библиотечно-информациски, воспитно-образовни и културни активности со цел кај учениците да се развиваат навики за читање и користење на услугите на библиотеката. Основното образование во нашата држава е институционално, кадровски и содржински организирано така, што ја поддржува инклузијата на сите деца во редовните основни училишта.

Поимот **инклузија** во својата суштина содржи процес на менување, односно промени и тоа е бескраен процес на создавање промени за подобрување на наставата и на вклученоста на сите ученици во наставните активности. **Целта** на овој труд е да даде приказ на потребите на библиотеките во услови на основно училиште со ресурсен центар.

Промените во начинот на работата на библиотеките треба да се промовираат и во самото училиште и во локалната средина за да се привлечат потенцијално нови корисници на нејзините услуги. Промените и промовирањето на работата на библиотеката ќе придонесат за подигнување на нивото на работа на училиштето во согласност со новите тенденции во образованието.

Клучни зборови: инклузија, библиотека, основно училиште, промотивни активности.

**Вовед**

Поимот **инклузија** во својата суштина содржи процес на менување, односно промени, и тоа е бескраен процес на создавање промени за подобрување на наставата и на вклученоста на сите ученици во наставните активности. Честопати овој поим се поистоветува со поимот **интеграција**, па затоа е неопходно да се направи дистинкција меѓу нив. Додека интеграцијата е само физичко преместување на учениците во амбиент на редовно училиште, инклузијата вклучува создавање **услови во физичката средина во училиштето** за активно вклучување на учениците со пречки во развојот. Инклузијата е постмодерен концепт со мрежна структура, со индивидуализиран пристап и идентификација на потребите на поединецот. Развојот на инклузивен приод кон наставата и учењето се темели на почитување на разликите. Тоа вклучува длабоки промени во активностите во училниците, канцеларијата, училишните библиотеки, игралиштата, како и во односите со родителите / старателите.

Според Законот за основно образование од 2020 година: „инклузивното образование вклучува промени и прилагодувања на наставната содржина, пристапот, структурите и стратегиите, за учениците со попреченост, со заедничка визија и убедување дека државата има обврска да обезбеди образование за сите деца“. Во рамките на Законот за основно образование е опфатена и улогата на библиотеките во основните училишта, вклучувајќи ги и посебните основни училишта, односно од учебната 2020/2021 година основни училишта со ресурсен центар. Во член 55 од спометниот закон е предвидено библиотеката да биде достапна и пристапна за сите ученици, вклучително и за учениците со попреченост.

Сето ова бара изнаоѓање нови пристапи кон уредувањето на библиотечниот простор, како и дополнително опремување на библиотечниот фонд со соодветни прирачници за наставниот кадар, но и прирачна литература и едукативен материјал за учениците.

**Улогата на училишната библиотеката**

За да го дефинираме поимот **нова библиотека**, ќе ја разгледаме улогата што ја игра во основните училишта и општеството, воопшто. Библиотеките во основните училишта се особено важни затоа што основното образование е задолжително, па сите деца мора да стапат во контакт со нив и затоа нивната улога во образованието и воспитувањето е од голема важност. И покрај тоа што традиционалната концепција, којашто на образованието гледа како на вештина за запознавање на децата со прифаќањето на нормите на одредена социјална класа, сè уште е присутна, сепак промените во современото општество тргнуваат од принципот на еднаквост, односно еднаква прифатеност на сите деца во училиштата и

правото на секое дете да биде инклузирано, а имајќи предвид дека библиотекарот е дел од стручната служба во основните училишта, со право можеме да кажеме дека библиотеките не се само ризници на книжевноста, туку и директна поддршка на наставниот кадар за изведување на наставниот процес.

До неодамна училишните библиотеки се сметаа за место каде што децата одат да земат или да вратат книга, најчесто училишните лектири. Но улогата на библиотеките е далеку поголема:

– училишната библиотека дава информации за подучувањето и учењето засновани на информации и знаења:

– им овозможува на учениците да ја развиваат љубовта кон читањето, но и да ја развиваат нивната творечка фантазија и да бидат одговорни луѓе;

– им дава помош во воспитно-образовниот систем на сите што учествуваат во него и има големо значење за развивањето на секоја долгорочна стратегија на образованието, за обезбедувањето информации, за културниот развој на училиштето.

Училишната библиотека е неизоставен чинител во создавањето на културата, нејзиното ширење, како и учество во настани од областа на културата. Една од најважните функции на библиотеката е, несомнено, можноста што ја дава за развивање на индивидуалните читачки интереси, и тоа не само на мајчиниот јазик, туку и на јазиците на малцинствата, зашто унапредување на сличностите и прифаќање на различностите, интеркултурноста, мултикултурализмот, интеркултурализмот и мултикултурноста се во основата на работата на библиотеката.

Според Вулс (Wools 1999), училишната библиотека треба да биде обезбедена со:програма за ра бота,простор,вработени,фонд,финанси,промоција на училишната библиотека,соработка,професионал ни здруженија (Kovačević 2004: 136).

**Програма за работа**

Како дел од стручните служби во основните училишта, библиотекарот треба да изработи годишна програма со која ќе ја опфати работата со учениците, наставниците, промотивните активности, соработката со локалната средина и слично, заснована на потребните компетенции на стручниот соработник библиотекар.

**Просторот на училишната библиотека**

За жал, училишните библиотеки сѐ уште не располагаат со доволен простор за уредување во духот на развивање инклузивно образование: просториите за училишната библиотека се најчесто мали, тесни во кои едвај има место за библиотечниот фонд, а не, пак, и за читачки дел.

Промените во техничко-технолошкиот развој условуваат користење на информатичката технологија во сите сфери на општественото живеење, па затоа е од особено значење училишната библиотека да биде опремена и со соодветна компјутерска технологија, за којашто, повторно, потребен е простор.

Во услови на инклузивно образование кога треба да создадеме услови за секој ученик, неопходно е да ги имаме предвид потребите и на децата со пречки во развојот и соодветно да им одговориме на нивните потреби во училиштето воопшто, но и во поглед на физичкиот простор во библиотеката.

Исто така, библиотеката треба да биде место каде што се чуваат нагледните средства што им се потребни на наставниците.

Значи, со позитивните промени во образованието, се менува и функцијата на библиотеките, па тие сѐ повеќе прераснуваат во библиотечен, информативен и мултимедијален центар во којшто се изведуваат низа активности од интерес за учениците, наставниците и пошироката средина. Според тоа, треба да се обезбеди доволно простор во којшто ќе може да се изведуваат низа активности со кои ќе бидат опфатени и учениците и наставниците.

**Вработени**

Како и за секоја друга дејност, потребно е библиотекарот во училишната библиотека да биде стручно лице со завршено соодветно образование за вршење на дејноста. За жал, сѐ уште во училишните библиотеки во основните училишта дејноста ја вршат наставници коишто дополнуваат фонд на часови.

**Фонд**

Според Митриќ, според минималните стандарди за училишните библиотеки, потребно е книжниот фонд на библиотеката да изнесува од 8 до 10 книги по ученик, а секоја година библиотечниот фонд треба да се збогатува со барем една книга по ученик. Ова значи дека библиотечниот фонд секоја

година треба да се зголемува, а тоа бара простор за да се сместат и да се средат новите книги и книжниот материјал.

Од големо значење за училишните библиотеки е да им се овозможи набавка на детски списанија и други дидактички и едукативни материјали – прирачници за децата за да можат да го привлекуваат интересот на децата за посетување на библиотеката.

**Промоција на училишната библиотека**

Од големо значење е отвореноста на училишната библиотека во локалната средина, односно соработката меѓу училишните библиотеки на ниво на општина, па и пошироко. Во основно училиште со ресурсен центар работата на библиотеката треба да се промовира и да биде достапна за сите лица што го посетуваат.

На овој начин доаѓаме до рак-раната на едно општество, а тоа се финансиите. Изведувањето на сите активности, а пред сè на промотивните активности бара финансии.

Еден од начините за обезбедување финансии за библиотеката е изработка на проекти и организирање донаторски акции.

**Улогата на библиотекарот во училишната библиотека**

Библиотекарот има единствена позиција во училиштето. Неговиот ангажман опфаќа работа со ученици, работа со наставници, работа и поддршка на родителите, соработка со локалната и пошироката средина, како и соработка со професионални здруженија. Работата на библиотекарот не се однесува само на собирање и збогатување на библиотечниот фонд, туку бара и следење на издавачката дејност во државата со цел да се обезбеди потребната поддршка на воспитно-образованиот процес и на сите чинители во него.

Поради својата специфичност, работата на библиотекарот мора да ги следи промените во образовниот систем и во областа на библиотекарството, па затоа е неопходно на библиотекарот да му се овозможи следење соодветни обуки и семинари за професионално усовршување.

Посебно е важна улогата на библиотекарот во основното училиште со ресурсен центар. Покрај следењето на промените, новините и унапредувањето на библиотечната дејност, неопходно е и познавање на инклузивните новини и барањата што ги поставуваат инклузивните процеси во училиштата и во општетството воопшто.

**Заклучни согледувања**

Иако библиотекарската професија во рамките на училишните средини не ужива углед и не постои доволно разбирање за библиотекарската работа, сепак ја работат луѓе кои се храбри и упорни, кои и покрај работните услови и пречките на кои наидуваат, се обидуваат да ги извршат своите задачи. Бидејќи многумина библиотекари работат во несоодветни работни услови во училиштата, принудени се самите да изнаоѓаат начини за подобрување на својата работа.

Една современа инклузивна училишна библиотека треба на суптилен начин да ги обединува традицијата и современоста. Потребата за квалитетна училишна библиотека во современото информациско опкружување станува сè позначајна, па нејзината улога и место во образовниот процес се менува. Стремежот кон инклузивно и интегрирано општетсво наложува промена и во начинот на функционирање, но и во начинот на перципирање на училишните библиотеки.

**Користена литература**

1.Закон за основно образование. 2020

2.Јачова, Зора, Стојковска Алексовска Радмила. Улогата на асистивната технологија во процесот на индивидуализација на наставата во инклузивните училишта. „Отворете ги прозорците“, Скопје

3.Основни професионални компетенции и стандарди за стручните работници.

4.Соколовска, Јасминка. Менаџирање на библиотеката во современото училиште (магистерски труд). Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 2011 год.

5.Brown, Karen. Documented library contibutions to student learning and success

6.Kuzmanović, Jelena. Nova uloga biblioteke u osnovnim školama i komunikaciona strategija za njeno promovisanje. Megatrend univerzitet Beograd. 2012.

Списанието финансиски помогнато од Министерството за
културa на Република Северна Македонија